20222363426

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ(*)

Се прогласува Законот за заштита на потрошувачите(*),

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана 3 ноември 2022 година.

Бр. 08-4529/1
3 ноември 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ (*)

Дел први

ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на Законот**

Член 1

Со овој закон се уредуваат правата и обврските на потрошувачите и на трговците во потрошувачките односи, начините и постапките на заштита на правата на потрошувачите, информирањето на потрошувачите, унапредувањето на знаењето на потрошувачите за

---

* Со овој закон се врши усогласување со:
1) Директивата на Советот 85/374/ЕЕЗ од 25 јули 1985 година за приближување на законите и другите прописи на државите-членки за одговорноста за неисправни производи (CELEX бр. 31985L0374);
2) Директивата на Советот 93/13/ЕЕЗ од 5 април 1993 година за нечесните одредби во потрошувачките договори (CELEX бр. 31993L0013);
3) Директивата 98/6/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 16 февруари 1998 година за заштитата на потрошувачите при означувањето на цените на стоките што им се нудат на потрошувачите (CELEX бр.31998L0006);
4) Директивата 1999/34/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 10 мај 1999 година за изменување и дополнување на Директивата на Советот 85/374/ЕЕЗ од 25 јули 1985 година за приближување на законите и другите прописи на државите-членки за одговорноста за неисправни производи (CELEX бр. 31999L0034);
5) Директивата 2005/29/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 11 мај 2005 година за нечесните трговски практики на деловните субјекти кон потрошувачите на внатрешниот пазар и изменување на Директивата 84/450/ЕЕЗ на Советот, Директивите 97/7/ЕЗ, 98/27/ЕЗ и 2002/65/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот и Регулативата (ЕЗ) бр. 2006/2004 на Европскиот парламент и на Советот (CELEX бр. 32005L0029);
6) Директивата 2006/123/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 12 декември 2006 година за услугите на внатрешниот пазар (CELEX бр. 32006L0123);
7) Директивата 2008/122/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 14 јануари 2009 година за заштитата на потрошувачите во поглед на одредени аспекти на договорите за временски поделена употреба на недвижност, за долгорочен производ за одмор, за препродажба и за размена (CELEX бр. 32008L0122);
8) Директивата 2009/22/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 23 април 2009 година за налозите за заштита на интересите на потрошувачите (CELEX бр.32009L0022);
9) Директивата 2011/83/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2011 година за правата на потрошувачите со која се менува Директивата 93/13/ЕЕЗ на Советот и Директивата 1999/44/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот и се укинува Директивата на Советот 85/ 577/ЕЕЗ и Директива 97/7/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот (CELEX бр.32011L0083);
10) Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и за укинување на Директива 1999/93/ЕЗ (CELEX бр.32014R0910);
11) Директивата 2015/2302 на Европскиот парламент и на Советот од 25 ноември 2015 година за патување со пакет аранжмани и поврзани патнички аранжмани, за изменување на Регулативата (ЕЗ) бр. 2006/2004 и Директивата 2011/83/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот и за ставање вон сила на Директивата 90/314/ЕЕЗ на Советот (CELEX бр. 32015L2302);
12) Директивата (ЕУ) 2019/770 на Европскиот парламент и на Советот од 20 мај 2019 година за одредени аспекти поврзани со договори за снабдување на дигитална содржина и дигитални услуги (CELEX бр. 32019L0770);
13) Директивата (ЕУ) 2019/771 на Европскиот парламент и на Советот од 20 мај 2019 година за одредени аспекти кои се однесуваат на договорите за продажба на стоки за изменување на Директивата 2009/22/ЕЗ и за укинување на Директивата 1999/44/ЕЗ (CELEX бр. 32019L0771) и
14) Директивата (ЕУ) 2019/2161 на Европскиот парламент и на Советот од 27 ноември 2019 година за изменување и дополнување на Директивата на Советот 93/13/ЕЕЗ и Директивите 98/6/ЕЗ, 2005/29/ЕЗ и 2011/83/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот во врска со подобро спроведување заштита и модернизација на правилата за заштита на потрошувачите на Унијата (CELEX бр. 32019L2161).

нивните права и начините и постапките на нивна заштита, правата и обврските на здруженијата и сојузите чија област на дејствување е остварувањето на целите на заштита на правата на потрошувачите, правата и обврските на надлежните органи, тела и други носители на заштитата на правата на потрошувачите, како и други прашања од значење за положбата и заштитата на правата на потрошувачите.

**Права на потрошувачите**

Член 2

(1) Потрошувачите ги имаат следниве права:

1) право на задоволување на основните потреби, кое претставува достапност кон основните и нужни стоки и услуги, како храна, облека, обувки, домување, здравствена заштита, образование и хигиена;

2) право на безбедност, кое претставува заштита од стоките и услугите што се штетни за животот, здравјето, имотот или животната средина, како и од стоките чие поседување или употреба се забранети;

3) право на информираност, кое претставува располагање со точни податоци и информации што се неопходни за разумен избор на понудените стоки и услуги, односно за донесување информирана одлука;

4) право на избор, кое претставува можност за избор помеѓу повеќе стоки и услуги според прифатливи цени и со соодветен квалитет;

5) право на учество, кое претставува застапеност на интересите на потрошувачите во процесите на донесување и спроведување на политиките за заштита на потрошувачите, како и на можност на застапеност во процесите на усвојување и спроведување на политиките за заштита на потрошувачите преку здруженијата за заштита на правата на потрошувачите;

6) право на правна заштита, кое претставува заштита на правата на потрошувачите согласно со постапка предвидена со закон и во случај на повреда на неговите права, вклучувајќи го и надоместувањето на штетата причинета на потрошувачот;

7) право на едукација, кое претставува стекнување основни знаења и вештини неопходни за правилен и сигурен избор на стоки и услуги, како и знаења за основните права и обврски на потрошувачите и начините за нивно остварување и

8) право на здрава и одржлива животна средина, кое претставува живот и работа во средина што не е штетна по животот, здравјето и благосостојба на сегашните и идните генерации, како и на навремено и целосно информирање за состојбата на животната средина.

(2) Потрошувачот не може да се откаже од неговите права утврдени со овој закон.

(3) При примена на одредбите на овој закон мора да се земе предвид положбата на потрошувачот како економски послаба страна, а особено положбата на ранливите потрошувачи.

**Дефиниции**

Член 3

Одделни поими и изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) **„Амбалажа“** е надворешната обвивка на стоката со којашто истата се штити од одредени надворешни влијанија при транспорт, ставање во промет, нудење на продажба или продажба (како на пример повратна или неповратна, „еко-“, разградлива и/или неразградлива и слично);

2) **„Гарантен лист“** е трговска гаранциска изјава дадена од страна на трговецот или производителот во која се содржани обврските и условите кои треба да ги исполнуваат трговецот и производителот, двајцата како гаранти кон потрошувачот;

3) **„Деловни простории“** се недвижни малопродажни простории каде што трговецот ја врши својата дејност на континуирана основа, како и подвижни малопродажни простории каде што трговецот ја врши својата дејност на вообичаена основа, а се: дуќаните, штандовите, камионите, без оглед дали дејноста се врши сезонски, како и штандовите на пазарите и саемите и слично;

4) **„Дигитална содржина“** се податоците што се произведени и испорачани во дигитален облик;

5) **„Дигитална услуга“** е:

а) услуга што му овозможува на потрошувачот да креира, обработува, складира или пристапува до податоци во дигитална форма или

б) услуга што овозможува споделување или каква било друга интеракција со податоци во дигитална форма поставени или креирани од потрошувачот или други корисници на таа услуга;

6) **„Дигитална средина“** е хардвер, софтвер и каква било мрежна врска што ја користи потрошувачот за пристап или употреба на дигитална содржина или дигитална услуга;

7) **„Договор вон деловните простории на трговецот“** е договор помеѓу потрошувачот и трговецот:

а) склучен со истовремено физичко присуство на трговецот и потрошувачот во место што не е деловната просторија на трговецот;

б) за којшто понудата за негово склучување е направена од страна на потрошувачот со истовремено физичко присуство на трговецот и потрошувачот во место што не е деловната просторија на трговецот;

в) склучен во деловните простории на трговецот или по пат на средство за комуникација на далечина, а непосредно по личното и поединечно пристапување кон потрошувачот во место што не е деловната просторија на трговецот со истовремено физичко присуство на трговецот и потрошувачот или

г) склучен за време на излет организиран од страна на трговецот со цел или дејство на промоција или продажба на стоки или услуги на потрошувачот;

8) **„Договор за продажба“** е договор со којшто трговецот му пренесува или се обврзува да му пренесе на потрошувачот право на сопственост на определени стоки, а потрошувачот за ова му плаќа или се обврзува да му плати определена цена, вклучувајќи и договор што се однесува и на стоки и на услуги;

9) **„Договор за услуги“** е договор со којшто трговецот му дава или се обврзува да му даде на потрошувачот определена услуга, а потрошувачот за ова му плаќа или се обврзува да му плати определена цена (надоместок), освен договорот за продажба;

10) **„Договор на далечина“** е договор склучен помеѓу потрошувачот и трговецот во рамките на организирана продажба на далечина или на систем за давање услуги, без истовремено физичко присуство на трговецот и потрошувачот, со исклучиво користење на едно или повеќе средства за комуникација на далечина, а сè до времето на склучувањето на договорот и вклучувајќи го и времето на склучување на договорот;

11) **„Договор за временски поделена употреба на недвижност“**, согласно со овој закон е договорот со важење од повеќе од една година со којшто трговецот се обврзува на потрошувачот да му обезбеди право на употреба на едно или повеќе преноќевалишта за сместување, а потрошувачот се обврзува за ова на трговецот да му даде надоместок;

12) **„Договор за долгорочен производ за одмор“**, согласно со овој закон е договорот со важење од повеќе од една година со којшто трговецот се обврзува на потрошувачот првенствено да му обезбеди право на попусти или други користи во поглед на сместување, одвоено или заедно со патничките или други услуги, а потрошувачот се обврзува за ова на трговецот да му даде надоместок;

13) **„Договор за препродажба“**, согласно со овој закон е договорот со којшто трговецот се обврзува на потрошувачот да му обезбеди помош при купувањето или продажбата на временски поделена употреба на недвижност или на долгорочен производ за одмор, а потрошувачот се обврзува за ова на трговецот да му даде надоместок;

14) **„Договор за размена“**, согласно со овој закон е договорот со којшто трговецот се обврзува на потрошувачот да му обезбеди вклучување во систем (шема) на размена во рамките на којашто на потрошувачот му се овозможува пристап до преноќевалиште или други услуги во замена за овозможувањето привремено уживање на правата што за потрошувачот произлегуваат од договор за временски поделена употреба на недвижност со други субјекти, а потрошувачот се обврзува за ова на трговецот да му даде надоместок;

15) **„Единична цена“** е крајната цена за еден килограм, за еден литар, за еден метар, за еден квадратен метар или за еден кубен метар од стоката, како и друга единица за количество што општо и вообичаено се користи во државата при ставањето на одделни стоки на пазарот, вклучувајќи ги и данокот на додадена вредност и сите други јавни давачки;

16) „**Цена за дигитална содржина или дигитална услуга“** се пари или дигитален приказ на вредност што се должи во замена за снабдување со дигитална содржина или дигитална услуга;

17) **„Заедничка понуда”** е понудата која се дава кога набавката на стоките или услугите е зависна или е во врска со набавката на некоја друга стока и/или услуга;

18) **„Значително нарушување на пазарното однесување на просечниот потрошувач“** е употребата на трговската практика со цел значително да се оневозможи способноста на потрошувачот да донесе информирана одлука, предизвикувајќи на тој начин потрошувачот да донесе пазарна одлука што инаку не би ја донел;

19) **„Интеграција“** е поврзување и вградување на дигитална содржина или дигитална услуга со компонентите на дигиталната средина на потрошувачот со цел дигиталната содржина или дигиталната услуга да се користат во согласност со барањата за сообразност согласно со овој закон;

20) **„Интероперабилност“** е способност на дигиталната содржина или дигиталната услуга да функционира со хардвер или софтвер различен од оној со кој дигиталната содржина или дигиталните услуги од ист тип се користат вообичаено;

21) **„Јавна аукција“** е начинот на продажба каде што трговецот им ги нуди стоките или услугите на потрошувачите кои присуствуваат или ја имаат можноста од лично присуство на истата, а преку транспарентно и натпреварувачко наддавање што го води аукционер, при што успешниот наддавач е обврзан да ги купи стоките или услугите;

22) **„Јавни услуги“** се услугите што се однесуваат на снабдувањето со вода, електричната енергија, гас и подрачно греење преку соодветна дистрибутивна мрежа, снабдувањето со гас при јавна услуга и со електрична енергија при универзална услуга, давањето јавни електронски комуникациски услуги вклучувајќи ја и универзалната услуга, услуги на одвод на отпадни води, услуги на однесување отпад и одржување јавната чистота, оџачарски услуги, поштенски услуги, услуги за превоз на патници во јавниот превоз, паркинг услуги на јавни паркиралишта, услуги на управување со станбените згради од страна на управител, како и други услуги од економски карактер определени со пропис како јавни, односно како услуги од јавен интерес;

23) **„Кодекс на однесување“** е спогодба или збир од правила што не се наметнати со пропис и со коишто се уредува однесувањето на трговците кои се согласиле да бидат обврзани со кодексот во однос на една или повеќе одредени трговски практики или пак на деловни сектори;

24) **„Колективни интереси и права на потрошувачите“** се интереси и права на потрошувачите коишто претставуваат едноставен збир на поединечните интереси и права на лицата чиишто интереси и права се повредени (т.н. групни интереси и права);

25) **„Компатибилност“** е способност на дигиталната содржина или дигиталната услуга да функционира со хардвер или софтвер со кои вообичаено се користат дигитални содржини или дигитални услуги од ист тип, без потреба од конвертирање на дигиталната содржина или дигиталната услуга;

26) **„Лични податоци“** се лични податоци како што се дефинирани во прописите за заштита на личните податоци;

27) **„Онлајн продажен простор“** е услуга која што користи софтвер, вклучувајќи и веб-страница или дел од веб-страница или апликација, управувана од страна на трговецот или од него определено лице којашто им овозможува на потрошувачите да склучуваат договори на далечина со други трговци или потрошувачи;

28) **„Органи за надзор на пазарот“** се Државниот пазарен инспекторат, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Државен инспекторат за труд, Државен инспекторат за техничка инспекција, Државен инспекторат за животна средина и други органи на државната управа или инспектори кои вршат надзор на пазарот во согласно со закон, како и други органи и организации и независни регулаторни тела што вршат надзор на пазарот;

29) **„Организатор на онлајн продажен простор“** е трговец кој обезбедува онлајн продажен простор на потрошувачите;

30) **„Носител на кодекс на однесување“** е субјект или тело, вклучувајќи го трговецот или групата трговци, кој е одговорен за составување и ревидирање на кодексот на однесување и/или за следење на почитувањето на кодексот од оние кои се согласиле да бидат обврзани со кодексот;

31) **„Овластени тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите”** се здруженија, фондации, установи или други организации кои се основани согласно со закон, кои во рамките на својата регистрирана дејност се занимаваат со заштита на правата на потрошувачите и имаат овластување за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите согласно со овој закон, при што можат да поведат постапка за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите против физичко или правно лице кое со вршење на одредена дејност или воопшто со постапување или пропуштање потешко ги повредува или сериозно ги загрозува колективни интереси и права на потрошувачите;

32) **„Пазарна одлука“** е одлука донесена од страна на потрошувачот за тоа дали, како и под какви услови ќе ја купи стоката, дали ќе ја плати цената за истата целосно или делумно, дали стоката ќе ја задржи или со истата ќе располага, дали ќе врши одредено договорно право во однос на стоката, како и дали ќе одлучи да дејствува или ќе се воздржи од преземање соодветни дејствија;

33) **„Повик за купување“** е трговското соопштување во коешто се наведени белезите на стоката и цената, на начин што е соодветен на употребените средства за трговското соопштување и оттаму на потрошувачот му се овозможува да изврши купување;

34) **„Потрошувач“** е секое физичко лице кое набавува стоки или користи услуги за целите што не спаѓаат во рамките на неговата трговска, деловна, занаетчиска или професионална дејност;

35) **„Потрошувачки договор“** е договорен потрошувачки однос склучен помеѓу потрошувач и трговец;

36) **„Потрошувачки однос“** е секој граѓанско-правен однос чиишто страни се потрошувач и трговец, вклучувајќи ги и договорните односи со двојна цел, односно договорните односи склучени делумно и во трговски цели, а кога трговските цели се толку ограничени што во целокупниот контекст на договорниот однос не преовладуваат;

37) **„Потрошувачкиот приговор“** е секоја претставка или поплака со којашто потрошувачот пријавува повреда на правата што ги има врз основа на овој закон, на друг пропис или на договор, кој го доставува до трговецот;

38) **„Прекумерно влијание“** е искористувањето на позицијата на надмоќ во однос на потрошувачот така што се употребува притисок, дури и без користење физичка сила или закана за нејзино користење, на начин што се ограничува можноста на потрошувачот да донесе информирана одлука;

39) **„Продажна цена“** е крајната цена за единица на некоја стока или пак за дадена количина на стоката, вклучувајќи ги и данокот на додадена вредност и сите други јавни давачки;

40) **„Продажни поттикнувања“** се посебните облици на ставање во промет, кога стоките или услугите се нудат под поповолни услови во однос на претходното или редовното нудење, односно по намалени цени или други ценовни погодности, со посебни услови на продажба, испорака или други погодности, со ветување награда или учество во наградна игра, со придружни подароци, како и со кои било други погодности;

41) **„Професионално внимание“** е вниманието на добар стручњак, како стандард на посебни вештини и грижа што може разумно да се очекува од трговецот во потрошувачките односи, соодветно на чесните пазарни практики и/или на начелото на совесност и чесност во соодветното поле на делување на трговецот;

42) **„Производ“** е стока или предмет без оглед на степенот на нивната обработка, наменети за понуда на потрошувачите;

43) **„Производител“** е физичко или правно лице кое изработило готов производ, физичко или правно лице кое произвело потрошувачка стока, субјектот кој ја увезол потрошувачката стока на територијата на Република Северна Македонија, како и лице кое, обележувајќи го производот со своето име, фирма, назив, трговска марка или друг знак за разликување на производот, се претставува како производител;

44) **„Рангирање“** е релативното позиционирање што се дава на производите како што е прикажано, организирано или соопштено од трговецот, без оглед на технолошките средства коишто се користат за таквото прикажување, организирање или соопштување;

45) **„Ранлив потрошувач“** е потрошувачот кој поради својата економска или општествена положба, условите на живот, посебните потреби или другите тешки лични и семејни прилики набавува стоки или услуги под особено отежнати услови или пак е оневозможен истите да ги набави, како и потрошувачот кој поради телесни или душевни мани, старост или лековерност се однесува на начин што трговецот можел разумно да го предвиди;

46) **„Регулирана професија“** е професионалната дејност или група на професионални дејности каде пристапот до истите, нивното вршење или начините на нивно вршење се непосредно или посредно условени со поседувањето посебни професионални квалификации;

47) **„Спореден договор“** е договорот со којшто трговецот се обврзува на потрошувачот да му обезбеди стоки или услуги поврзани со договор за временски поделена употреба на недвижност, со договор за долгорочен производ за одмор, со договор на далечина или со договор вон деловните простории на трговецот што на потрошувачот му ги испорачува или врши самиот трговец или пак некој трет субјект, а врз основа на посебна спогодба помеѓу овој трет субјект и трговецот;

48) **„Стока“** е секој опиплив подвижен предмет, со исклучок на стоките што се продаваат во постапка за извршување или поинаку според овластување утврдено со закон, како и водата, гасот и електричната енергија што се нудат за продажба во точно определен волумен или количество;

49) **„Стока во рефусна состојба“** е стока што не е претходно спакувана и што се мери во присуство на потрошувачот;

50) **„Стока со дигитални елементи“** е секој опиплив подвижен предмет што вклучува или е меѓусебно поврзан со дигитална содржина или дигитална услуга на таков начин што отсуството на таа дигитална содржина или дигитална услуга ќе спречи стоката да ги извршува своите функции;

51) **„Стока изработена според спецификација на потрошувачот“** е стока што не е готова туку е изработена согласно со поединечниот избор или одлука на потрошувачот;

52) **„Траен носач“** е средство што на потрошувачот или на трговецот му овозможува чување на информациите што му се пратени лично, на начин што до истите може подоцна да се пристапи за временскиот период соодветен на целите за коишто информациите се наменети и што дозволува неизменето умножување на информациите што се чуваат;

53) **„Трговец“** е физичко или правно лице кое снабдува стоки или дава услуги, односно истите ги нуди, вклучително и преку други субјекти кои дејствуваат во негово име или за негова сметка, за целите на неговата трговска, деловна, занаетчиска или професионална дејност, без оглед дали е во јавна или во приватна сопственост;

54) **„Трговска гаранција“** е обврска со којашто трговецот или производителот, двајцата како гаранти кон потрошувачот, покрај одговорноста на трговецот во врска со трговската гаранција за сообразноста на стоките во смисла на применливите прописи за сообразност на потрошувачката стока, се обврзуваат на потрошувачот да му ја вратат платената цена или да ја заменат, поправат или сервисираат стоката на кој било начин, а кога стоката не одговара на спецификацијата или кои било други барања што не се однесуваат на сообразноста, а се утврдени во гарантниот лист или во соодветното поврзано огласување достапно пред или во моментот на склучување на договорот;

55) **„Трговска практика“** е сторување, несторување, тек или начин на дејствие или застапување, како и трговско соопштение, вклучувајќи ги и огласувањето и ставањето на стоките во промет, од страна на трговецот, што се непосредно поврзани со промоцијата, продажбата или снабдувањето на стоки на потрошувачите;

56) **„Трајност“** е способноста на производот да ги одржува своите потребни функции и перформанси преку нормална употреба;

57) **„Услуга“** е вршењето на дејност што е наменета за понуда на потрошувачите;

58) **„Финансиска услуга“** е услуга што има природа на банкарска, кредитна или осигурителна услуга, како и на услуга на лична пензија, вложување или плаќање и

59) **„Функционалност“** е способност на стоката, односно на дигиталната содржина или дигиталната услуга да ги извршува своите функции имајќи ја предвид нејзината намена.

**Примена на овој закон и однос спрема другите закони**

Член 4

(1) Примената на одредбите од овој закон не влијае на правата кои потрошувачите ги имаат врз основа на други закони.

(2) Секоја договорна одредба или спогодба со којашто се исклучуваат или се намалуваат правата на потрошувачот утврдени со овој закон или со којашто потрошувачот од истите се откажува е ништовна.

(3) Ако со овој закон поинаку не е уредено, на потрошувачките односи ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

(4) Ако со овој закон поинаку не е уредено, во постапката за инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор.

**Примена на меѓународни прописи**

Член 5

Одредбите на меѓународните спогодби и договори за заштита на потрошувачите кои ги ратификувала Република Северна Македонија непосредно ќе се применуваат во случаи кога даваат поголема заштита на потрошувачите.

Дел втори
ПОСТАПУВАЊЕ НА ТРГОВЦИТЕ ВО ПОТРОШУВАЧКИТЕ ОДНОСИ

Глава 1
ОПШТИ ОБВРСКИ НА ТРГОВЦИТЕ ВО ПОТРОШУВАЧКИТЕ ОДНОСИ

Поглавје 1
ОБВРСКИ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ И ДРУГИ ОБВРСКИ НА ТРГОВЦИТЕ ВО ПОТРОШУВАЧКИТЕ ОДНОСИ

**Општа обврска за информирање на потрошувачите**

Член 6

(1) Трговецот е должен на потрошувачот да му ги даде, на јасен, видлив и читлив начин, а преку амбалажа, приврзок, налепница, упатство, декларација, изјава, сертификат и/или на друг соодветен документ, најмалку следниве точни, целосни и корисни информации за:

1) белезите, квалитетот, начин на употреба и функционалноста на стоките или услугите;

2) влијанието на одредени стоки или услуги врз животната средина и животот, здравјето и благосостојбата на луѓето, како и за мерките за заштита, согласно со важечките прописи и стандарди и

3) името или називот, географската адреса и другите податоци значајни за определување на идентитетот на трговецот.

(2) Трговецот е должен информациите од ставот (1) на овој член на потрошувачот да му ги даде напишани на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на територијата на Република Северна Македонија и неговото писмо, што не ја исклучува можноста од истовремена употреба и на други јазици, како и на знаци или пиктограми што се лесно разбирливи за потрошувачот.

(3) Во случај на сомневање дали трговецот постапил согласно со ставовите (1) и (2) на овој член, докажувањето е на товар на трговецот.

(4) Трговецот може да го извести, лично или по писмен пат, со користење на сите расположливи средства за комуникација, потрошувачот или потенцијалниот потрошувач кој изразил интерес за купување на производ, за главните карактеристики на производот, начинот на употреба и одржување, технолошките унапредувања и/или карактеристиките на идните верзии на производот.

(5) За да ги информира потрошувачите за главните карактеристики на производот и во согласност со неговата деловна политика или трговска пракса, трговецот може:

- да го демонстрира користењето на производот на продажното место и/или
- да го предаде производот на заинтересираниот потрошувач заради бесплатна проба, тестирање или други форми на аранжмани за проба пред купување, под услов потрошувачот да биде запознаен однапред со условите на таквиот аранжман.

(6) Одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член не ги исклучуваат обврските за означување на стоки или услуги одредени со посебни прописи.

**Обврска на трговецот за истакнување на услови за продажба на стоки и за давање услуги**

Член 7

(1) Трговецот е должен јасно, видливо и читливо да ги истакне општите услови за продажба на стоки и за давање услуги во неговите деловни простории.

(2) Посебните услови за продажба на стоки и за давање услуги, трговецот е должен јасно, видливо и читливо да ги истакне на начин што потрошувачот ќе може лесно да воочи дека се однесуваат само на одредени стоки или услуги.

(3) Кога посебните услови за продажба на стоки и за давање услуги се однесуваат на одделни групи потрошувачи, трговецот е должен истите јасно, видливо и читливо да ги истакне на начин што потрошувачот ќе може лесно да воочи дека се однесуваат само на одделни групи потрошувачи.

(4) Кога посебните услови за продажба на стоки и за давање услуги се однесуваат на начините и средствата за плаќање, трговецот е должен истите јасно, видливо и читливо да ги истакне на начин што потрошувачот ќе може лесно да ги воочи и идентификува расположливите начини и средства за плаќање.

**Амбалажа**

Член 8

(1) Трговецот е должен стоките да ги става во промет во амбалажа што е соодветна на обликот, големината, обемот, количината и својствата на стоките, на начин што не може да создаде забуна кај потрошувачот за некој од овие белези на стоката.

(2) Амбалажата не смее да биде штетна по животот, здравјето и благосостојбата на луѓето.

(3) Кога стоките се во рефусна состојба, трговецот е должен на потрошувачот да му обезбеди нивно пакување во соодветна амбалажа.

(4) Во случаите од ставот (3) на овој член, потрошувачот не е обврзан да ја плати цената на амбалажата, освен кога ова не му е изречно претходно нагласено или е јасно, видливо и читливо означено во деловните простории на трговецот.

(5) Во случаите кога стоката, на барање на потрошувачот, се завиткува или пакува на посебен начин, вклучувајќи и посебни украсувања, потрошувачот не е обврзан да ја плати цената за ова, освен кога ова не му е изрично претходно нагласено или е јасно, видливо и читливо означено во деловните простории на трговецот.

(6) На барање на потрошувачот, трговецот е должен да ја задржи амбалажата.

(7) Трговецот е должен кауцијата за амбалажа да ја врати при враќање на амбалажата со приложена сметка со која ја купил стоката и ја платил кауцијата.

**Забрана на условени продажби и давања услуги**

Член 9

(1) Забрането е трговецот да ги условува потрошувачите при продажбата на стоки или давањето услуги, со набавка на кои било други стоки и/или услуги од него или од трет субјект.

(2) Секоја спогодба спротивна на забраната од ставот (1) на овој член е ништовна.

(3) Одредбите од ставот (1) на овој член не се однесуваат на определувањето на максимален број на стоки од ист вид набавени од страна на потрошувачот при потрошувачки односи.

**Замена со друга стока**

Член 10

(1) Трговецот има обврска на барање на потрошувачот кој кај него има купено стока, а што не е соодветна во однос на формата, големината, моделот, бојата, бројот или од други причини, истата да ја замени со стока што има соодветен квалитет, освен во случај на стока изработена по нарачка од потрошувачот.

(2) Трговецот е должен да изврши замена на стоката од ставот (1) на овој член, во рок од 15 дена сметано од денот кога стоката му е предадена на потрошувачот.

(3) Замената на стоката со соодветен квалитет се врши ако стоката не била употребувана, ако се сочувани нејзините изглед, употребни својства, пломби и фабрички означувања, како и сметката што на потрошувачот му била издадена заедно со стоката.

(4) Ако во моментот на поднесувањето на барањето од страна на потрошувачот трговецот нема соодветна стока, во смисла на стока што ќе одговара на неговите потреби, потрошувачот има право, по свој избор да бара:

1) да го раскине договорот и да бара враќање на платениот износ или

2) да ја замени стоката со друга соодветна стока кога трговецот ќе располага со таква стока.

(5) Трговецот е должен да го извести потрошувачот кој барал замена на стоката дека располага со таква стока во рок што не може да биде подолг од 30 дена од денот на приемот на барањето за замена на стоката.

Поглавје 2

ОБВРСКИ НА ТРГОВЦИТЕ ПРИ ОЗНАЧУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ

**Општа одредба за означување на цените**

Член 11

(1) Трговецот е должен да ги означи стоките со продажната и единичната цена за стоките, на недвосмислен, видлив, читлив и јасен начин, а со цел за подобра информираност на потрошувачот и за олеснување на споредливоста на цените.

(2) Трговецот е должен да ги означи цените на услугите на начин на којшто се означуваат цените на стоките согласно со ставот (1) на овој член, со соодветни прилагодувања.

**Валута на цената**

Член 12

Цената на стоките и услугите мора да биде означена во денари, освен ако со друг закон поинаку не е определено.

**Начини на означување на цената**

Член 13

(1) Продажната, односно единичната цена мора да биде означена на самата стока, односно на нејзината амбалажа, кога тоа е возможно.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член дозволено е продажната, односно единичната цена да биде означена под, над или покрај местото каде што стоката е изложена, со јасно, видливо и читливо упатување на соодветната стока, а на начин што не предизвикува забуна кај потрошувачот за тоа на која стока се однесува соодветната цена.

(3) Трговецот е должен да ја означи цената на начин на којшто стоката и нејзините означувања не се оштетуваат.

(4) Трговецот е должен да се придржува на означените продажни, односно единични цени.

(5) Кога стоката се става во промет при што се врши намалување на цената, трговецот може соодветната стока да ја означи со најмногу две цени со наведување на новата цена покрај видливо прецртаната претходна цена.

(6) Кога во деловните простории на трговецот се врши и продажба на мало, покрај продажбата на големо, трговецот е должен на недвосмислен, видлив, читлив и јасен начин да ја означи прво малопродажната цена, а потоа и големопродажната цена на стоките.

**Означување на цената со ценовници и тарифници**

Член 14

(1) Покрај начинот на означувањето на цените определен со членот 13 од овој закон, дозволено е означувањето на цените да се врши и по пат на ценовници или тарифници.

(2) Кога означувањето на цените на услугите се врши само по пат на ценовници или тарифници, истото мора да биде на недвосмислен, видлив, читлив и јасен начин.

(3) На барање на потрошувачот, трговецот е должен да му ги стави ценовниците или тарифниците на располагање.

**Видови на означување на цената**

Член 15

(1) Единичната цена мора да биде означена и кога стоките се продаваат како единствен производ или поединечно како дел од единствениот производ.

(2) Не е потребно да се означува единичната цена кога е иста со продажната цена.

(3) Кога согласно со посебните прописи е потребно да се означат нето масата и нето масата на сува материја за одредени претходно пакувани стоки, доволно е да се означи единичната цена за нето маса на сува материја.

(4) Кај стоките во рефусна состојба се означува само единичната цена.

**Соодветна примена за целите на огласување**

Член 16

(1) Одредбите од членовите 11, 12, 13, 14 и 15 од овој закон се применуваат и при огласувањето на стоките.

(2) Кога при огласувањето на стоките се наведува продажната цена на стоките мора да се наведе и нивната единична цена.

(3) Одредбата од ставот (2) на овој член се однесува и кога се применува единица време за извршена услуга.

**Исклучоци**

Член 17

(1) Обврската на трговецот за означување на цените, согласно со членовите 11, 12, 13, 14 и 15 од овој закон, не се применува во случаите кога при вршење на одредена услуга потрошувачот набавува определена стока, во случаите на аукциска продажба, како и во случаите на продажба на уметнички дела и антиквитети.

(2) Трговецот не е обврзан да ја означи стоката со единична цена за стоките кај кои ваквото означување не е корисно со оглед на природата или намената на стоката или кога ова би можело да предизвика забуна кај потрошувачот.

(3) Листата на стоки за кои не е потребно означување на единичната цена согласно со ставот (2) на овој член, како и Листата на непрехранбени стоки или нивни категории на коишто, независно од ставот (2) на овој член, трговецот е должен да ја означи единичната цена ги пропишува министерот за економија.

Поглавје 3
ОБВРСКИ НА ТРГОВЦИТЕ ПРИ ПРОДАЖНИ ПОТТИКНУВАЊА

Оддел 1
ОПШТИ ОДРЕДБИ ЗА ПРОДАЖНИ ПОТТИКНУВАЊА

**Услови на продажните поттикнувања**

Член 18

Трговецот е должен да ги спроведува продажните поттикнувања на стоките и услугите така што истите:

1) да бидат со рок на важење и зачестеност, согласно со овој закон, а во однос на редовната понуда на трговецот и

2) да се однесуваат на количината на стоки или на достапноста на услуги што се доволни да се задоволат потребите на поголем број потрошувачи.

**Обврска за информирање при продажно поттикнување**

Член 19

(1) Трговецот е должен при спроведување на продажно поттикнување на стоките и услугите да ги наведе следниве информации:

1) одредување на видот и начинот на поттикнување;

2) прецизно и јасно определување на стоките или услугите на коишто се однесува;

3) рокот на траење на поттикнувањето, со означување на датумот на негов почеток;

4) сите евентуални посебни услови поврзани со остварувањето на правата што произлегуваат од поттикнувањето и

5) кога е применливо, вкупните трошоци поврзани со добивањето или преземањето на стоката, вклучувајќи ја испораката, како и напомена на трошоците и другите надоместоци што се на товар на потрошувачот.

(2) Во случаите кога продажното поттикнување се однесува на намалување на цената или на друг облик на ценовна погодност, продажното поттикнување мора, покрај информациите од ставот (1) на овој член, да содржи и информации за споредување, односно прикажување на продажната цена, односно единична цена во однос на претходната продажна цена, односно претходната единична цена.

(3) Во случаите кога продажното поттикнување се однесува на намалување на цената или на друг облик на ценовна погодност, трговецот може соодветната стока да ја означи со најмногу две цени, со наведување на новата цена покрај видливо прецртаната претходна цена.

(4) Трговецот е должен при издавање на ваучери, купони и друг продажен документ, покрај податоците од ставот (1) на овој член во истите да наведе и информации за нивниот издавач, како и за паричната вредност или за висината на намалувањето.

## Оддел 2
## ПОСЕБНИ ОБЛИЦИ НА СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ

### **Општи одредби**

Член 20

(1) Како посебни облици на ставање во промет се сметаат случаите на продажни поттикнувања кога стоките или услугите се ставаат во промет со цени што се пониски од цените по кои што соодветните стоки или услуги редовно се ставаат во промет.

(2) Посебни облици на ставање во промет согласно со ставот (1) на овој член се: распродажбата, акциската продажба (акција), промотивната продажба (промоција), сезонското намалување, ставањето во промет на стоки со недостаток или грешка и ставањето во промет на стоки на коишто им изминува рокот на употреба.

(3) Трговецот е должен при спроведувањето на посебните облици на ставање во промет на стоките или услугите со цени што се пониски од цените по кои што соодветните стоки и услуги редовно се ставаат во промет, посебните облици да ги означува со називите наведени во ставот (2) на овој член.

### **Начини на означување на цените**

Член 21

(1) Трговецот е должен стоките или услугите да ги означи со претходна продажната цена и со намалената продажна цена за време на целото траење на посебниот облик на ставање во промет согласно со членот 20 став (2) од овој закон.

(2) Кога трговецот спроведува посебни облици на ставање во промет што се последователни, секој нареден посебен облик на ставање во промет се смета за самостоен.

(3) При спроведувањето на посебните облици на ставање во промет, дозволено е намалувањето на цените да се врши само на некој од следниве начини:

1) со означување на новата цена покрај прецртаната, но сè уште видлива, претходна продажна цена;

2) со означување на новата и претходната продажна цена со зборовите: „нова цена“ и „стара цена“, соодветно или

3) со наведување на процентот на намалување на цената, а при истовремено означување на новата цена покрај прецртаната, но сè уште видлива, претходна цена.

(4) Како претходна продажна цена се смета најниската цена што трговецот ја означувал најмалку 30 дена пред започнувањето на означувањето на посебниот облик на ставање во промет.

(5) Одредбите од ставот (4) на овој член не се однесуваат на случаите кога трговецот за време на важењето на посебниот облик на ставање во промет ќе добие нова испорака на стоки што се веќе опфатени со посебниот облик на ставање во промет.

(6) Трговецот е должен, пред почетокот на спроведувањето на посебниот облик на ставање во промет, да изврши евидентирање на претходната продажна цена и на намалената цена, согласно со Законот за трговија.

(7) Одредбите од овој член не се применуваат на договорите на далечина и на договорите вон деловните простории на трговецот, како и во случаите кога посебниот облик на ставање во промет трае помалку од три дена.

**Обврски во поглед на стоките или услугите**

Член 22

(1) При спроведувањето на посебните облици на ставање во промет, трговецот е должен физички да ги одвои стоките опфатени со некој од посебните облици на ставање во промет, освен во случаите кога трговецот извршил јасно означување на стоките опфатени со некој од посебните облици на ставање во промет.

(2) Трговецот е должен, при посебните облици на ставање во промет, јасно, видливо и читливо да истакне за кој посебен облик на ставање во промет се работи.

(3) Одредбата од ставот (1) на овој член не се применува кога посебниот облик на ставање во промет се однесува на целиот асортиман на стоките или услугите што ги нуди трговецот.

**Распродажба**

Член 23

(1) Распродажбата, како посебен облик на ставање во промет на стоките или услугите, е дозволена само во некој од следниве случаи:

1) престанување на работењето на трговецот;

2) престанување на работењето на трговецот во неговите дотогашни деловни простории;

3) престанување на ставањето во промет на одредени стоки или услуги од предметот на работење на трговецот или

4) при вршење сложени градежни зафати во или на деловните простории на трговецот.

(2) Распродажбата од ставот (1) точки 2) и 3) на овој член е дозволена само под услов трговецот да не продолжи со нудење на стоките или услугите во неговите дотогашни деловни простории, односно со ставање во промет на одредените стоки или услуги во рок не пократок од шест месеци од денот на завршувањето на распродажбата.

**Акциска продажба (акција)**

Член 24

(1) Акциската продажба (акција), како посебен облик на ставање во промет на ограничен број стоки или услуги, во однос на сите стоки или услуги што ги нуди трговецот, се спроведува во рок на траење не подолг од 30 дена.

(2) Стоките или услугите ставени на акциска продажба мораат да бидат јасно, видливо и читливо означени со зборовите: „акција“ или „акциска продажба“.

(3) При огласувањето на акциската продажба, трговецот е должен да го наведе нејзиното траење.

**Промотивна продажба (промоција)**

Член 25

(1) Промотивната продажба (промоција), како посебен облик на ставање во промет на ограничен број нови стоки или услуги, во однос на сите постојни стоки или услуги што ги нуди трговецот се спроведува во рок на траење не подолг од осум дена.

(2) Стоките или услугите ставени на промотивна продажба мораат да бидат јасно, видливо и читливо означени со зборовите: „промоција“ или „промотивна продажба“.

(3) При огласувањето на промотивната продажба, трговецот е должен да го наведе нејзиното траење.

**Сезонско намалување**

Член 26

Сезонското намалување, како посебен облик на ставање во промет на стоките или услугите, се спроведува по завршувањето на соодветната сезона, во следниве периоди:

1) летно сезонско намалување во периодот помеѓу 25 август и 25 септември во тековната година и

2) зимско сезонско намалување во периодот помеѓу 25 декември од тековната и 25 јануари од наредната година.

**Ставање во промет на стоки со недостаток или грешка**

Член 27

(1) Кога трговецот става во промет стоки со недостаток или грешка, е должен истите физички да ги одвои од останатите стоки, како и јасно, видливо и читливо да ги означи како стоки со недостаток или грешка.

(2) Кога природата на стоките ова го налага, трговецот должен е јасно, видливо и читливо да ги означи и видот и природата на недостатокот или грешката.

**Ставање во промет на стоки на коишто им изминува рокот на употреба**

Член 28

Трговецот е должен при ставање во промет на стоки на коишто им изминува рокот на употреба физички да ги одвои овие стоки, како и јасно, видливо и читливо да ги означи дека на истите им изминува рокот на употреба, при што на истите се применуваат прописите што се однесуваат на означувањето на роковите на употреба.

## Поглавје 4

## ОБВРСКИ НА ТРГОВЦИТЕ ПРИ ЗАЕДНИЧКИ ПОНУДИ НА СТОКИ ИЛИ УСЛУГИ

### Услови за дозволеност на заедничката понуда

Член 29

Заедничката понуда е дозволена доколку:

1) секоја од стоките или услугите можат одделно да се набават по нивната редовна цена во истите деловни простории на трговецот и

2) потрошувачот јасно е информиран за можноста од одделна набавка и за редовната цена на секоја од стоките или услугите.

### Други заеднички понуди

Член 30

Дозволено е бесплатно, заедно со некоја друга стока или услуга, да се нудат:

1) стоки помошни, споредни или придружни на главната стока, а што се посебно прилагодени за оваа стока од страна на нејзиниот производител и што се испорачуваат истовремено и заедно со главната стока за целите на проширување или подобрување на употребата на главната стока;

2) пакувања, обвивки или контејнери што се користат за заштита и пакување на стоката, имајќи ги предвид нивните природа и вредност;

3) ситни подароци или мали услуги што се сметаат за вообичаени во трговската практика, како и испораката, поставувањето, монтажата, склопувањето, составувањето, контролата и одржувањето на стоките што се ставаат во промет;

4) мостри и примероци обезбедени од страна на производителот или продавачот на големо на главната стока, под услов истите да се нудат во количина, обем или мерка што исклучително се суштествени за процена на својствата или квалитетот на главната стока и

5) разни ваучери, купони, картички или друг продажен документ од страна на трговецот за намалувања на цените или други ценовни погодности.

## Поглавје 5

## ОБВРСКИ НА ТРГОВЕЦОТ ВО ПОГЛЕД НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА НАЧИНИТЕ НА ПЛАЌАЊЕТО, СМЕТКАТА И ДРУГИ ОБВРСКИ ПРИ ПЛАЌАЊЕ

### Обврска за известување за начините и средствата за плаќање

Член 31

Трговецот е должен да го извести потрошувачот, пред истиот да стане обврзан во потрошувачкиот однос, за расположливите начини и средства за плаќање.

### Сметка

Член 32

(1) Трговецот мора за продадениот производ, односно извршената услуга на потрошувачот да му издаде фискална сметка, односно јасно видлива и читливо напишана сметкопотврда или фактура, доколку со друг пропис поинаку не е определено.

(2) Трговецот мора на потрошувачот да му овозможи проверка на точноста на пресметаниот износ по однос на квалитетот и количината на купениот производ, односно извршената услуга.

(3) За издавање на сметката од ставот (1) на овој член не е дозволено дополнително да се наплатува.

**Посебни одредби за наплата на поправка и/или одржување на стоките и дополнителните плаќања**

Член 33

(1) За извршените услуги на поправка и/или одржување на стоките чијашто вредност е повисока од 5.000 денари, трговецот е должен на потрошувачот да му достави понуда во пишана форма, на хартија или на друг траен носач, со опис на работите, потребните материјали и делови.

(2) Кога во текот на поправката и/или одржувањето на стоките ќе се појави потреба за дополнителни работи, потребни материјали или делови, трговецот е должен да постапи согласно со одредбите од овој закон што се однесуваат на дополнителните плаќања.

(3) Товарот на докажување за доставувањето на понудата од ставот (1) на овој член паѓа на трговецот.

**Плаќање со аванс**

Член 34

(1) Кога трговецот бара или изречно ги условува набавката на стоките или услугите со делумен или вкупен аванс, без оглед дали истиот е еднократен или на рати, е должен да ги испорача стоките или да ги изврши услугите по приемот на авансот.

(2) Кога рокот за испорачување на стоките или за извршување на услугите е подолг од 30 дена, трговецот е должен на потрошувачот да му плати камати на авансот по стапката за законска казнена камата утврдена согласно со Законот за облигационите односи што важи за договорите во кои барем едното лице не е трговец, а за времето од приемот на авансот до денот на испорачување на стоките или на извршување на услугите согласно со прописи со кои се уредуваат трошоците за облигационите односи.

(3) Доколку трговецот не му ги исплати на потрошувачот каматите од ставот (2) на овој член при испорачувањето на стоките или извршувањето на услугите, потрошувачот е овластен да го одбие испорачувањето на стоките или извршувањето на услугите до исплатата на каматите на авансот.

(4) Кога трговецот нема да го исполни договорот, е должен на потрошувачот да му го врати примениот аванс зголемен за каматите на авансот по стапката за законска казнена камата утврдена согласно со Законот за облигационите односи што важи за договорите во кои барем едното лице не е трговец, а за времето од приемот на авансот до денот на неговото враќање.

(5) Трговецот е должен да му ги исплати на потрошувачот износите од ставот (4) на овој член во рок не подолг од осум дена од денот на раскинување на договорот.

(6) По истекувањето на роковите од ставовите (2) и (5) на овој член, долгуваните камати се капитализираат на износот на авансот.

**Плаќање преку банка, пошта или друг носител на платен промет**

Член 35

Доколку трговецот го известил потрошувачот дека плаќањето ќе може да се изврши преку банка, пошта или друг носител на платен промет, се смета дека плаќањето е извршено кога банката, поштата или другиот носител на платен промет ќе го прими налогот за плаќање што станал неотповиклив или пак уплатата на долгуваниот износ, била од потрошувачот или од трет субјект кој дејствува во име и/или за сметка на потрошувачот.

**Известувања или опомени за задоцнување при плаќање**

Член 36

(1) Забрането е трговецот да врши наплаќање за kое било известување или опомена на потрошувачот поради неплаќање на неговите стасани парични обврски.

(2) Забрането е трговецот да овласти друг субјект да му се обраќа на потрошувачот, лично нему или на членовите на неговото домаќинство, преку телефон, факс-уред, пошта, електронска пошта или друго средство за комуникација на далечина, а заради остварување на неговите побарувања во однос на потрошувачот, без претходна изречна пишана согласност од потрошувачот.

(3) Потрошувачот може во секое време да ја отповика изречната пишана согласност од ставот (2) на овој член во пишана форма на хартија или на друг траен носач.

(4) Одредбата од ставот (2) на овој член не се однесува на полномошниците на трговецот, кога истите се овластени за преземање процесни дејствија.

Поглавје 6
ОБВРСКИ НА ТРГОВЦИТЕ ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ И ПОВРЗАНИ ОБВРСКИ

**Општи одредби за предавање на потребните и пропишани документи**

Член 37

(1) Трговецот е должен при испораката на стоката или извршувањето на услугата да му ги предаде и да му ги предочи на потрошувачот документите што ги изготвил производителот, увозникот или продавачот на големо заради полесно и сигурно користење на стоките или услугите (декларација, сертификат, гарантен лист, изјава за сообразност, технички упатства, упатства за склопување, составување и/или монтажа, упатства за користење, листа на овластени сервиси и/или друг соодветен документ).

(2) Трговецот е должен документите од ставот (1) на овој член да му ги обезбеди на потрошувачот напишани на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на територијата на Република Северна Македонија и неговото писмо, што не ја исклучува можноста од истовремена употреба и на други јазици, како и на знаци или пиктограми што се лесно разбирливи за потрошувачот.

(3) Трговецот е должен да се придржува кон обврските наведени во документите од ставот (1) на овој член.

## Посебни одредби за декларацијата

Член 38

(1) Трговецот е должен да става во промет стоки и каде што е применливо, услуги со декларација.

(2) Ако со посебни прописи не е поинаку пропишано, декларацијата мора да ги содржи најмалку следниве податоци:

1) назив на стоката, односно име под кое што стоката се става во промет;

2) состав на стоката;

3) начин на одржување на стоката;

4) начин на употреба на стоката;

5) датум на производството и рок на употреба, ако стоката е таква според нејзината природа;

6) име или назив и седиште на производителот, односно на трговецот доколку овој има свој знак за разликување на стоката, а за увезените стоки и име или назив и седиште на увозникот, како и земјата на потекло;

7) предупредување за можна опасност при употребата на стоката, доколку таква опасност постои;

8) изјава на производителот за постоењето изменети својства на стоката, како и на нејзините состојки, делови и додатоци, односно за какви измени се работи и

9) изјава за усогласеноста на стоката со пропишаните услови издадена од производителот.

(3) Покрај податоците од ставот (2) на овој член декларацијата мора да содржи и податоци утврдени со посебни прописи.

(4) Во однос на увезените стоки, за податоците наведени во декларацијата е одговорен увозникот.

(5) Како назив на стоката, односно име под кое што стоката се става во промет се сметаат ознаката или описот на стоката и, каде што е соодветно, нејзиното користење и одржување, што се доволно јасни и прецизни за да му овозможат на потрошувачот да ја препознае соодветната стока и истата да ја разликува од другите слични стоки со коишто би можел да ја замени.

(6) За стоките во рефусна состојба и стоките со мала големина или обем, декларацијата мора биде истакната јасно, видливо и читливо на амбалажата во којашто стоката се става во промет или се пакува, односно на приврзок на стоката, односно на местото кадешто стоката се става во промет.

## Достапност на сервисирање и резервни делови

Член 39

(1) Трговецот е должен на потрошувачот да му обезбеди сервис за стоките што му ги испорачал, од негова страна или од страна на трет субјект, а врз основа на посебна спогодба помеѓу овој трет субјект и трговецот.

(2) Трговецот е должен да обезбеди достапност до услуги на сервисирање, а заедно со производителот и до резервни делови за стоката, за најмалку пет години сметано од денот на нејзиното производство, но не помалку од две години од денот на нејзината испорака на потрошувачот.

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член не се однесуваат на употребувани стоки.

## Поглавје 7
## ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ПРИЧИНЕТА ОД НЕИСПРАВЕН ПРОИЗВОД

### Општа одредба

Член 40

Производителот кој ќе пушти во промет производ одговара за штетата предизвикана од неисправноста на тој производ, без оглед на неговата вина.

### Обем на примена

Член 41

(1) Одредбите за одговорност за штета причинета од неисправен производ согласно со членот 40 од овој закон се применуваат на одговорноста за материјалната штета предизвикана со:

1) смрт или повреда на телото и

2) уништување или оштетување на предмет различен од самиот неисправен производ, ако се работи за:

а) таков вид предмет што е вообичаено наменет за лична употреба или потрошувачка и

б) ако овој предмет се користел од страна на оштетениот главно за лична употреба или потрошувачка.

(2) Оштетениот има право на надоместок на материјалната штета согласно со ставот (1) точка 2) на овој член, според одредбите за одговорност за штета од неисправен производ, само за штетата што надминува 500 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија.

(3) Оштетениот има право на надоместок на нематеријалната штета причинета од неисправен производ согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

(4) На износот на надоместокот на материјалната штета предизвикана со смрт или повреда на телото соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи за надоместок на материјална штета во случај на смрт, телесна повреда и оштетување на здравјето.

(5) На штетата причинета од нуклеарна несреќа се применуваат општите одредби од Законот за облигационите односи за одговорност за причинета штета, односно одредбите од соодветните меѓународни договори и спогодби ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

(6) За одговорност за штета причинета од неисправен производ освен одредбите на овој член и членовите 40, 42, 43, 44, 45, 46, 47 и 48 од овој закон се применуваат и општите одредби од Законот за облигационите односи, за одговорност за причинета договорна или вондоговорна штета.

### Докажување на неисправност на производот

Член 42

Оштетениот треба да ги докаже неисправноста на производот, причинетата штета, како и причинско-последичната (каузална) врска помеѓу неисправноста на производот и причинетата штета.

**Неисправен производ**

Член 43

(1) Производот е неисправен кога не ја дава сигурноста што од таквите производи оправдано се очекува, земајќи ги предвид сите околности, вклучувајќи ги:

а) презентацијата на производот;

б) намената за којашто може разумно да се очекува дека производот би се користел и

в) датумот на пуштањето на производот во промет.

(2) Производ ставен во промет не се смета за неисправен ако последователно бил пуштен во промет производ од ист вид со подобрени својства.

**Производител**

Член 44

(1) Како производител во смисла на одредбите за одговорност за штета причинета од неисправен производ се смета и физичко и правно лице кое изработило готов производ, субјектот кој произвел или изработил која било суровина или кој било составен дел вграден во готовиот производ, како и кој било субјект кој, обележувајќи го производот со своето име, фирма, назив, трговска марка или каков било друг знак за разликување на производот, се претставува како производител.

(2) Без оглед на одговорноста на производителот, во смисла на ставот (1) на овој член, како производител се смета и субјектот кој на територијата на државата го увезол производот заради продажба, давање во закуп, лизинг или заради кој било друг вид на ставање на производот во промет.

(3) Ако не е можно да се утврди кој е производител, за таков се смета секое физичко и правно лице кое врши снабдување на производот или истиот го става во промет, освен ако во разумен рок не го извести оштетениот за тоа кој е производителот или кој е субјектот од кој го набавил производот.

(4) Одредбата од ставот (3) на овој член се применува за увезените производи и кога не може да се утврди кој субјект го увезол производот, па и тогаш кога името, фирмата или називот на производителот се наведени на производот.

**Солидарна одговорност за штета од неисправен производ**

Член 45

(1) Кога две или повеќе лица се одговорни за штета предизвикана од неисправен производ, нивната одговорност е солидарна.

(2) Секоја спогодба спротивна на одредбата од ставот (1) на овој член е ништовна.

(3) Во однос на регресниот однос на солидарните должници, соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи за објективната одговорност за штета.

**Ослободување од одговорност за штетата**

Член 46

(1) Производителот се ослободува од одговорноста за штетата, ако докаже дека:

1) не го пуштил производот во промет;

2) имајќи ги предвид околностите на случајот, веројатно е дека неисправноста којашто ја предизвикала штетата не постоела кога тој го пуштил производот во промет или дека неисправноста се јавила подоцна;

3) производот не го изработил за продажба или каков било друг вид на дистрибуција со економска цел, ниту пак го произвел или дистрибуирал во текот на своите деловни дејности;

4) неисправност на производот се должи на тоа што производот е произведен и пуштен во промет, согласно со одредбите кои се уредени во посебните прописи за тие производи;

5) состојбата на науката и техничкото знаење, во моментот на ставање на производот во промет, не овозможувале откривање на неисправноста или

6) во случајот на производител на составен дел, неисправноста може да се припише на дизајнот на производот во кој е вграден тој составен дел или на упатствата дадени од производителот на производот.

(2) Одговорноста за штетата на производителот се намалува или производителот се ослободува од одговорност ако докаже дека, имајќи ги предвид сите околности на случајот, штетата настанала исклучиво поради вина на оштетениот или на лицето за кое оштетениот одговара, коишто производителот не можел да ги предвиди и чиишто последици не можел да ги избегне или отстрани.

(3) Производителот делумно се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека, имајќи ги предвид сите околности на случајот, за настанатата штета покрај неисправноста на производот придонеле вината на оштетениот или на лицето за кое оштетениот одговара, коишто производителот не можел да ги предвиди и чиишто последици не можел да ги избегне или отстрани.

(4) Кога за настанувањето на штетата покрај неисправноста на производот придонело трето лице, истото ќе одговара на оштетениот солидарно со производителот, а на нивниот регресен однос оодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, за објективната одговорност за штета.

**Забрана на спогодбено исклучување или о граничување на одговорноста**

Член 47

(1) Одговорноста на производителот во однос на оштетениот согласно со овој закон не може однапред спогодбено да се исклучи или да се ограничи.

(2) Секоја спогодба спротивна на одредбата на ставот (1) на овој член е ништовна.

**Рокови за остварување на правата**

Член 48

(1) Побарувањето за надоместок на штетата причинета од неисправен производ застарува во рок од три години од денот кога оштетениот дознал или разумно морал да дознае за штетата, за неисправноста на производот и за субјектот кој е производител.

(2) Побарувањето за надоместок на штетата причинета од неисправен производ престанува со истекот на рокот од десет години, сметано од неговото ставање во промет, освен ако пред истекот на овој рок е прекината застареноста поради покренување на постапка пред суд или друг надлежен орган заради утврдување или остварување на побарувањето за надоместок на штетата.

(3) Во поглед на прекинот и на застојот на застареноста на роковите од ставовите (1) и (2) на овој член соодветно се применуваат и одредбите од Законот за облигационите односи.

Глава 2
ОБВРСКИ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ И ДРУГИ ОБВРСКИ НА ТРГОВЦИТЕ ПРИ ДАВАЊЕ УСЛУГИ

Поглавје 1
ОПШТИ ОДРЕДБИ ЗА УСЛУГИТЕ

**Забрана за дискриминација при користење на услуги**

Член 49

(1) Потрошувачот има право да биде корисник на услуги независно од неговото државјанство, како и неговото живеалиште или престојувалиште.

(2) Општите услови за пристап до услугите што трговецот ги става на располагање на пошироката јавност не смеат да содржат дискриминаторски одредби во однос на државјанството, живеалиштето или престојувалиштето на потрошувачот, со исклучок на разликите во условите за пристап кога истите се непосредно оправдани од објективни критериуми.

**Обврска за информирање на потрошувачите за услугите**

Член 50

(1) Трговецот е должен на потрошувачот да му ги стави на располагање следниве информации:

1) името, називот, односно фирмата, правниот статус и облик на трговецот, неговата географската адреса во државата каде што е деловно основан, како и подробностите што овозможуваат брз и непосреден контакт со трговецот, вклучувајќи ги и средствата за електронска комуникација;

2) кога трговецот е регистриран во трговски или друг регистар уреден со посебни прописи, регистарот во којшто е евидентиран трговецот, како и неговиот регистарски број или друг соодветен податок за идентификација во регистарот;

3) кога дејноста на трговецот е предмет на режим за издавање дозволи, подробностите за соодветниот надзорен орган или тело;

4) кога трговецот врши дејност што е подложна на данок на додадена вредност, единствен даночен број на субјектот согласно со Законот за данокот на додадена вредност;

5) кога трговецот е вршител на регулирана професија, подробностите за кое било стручното тело или друг соодветен субјект кај кој трговецот е евидентиран, како и за стручниот назив и за државата во којашто овој назив му е доделен;

6) општите услови и одредби што трговецот ги користи, доколку постојат;

7) договорните одредби што трговецот ги користи за определување на применливото право и/или за определување на надлежниот суд, доколку постојат;

8) постоењето на послепродажни трговски гаранции што не се наложени со пропис, доколку постојат;

9) цената на услугата, кога истата е претходно утврдена од страна на трговецот за соодветен вид услуга;

10) главните белези на услугата, ако овие не се лесно воочливи од околностите на случајот;

11) кога трговецот дава јавна услуга, критериумите за стекнување статус на ранлив потрошувач, како и особени погодности наменети за ранливи потрошувачи и начините на нивно остварување и

12) расположливите осигурувања или трговски гаранции, а особено подробностите што овозможуваат контакт со осигурувачот или гарантот и нивното територијално важење.

(2) Трговецот е должен на потрошувачот да му ги обезбеди информациите од ставот (1) на овој член, на следниве начини:

1) трговецот на потрошувачот му ги става информациите на располагање по сопствена инцијатива;

2) информациите се лесно достапни за потрошувачот во местото на вршење на услугата или во местото на склучување на договорот;

3) потрошувачот може лесно да пристапи кон информациите електронски, а по пат на адреса што му ја дал трговецот или

4) информациите се дел од информативните материјали што трговецот му ги дава на потрошувачот и што содржат детален опис на услугите што истиот ги дава.

(3) По барање од потрошувачот, трговецот е должен да му ги даде на потрошувачот следниве дополнителни информации:

1) кога цената на услугата не е претходно утврдена од страна на трговецот за соодветен вид услуга, цената на услугата или кога не е можно да се утврди точната цена, начинот за нејзиното пресметување, така што му се овозможува на потрошувачот да ја провери или пак доволно прецизна проценка на цената;

2) во поглед на регулираните професии, упатување на правилата на струката применливи во државата каде што трговецот е деловно основан, како и на начинот на пристап до истите;

3) информациите за мултидисциплинарните активности и партнерства на трговецот што се непосредно поврзани со конкретната услуга и за мерките коишто се преземени за да се избегне судир на интереси, со тоа што овие информации можат да бидат дел од информативните материјали што содржат детален опис на услугите што трговецот ги дава;

4) кои било кодекси на однесување применливи на трговецот, како и адресата на која што истите се достапни по пат на електронски средства, а со назнака на јазикот или на јазиците на коишто се достапни и

5) кога на трговецот се применува одреден кодекс на однесување или пак трговецот е член на здружение на трговци или на професионално тело кое овозможува вонсудско решавање на евентуалните спорови, информации во овој поглед, со тоа што трговецот е должен да ги наведе начините за пристап до деталните информации за белезите и условите за користење на соодветните средства за вонсудско решавање на евентуалните спорови.

(4) Трговецот е должен информациите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член да му ги направи достапни или да му ги соопшти на потрошувачот, на јасен и разбирлив начин, во доволно време пред склучувањето на договорот или кога не се склучува договор во пишана форма, пред вршењето на услугата.

(5) Во смисла на овој закон, се смета дека трговецот е деловно основан онаму каде што вистински ја врши економската активност, а во смисла на слободата на деловно основање, за неопределен временски период и преку стабилна инфраструктура и од каде што деловната активност фактички се врши.

(6) Во однос на обврската за преддоговорно информирање на потрошувачите кај договорите за услуги, покрај одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член се применуваат и одредбите од Законот за услуги (*) што се однесуваат на обврската за преддоговорно информирање кај договорите за услуги.

**Дополнителни активности за обезбедување квалитет на услугите**

Член 51

(1) Министерството за економија презема дополнителни активности за поттикнување на трговците кои даваат услуги и нивните комори/здруженија доброволно да преземат активности за обезбедување квалитет на услугите, преку:

1) сертифицирање или оценување на нивните дејности од независни тела или акредитирани органи во соодветната област;

2) изработка на сопствена повелба за квалитет или учество во повелба на квалитет или ознаки изработени од професионални тела на ниво на Европска Унија.

(2) Министерството за економија на трговците и на потрошувачите им обезбедува лесно достапни информации за важноста на одделни ознаки и за критериумите за примена на ознаки, како и на други обележја за квалитет во врска со услугите.

(3) Министерството за економија, во соработка со Европската комисија презема дополнителни активности за поттикнување на професионални тела како и на стопанските комори, занаетчиски здруженија и здруженијата на потрошувачите од Република Северна Македонија, да соработуваат на ниво на Европската Унија, за да се унапреди квалитетот на обезбедувањето услуги особено со олеснување на проценката на компетентноста на некој трговец.

(4) Министерството за економија, во соработка со Европската комисија презема дополнителни активности за поттикнување на развојот на независно оценување, особено од страна на здруженија на потрошувачи, во однос на квалитетот и на недостатоците на обезбедувањето услуги, а особено за развој на ниво на Европската Унија на споредбени студии или тестирања и соопштување на резултатите.

(5) Министерството за економија, во соработка со Европската комисија, го поттикнува развојот на доброволни европски стандарди, со цел олеснување на сообразноста на услугите кои ги обезбедуваат трговците во одделни земји-членки од Европската Унија, информирањето на потрошувачите и на квалитетот на обезбедувањето услуги.

Поглавје 2
ОБВРСКИ НА ТРГОВЦИТЕ КОИ ДАВААТ ЈАВНИ УСЛУГИ

**Обем на примена на одредбите за јавните услуги**

Член 52

(1) Како трговец, во смисла на ова поглавје, треба да се сметаат и јавните претпријатија, како и сите други даватели на јавни услуги, вклучувајќи го и секој субјект кој дејствува во име и/или за сметка на трговецот.

(2) Одредбите од членовите 49, 50, 51, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65 и 66 од овој закон се применуваат на јавните услуги без оглед дали истите се даваат на договорна основа или не, освен кога соодветната одредба изречно се однесува само на јавните услуги кои се даваат на договорна основа.

**Право на пристап кон јавна услуга**

Член 53

(1) Трговецот е должен да им обезбеди на потрошувачите пристап кон јавните услуги што ги дава, под недискриминаторски, однапред познати и договорени и/или пропишани услови.

(2) Трговецот кој дава јавна услуги преку дистрибутивна мрежа е должен да им овозможи на потрошувачите приклучување кон соодветната дистрибутивна мрежа, користење на приклучоците и на мрежата, како и давање на услугите под недискриминаторски, однапред познати и договорени и/или пропишани услови.

**Обврска за сигурно, уредно, квалитетно, редовно и непрекинато давање на јавните услуги**

Член 54

(1) Трговецот е должен јавните услуги да ги дава сигурно, уредно, квалитетно, редовно и непрекинато, а во согласност со посебни прописи и стандарди и правила на струката.

(2) Органите за надзор на пазарот се должни да вршат надзор врз трговците и да преземаат соодветни дејствија и мерки за овие сигурно, уредно, квалитетно, редовно и непрекинато да ги извршуваат јавните услуги и да им овозможат на потрошувачите пристап до јавните услуги, вклучувајќи го и пристапот до соодветна дистрибутивна мрежа.

(3) Во случаите кога давањето на јавните услуги не е сигурно, уредно, квалитетно, редовно и непрекинато, потрошувачот има право на надоместок на штета според Законот за облигационите односи, без оглед на можноста да ги користи другите правни средства што му се на располагање.

**Читање мерни уреди**

Член 55

Забрането е кое било наплаќање на услугата за читање на соодветните мерни уреди.

**Запознавање со општите услови и одредби и со условите и одредбите за користење на јавните услуги**

Член 56

(1) Трговецот е должен општите услови и одредби, како и условите и одредбите за користење на јавните услуги да им ги стави на располагање на потрошувачите пред стапувањето во потрошувачки односи, како и истите да ги објави на својата веб-страница.

(2) За секоја промена на општите услови и одредби, како и на условите и одредбите за користење на јавните услуги, трговецот е должен јавно да го извести потрошувачот, на хартија или на друг траен носач, најдоцна еден месец пред почетокот на нивната примена.

(3) Промените на општите услови и одредби, како и на условите и одредбите за користење на јавните услуги, кога потрошувачот е веќе во потрошувачки однос со трговецот, не се обврзувачки за потрошувачот, освен ако истото не е изречно утврдено во посебните прописи.

(4) На општите услови и одредби, како и на условите и одредбите за користење на јавните услуги кои имаат нечесни договорни одредби, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и одредбите за нечесни договорни одредби од овој закон.

**Цени за јавните услуги**

Член 57

Цените за јавните услуги, кога според природата на јавната услуга тоа е возможно, трговецот е должен да ги пресметува според потрошувачката во одреден временски период, а со примена на соодветниот тарифен систем.

**Посебни обврски во поглед на промената на цените на јавните услуги**

Член 58

(1) Трговецот е должен да го извести потрошувачот за промената на цените, на хартија или на друг траен носач, најдоцна еден месец пред почетокот на примената на новите цени.

(2) Трговецот е должен јавно да ги извести потрошувачите за промена на методологијата на формирање на цените, на хартија или на друг траен носач, најдоцна еден месец пред почетокот на примената на новата методологија.

(3) Кога промената на цените или на методологијата на формирање на цените подлежи на претходна согласност од надлежен државен орган или тело, трговецот е должен јавно да ги извести потрошувачите за овие промени, на хартија или на друг траен носач, најдоцна еден месец пред почетокот на нивната примена.

(4) Одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член се применуваат само во случаите кога со прописите од соодветна област е изрично предвидено дека промените на цените се применуваат и на постојните потрошувачки односи.

**Сметка за извршените јавни услуги**

Член 59

(1) При доставувањето сметка за извршените јавни услуги, трговецот е должен да ги почитува пресметката и цените уредени со посебни прописи.

(2) Трговецот е должен сметките да ги доставува без задоцнување и во рокови во коишто на потрошувачот му се овозможува да ги следи остварената потрошувачка и задолжувањето за пресметковен период што не може да биде подолго од 30 дена.

(3) Покрај податоците утврдени во членот 32 од овој закон, трговецот е должен на потрошувачот да му издаде и достави сметка во којашто се содржани и податоците што му овозможуваат на потрошувачот:

1) да го провери и следи износот на неплатени стасани парични обврски;

2) да остварува увид во тековната потрошувачка, а заради проверка на вкупната потрошувачка во однос на дадениот квалитет на јавната услуга;

3) да утврди кои од услугите што ги дава трговецот се бесплатни, кога ова е соодветно, а со назначување дека истите се бесплатни и

4) да се запознае со правото да поднесе потрошувачки приговор за јавните услуги, како и за расположливите начини за поднесување потрошувачки приговор за јавни услуги согласно со овој закон.

(4) Трговецот е должен да му обезбеди и достави на потрошувачот, без надоместок и на негово барање, детална спецификација на сметката.

(5) Трговецот е должен да му обезбеди и достави на потрошувачот, без надоместок и на негово барање, преглед на неговите стасани, а неисплатени долгови кон трговецот, со јасно, видливо и читливо назначување на износите што се должат на име на главница и на име на законска казнена камата, соодветно, како и со јасно, видливо и читливо назначување на нивниот статус (спорни, фактурирани, утужени, односно дали за истите се поднесени предлог за издавање нотарски платен налог и/или барање за извршување и слично).

(6) Забрането е трговецот да пресметува и наплаќа законски казнени камати во случаите кога сметката не му е доставена на потрошувачот најмалку осум дена пред нејзиното стасување за наплата освен кога согласно со Законот за поштенските услуги сметката е уредно испратена на потрошувачот најмалку осум дена пред нејзиното стасување, при што одговорноста на докажување е на трговецот.

(7) Забрането е трговецот да пресметува и наплаќа други дополнителни надоместоци за задоцнето плаќање, освен законски казнени камати по стапка утврдена со Законот за облигационите односи.

## Содржина на сметката за јавни услуги во однос на неплатени стасани парични обврски и други обврски на трговецот

Член 60

(1) Забрането е трговецот да врши наплаќање за кое било известување или опомена на потрошувачот поради неплаќање на неговите стасани парични обврски.

(2) Трговецот кој дава јавни услуги е должен на испорачаната сметка, на јасен, видлив и читлив начин, да го истакне износот на неплатените стасани парични обврски што ги должи потрошувачот за изминати пресметковни периоди.

(3) Износите од ставот (2) на овој член што согласно со Законот за облигационите односи се застарени во моментот на изработката на сметката, трговецот кој дава јавни услуги е должен да ги истакне одвоено од оние што не се застарени.

(4) Забрането е трговецот кој дава јавни услуги да го истакнува на испорачаната сметка износот на неплатените стасани парични обврски што ги должи потрошувачот за изминати пресметковни периоди, а што согласно со Законот за облигационите односи се застарени во моментот на изработката на сметката, доколку потрошувачот му вложил приговор за застареност согласно со Законот за облигационите односи.

(5) На трговецот кој дава јавни услуги му е забрането да покренува постапка за извршување во поглед на оспорените неплатени стасани парични обврски што ги должи потрошувачот, а сè до завршувањето на постапка за судско или вонсудско решавање на оспорените парични обврски.

## Право на раскинување на договорот за јавна услуга

Член 61

(1) Потрошувачот е овластен да го раскине договорот за јавни услуги доколку не е согласен со промената на цените, со промените на методологијата на формирање на цените или со која било промена на општите одредби во договорот, како и на условите и правилата за користење на јавните услуги.

(2) Потрошувачот е овластен да го раскине договорот кога трговецот не ја почитува обврската за сигурно, уредно, квалитетно, редовно и непрекинато давање на јавните услуги.

(3) Потрошувачот е должен да му ги плати на трговецот јавните услуги дадени пред раскинувањето на договорот, при што потрошувачот може да ги користи соодветните правни средства што му се на располагање.

**Право на промена на трговецот кој дава јавна услуга**

Член 62

(1) Трговецот е должен да му овозможи на потрошувачот по негово барање стапување во потрошувачки однос со друг трговец кој дава јавни услуги од ист вид, а без плаќање каков било надоместок или други дополнителни трошоци.

(2) Трговецот е должен на потрошувачот стапувањето во потрошувачки однос со друг трговец да му го овозможи во рок што не е подолг од еден месец од денот кога потрошувачот го известил трговецот за оваа негова намера, освен ако поинаку не е изречно определено со посебен пропис.

(3) Во случаите кога потрошувачкиот однос е на определено време, трговецот е должен датумот на истекот на односот јасно, видливо и читливо да го истакне на секоја сметка.

**Општи одредби за запирање на давање на јавна услуга и/или исклучување од дистрибутивна мрежа**

Член 63

(1) Трговецот е овластен да го запре давањето на јавната услуга и/или да го исклучи потрошувачот од соодветната дистрибутивна мрежа само доколку потрошувачот не ги исполни своите стасани обврски кон трговецот во рок од три месеци од стасувањето на обврската.

(2) Во секој случај, трговецот е должен за ова претходно да го извести потрошувачот, при што:

1) ќе го предупреди на неговите обврски од потрошувачкиот однос и

2) ќе го повика да ги исполни своите стасани обврски во рок што не може да биде пократок од еден месец од доставувањето на известувањето.

(3) При известувањето од ставот (2) на овој член, трговецот е должен да го има предвид рокот од ставот (1) на овој член.

(4) Кога потрошувачот ќе ги исполни своите стасани обврски, трговецот е должен без надоместок да го приклучи или да започне и да продолжи да ги извршува јавните услуги во рок од два дена по извршеното плаќање.

(5) Забрането е трговецот да го условува приклучувањето или започнувањето и продолжувањето да ги извршува јавните услуги со плаќање на застарените побарувања што ги има спрема потрошувачот.

(6) Забрането е трговецот да го запре давањето на јавната услуга и/или да го исклучи потрошувачот од соодветната дистрибутивна мрежа во случаите на снабдување со вода, електрична енергија, подрачно греење или гас за потребите на затоплување, во текот на грејната сезона, кога во домаќинството живее ранлив потрошувач.

**Посебни одредби за запирање на јавна услуга и/или исклучување од дистрибутивна мрежа**

Член 64

(1) Во случај кога е поведена судска или вонсудска постапка за оспорена сметка, при што потрошувачот уредно ги исполнува обврските од следни неоспорени сметки, забрането е трговецот да го запре давањето на јавната услуга и/или да го исклучи потрошувачот од соодветната дистрибутивна мрежа сѐ до завршувањето на соодветната судска или вонсудска постапка, освен во случаите кога потрошувачот го раскинал договорот со трговецот кој дава јавна услуга.

(2) Кога, во случаите од ставот (1) на овој член, трговецот запрел со давањето на јавната услуга и/или го исклучил потрошувачот од соодветната дистрибутивна мрежа пред да биде известен за покренувањето на соодветната судска или вонсудска постапка, е должен, без надоместок и во рок од два дена, да го приклучи или да започне и да продолжи да ги извршува јавните услуги сѐ до завршувањето на соодветната судска или вонсудска постапка, освен во случаите кога потрошувачот го раскинал договорот со трговецот кој дава јавна услуга.

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член се применуваат и во случаите кога трговецот покренал постапка за извршување спрема потрошувачот.

**Посебни одредби за ранливите потрошувачи како корисници на јавни услуги**

Член 65

Критериумите за стекнување статус на ранлив потрошувач како корисник на јавна услуга, видовите на особените погодности наменети за ранливите потрошувачи и начините за нивно остварување во поглед на одредување на цени, информирањето, советувањето и помошта во решавање на потрошувачките приговори и спорови ги пропишува Владата на Република Северна Македонија.

**Посебни начини за контакт со трговецот**

Член 66

Трговците кои даваат јавни услуги се должни на потрошувачите во секој случај да им обезбедат постоење и непречено функционирање на телефонска линија по основната тарифа на повикот, а заради овозможување потрошувачите да постават прашања, да побараат помош, да пријават проблем, прекин, застој или недостаток, како и да изнесат своја поплака.

Глава 3
НЕЧЕСНА ТРГОВСКА ПРАКТИКА

Поглавје 1
ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Забрана на нечесна трговска практика**

Член 67

Во потрошувачките односи на трговците, како и на секој субјект кој дејствува во име и/или за сметка на трговецот, им е забранета нечесна трговска практика.

## Обем на примена на одредбите за нечесна трговска практика

Член 68

(1) Забранета е примената на нечесната трговска практика од членот 69 од овој закон и тоа пред, за време, како и по потрошувачкиот однос во поглед на сите производи.

(2) Како производ, во смисла на одредбите за нечесна трговска практика, се сметаат стоките и услугите, вклучувајќи ги и недвижностите, дигиталните услуги и дигиталните содржини, како и правата и обврските.

(3) Во однос на нечесната трговска практика освен одредбите од овој закон се применуваат и:

1) одредбите од Законот за облигационите односи, а особено одредбите за полноважноста, склучувањето и дејството на договорите;

2) прописите што се однесуваат на здравствените и безбедносните барања за стоките;

3) прописите со коишто се уредуваат кои било услови за деловно основање, постапките за издавање дозволи, како и во примената на моралните кодекси на однесување или другите посебни прописи за регулираните професии чијашто цел е одржувањето на високи стандарди на совесност на професионалноста на лицата на овие професии;

4) прописите што се однесуваат на издавањето на сертификати и означувањето на стандардите на чистота на предметите изработени од скапоцени метали и

5) прописите со коишто се уредува надлежноста на судовите.

(4) Одредбите од членовите 69, 70, 71, 72, 73, 74, 75, 76 и 77 од овој закон, не се применуваат доколку посебни прашања поврзани со нечесната трговска практика поинаку се уредени со посебни прописи.

(5) Одредбите од овој закон не можат да претставуваат основа за ограничување на слободата за давање услуги ниту за ограничување на слободата на движење на стоките.

## Нечесна трговска практика

Член 69

(1) Се смета дека одредена трговската практика е нечесна, доколку:

1) е спротивна на барањата на должно професионално внимание и

2) материјално го нарушува или најверојатно материјално ќе ги наруши економскиот интерес и однесувањето на просечниот потрошувач во однос на производот до кого доаѓа или на кого е упатен или на просечниот член на групата, а кога трговската практика е насочена кон одредена група на потрошувачи.

(2) Трговската практика за којашто е веројатно дека материјално ќе ги наруши економскиот интерес и однесувањето само на јасно дефинирана група на потрошувачи, кои се особено ранливи во поглед на практиката или на засегнатиот производ поради нивната ментална или физичка немоќ, возраст или лековерност на начин предвидлив од трговецот, се проценуваат од перспектива на просечниот член на таа група, при што ова не се однесува на вообичаеното и законското рекламирање во кое се даваат претерани изјави или изјави што не треба буквално да се толкуваат.

## Особени случаи на нечесна трговска практика

Член 70

Како особено нечесни трговски практики, согласно со овој закон, се сметаат случаите на измамнички, односно на агресивни трговски практики.

**Трговски практики што секогаш се сметаат за нечесни како измамнички трговски практики**

Член 71

(1) Во сите околности на поединечен случај и по правило, како нечесни ќе се сметаат следниве измамнички трговски практики:

1) трговецот тврди дека е потписник на одреден кодекс на однесување, иако ова не е случај;

2) трговецот применува или означува колективна, сертифицирана или друга соодветна трговска марка, односно друга соодветна ознака за разликување што укажува на доверба, квалитет или слично, без за ова да добил неопходно овластување;

3) трговецот тврди дека кодексот на однесување има потврда, поддршка или дозвола од јавно или друго тело, иако ова не е случај;

4) трговецот тврди дека тој и/или неговата трговска практика и/или стоките се одобрени, препорачани или потврдени од јавно или друго тело, иако ова не е случај или иако ваквото тврдење е направено без задоволување на условите потребни за одобрението, препораката или потврдувањето;

5) трговецот прави повик за купување призводи за одредена цена без обелоденување на постоењето која било разумна основа што трговецот може да ја има, за тоа дека нема да биде во можност да ги понуди за снабдување или да ги набави од друг трговец за снабдување предметните производи или други соодветни производи по оваа цена, а за временски период и во количество што се разумни имајќи ги предвид самите стоки, обемот на огласување на стоките и понудената цена („огласување со намамување“);

6) трговецот прави повик за купување производи за одредена цена и потоа одбива да ја покаже огласената стока на потрошувачот или пак одбива да прими нарачка за стоката или истата да ја испорача во разумен рок или пак покажува примерок од стоката со недостаток или грешка, а во сите овие случаи со намера за промоција на друга стока („намамување и замена“);

7) трговецот прави лажна изјава дека стоката ќе биде достапна само во мошне ограничен временски период или дека стоката во мошне ограничен временски период ќе биде достапна само под одредени услови, а со цел да се изнуди непосредна одлука и потрошувачот да се лиши од доволна можност или доволно време за да може да донесе информирана одлука;

8) трговецот се обврзува да преземе послепродажни услуги во однос на потрошувачите со кои пред настанувањето на потрошувачкиот однос комуницирал на јазик што не е службен на територијата на државата каде што овој е деловно основан, а потоа истите услуги ги прави достапни на потрошувачите само на друг јазик без притоа ова јасно да му го обелодени на потрошувачот пред овој да стане обврзан во потрошувачкиот однос;

9) трговецот изјавува или поинаку создава претстава дека стоката може согласно со важечките прописи да се продаде, иако ова не е случај;

10) трговецот ги претставува правата на потрошувачите утврдени со пропис како посебен белег на неговата понуда;

11) трговецот користи уредничка содржина во медиумите за промоција на стоката, а кога трговецот платил за промоцијата и без ова јасно да се наведе во содржината или по пат на слика или звук така што потрошувачот ова може јасно да го увиди („уредничко огласување“), без притоа да се засегаат одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

12) трговецот обезбедува резултати од пребарување како одговор на онлајн пребарување од страна на потрошувачот, без јасно да обелодени какво било платено огласување или плаќање за да се постигне повисоко рангирање на стоките во рамките на резултатите од пребарувањето;

13) трговецот прави битни неточни тврдења во поглед на природата и на обемот на ризикот за личната безбедност на потрошувачот или на неговото семејство доколку потрошувачот не ја купи стоката;

14) трговецот врши промоција на стока што е слична со стоката изработена од друг одреден производител на таков начин што намерно се заведува потрошувачот да верува дека стоката е изработена од истиот производител, иако ова не е случај;

15) трговецот основа, раководи или промовира пирамидална шема на промоција каде што потрошувачот дава влог за можноста да се добие надоместок првенствено заради воведувањето други потрошувачи во шемата наместо заради продажба или користење на стоки;

16) трговецот тврди дека планира да престане со работа или да ги пресели своите деловни простории, иако ова не е случај;

17) трговецот тврди дека стоките се такви што ја олеснуваат добивката во игри на среќа;

18) трговецот лажно тврди дека стоката може да излечи болести, нарушени функции или деформации;

19) трговецот дава или проследува битни неточни информации за пазарните услови или за достапноста на стоката со намера да се наведе потрошувачот да ја набави стоката под услови што се понеповолни од вообичаените пазарни услови;

20) трговецот во рамките на трговските практики тврди дека се распишува наградна игра или наградна промоција без да се доделат опишаните награди или нивниот разумен еквивалент;

21) трговецот ја опишува стоката како „гратис“, „бесплатна“, „без надоместок“ или слично, а кога потрошувачот треба да плати каков било износ или надоместок што е различен од трошокот што не може да се избегне за да се одговори на трговска практика и за да го подигне или да плати за испораката на предметот;

22) трговецот вклучува во пропаганден материјал сметка, фактура или сличен документ со којшто се бара плаќање и на потрошувачот му се создава претстава дека тој веќе ја нарачал стоката, иако ова не е случај;

23) трговецот лажно тврди или создава претстава дека  не дејствува за целите на неговата трговска, деловна, занаетчиска или професионална дејност или пак лажно се претставува себеси како потрошувач;

24) трговецот создава лажна претстава дека послепродажната услуга поврзана со стоката е достапна во државата различна од онаа каде што стоката се продава;

25) трговецот на потрошувачите им препродава билети за настани кои што ги добил со користење на автоматизирани средства за да го заобиколи ограничувањето на бројот на билети кои едно лице може да ги купи или други одредби кои се применуваат за купувањето на билети;

26) трговецот наведува дека прегледите и оценките на социјалните мрежи за производот ги поднесуваат потрошувачи кои всушност го користеле или го купиле производот без да преземат разумни и соодветни мерки за да проверат дали таквите прегледи и оценки потекнуваат од таквите потрошувачи и

27) трговецот или правно или физичко лице овластено од него поставува лажни прегледи, оценки или препораки на потрошувачи на социјалните мрежи или лажно ги претставува истите се со цел да ги промовира стоките.

**Трговски практики што секогаш се сметаат за нечесни како агресивни трговски практики**

Член 72

Во сите околности на поединечен случај и по правило, како нечесни ќе се сметаат следниве агресивни трговски практики:

1) трговецот создава претстава дека потрошувачот не може да ги напушти просториите сè додека не се склучи договор;

2) трговецот врши лични посети во домот на потрошувачот не земајќи го предвид неговото барање да го напушти неговиот дом или повеќе да не го посетува, освен во околностите и во мерата што се оправдани, според важечките прописи, за спроведување договорна обврска;

3) трговецот врши постојани и непобарани понуди по телефон, факс-уред, електронска пошта или друго средство за комуникација на далечина, освен во околностите и во мерата што се оправдани, според важечките прописи, за спроведување договорна обврска, без притоа да се засегаат одредбите за договорите склучени на далечина, одредбите од Законот за заштита на личните податоци и прописите за заштита на приватноста во електронските комуникации;

4) трговецот бара од потрошувачот кој сака да поднесе барање по основ на осигурителна полиса да обезбеди документи што не можат да се сметаат за релевантни за да се оцени дали барањето е основано или пак систематски не одговора на постојаната преписка на потрошувачот со цел да го одврати од остварување на неговите договорни права;

5) трговецот вклучува при огласувањето непосредно наведување на децата да ги купат огласуваните стоки или овие да ги убедат своите родители или други возрасни лица да ги купат огласуваните стоки за нив, без притоа да се засегаат одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

6) трговецот бара итно или одложено плаќање на стоките, како и враќање или чување на стоките снабдени од страна на трговецот без барање од потрошувачот, освен кога станува збор за заменска стока снабдена во смисла на одредбите за договорите склучени на далечина („инертна продажба“);

7) трговецот изречно го информира потрошувачот дека, ако не ја купи стоката, ќе бидат загрозени работата или опстанокот на трговецот и

8) трговецот создава лажна претстава дека потрошувачот веќе освоил, дека ќе освои или дека со преземањето одредено дејствие ќе освои награда или друга соодветна корист, иако никаква награда или друга соодветна корист не постои или пак ако преземањето одредено дејствие поврзано со добивање на наградата или другата соодветна корист е условено со плаќање или друг трошок за потрошувачот.

Поглавје 2
ИЗМАМНИЧКИ ТРГОВСКИ ПРАКТИКИ

**Случаи на измамнички трговски практики**

Член 73

Како измамнички трговски практики се сметаат дејствија, во смисла на активни дејствија и пропуштања, во смисла на пасивни дејствија.

**Измамнички дејствија**

Член 74

(1) Трговска практика се смета за измамничка доколку содржи лажни информации и поради тоа е невистинита или доколку на каков било начин, вклучувајќи го општиот впечаток кој го остава, го доведува или пак е веројатно дека ќе го доведе во заблуда просечниот потрошувач, дури и кога информациите фактички се точни, во врска со една или повеќе од околностите наведени во ставот (2) на овој член, а во кој било од случаите предизвикува или е веројатно дека ќе предизвика просечниот потрошувачот да донесе пазарна одлука што инаку не би ја донел.

(2) Како околности на кои што се однесува измамничка трговска практика, во смисла на ставот (1) на овој член, се сметаат:

1) постоењето или природата на производот;

2) главните карактеристики на производот, како што се достапноста, корисноста, ризиците, изведбата, составот, дополнителната опрема, помошта после продажбата и постапувањето по приговори и поплаки, начинот и датумот на производство или обезбедување, испорачувањето, соодветноста на намената, користењето, количината, спецификацијата, географското или трговското потекло или очекуваните резултати од неговата употреба или пак резултатите од спроведените тестови или проверки;

3) обемот на обврските на трговецот, мотивите за трговската практика и природата на продажниот процес, сите изјави или симболи во врска со директното или индиректното спонзорство или одобрување на трговецот или на производот;

4) цената или начинот на којшто се пресметува цената или постоење на одредени погодности во поглед на цената;

5) потребата за сервисирање, делови, замена или поправка;

6) природата, особините или правата на трговецот или неговиот застапник, како што се нивниот идентитет или имот, квалификации, статусот, одобрувањата кои им се дадени, поседувањето на права за индустриска, стопанска или интелектуална сопственост, награди или пофалници кои им се доделени и

7) правата на потрошувачот, вклучувајќи го правото за замена или враќање на парите и одредбите за сообразност на стоките и трговските гаранции од овој закон, како и ризиците со коишто потрошувачот може да се соочи.

(3) Трговска практика се смета дека е измамничка и доколку, во својата фактичка состојба, имајќи ги предвид сите околности и специфичност на случајот, го наведува или веројатно може да го наведе просечниот потрошувач да донесе пазарна одлука што не би ја донел во друг случај, а се однесува на:

1) какво било ставање на стоките на пазарот, вклучувајќи споредбено огласување, што доведува до забуна со други производи, трговски марки, трговски имиња или други знаци за разликување на конкурентот;

2) неисполнување на обврските кои трговецот ги преземал според кодексите на однесување на кои се обврзал, кога обврската не е факултативна, туку е цврста и може да се провери и трговецот во своите трговски практики назначува дека е обврзан со кодексот на однесување и

3) какво било ставање на стока на пазарот за која се тврди дека е идентична со стока во земја-членка на Европската Унија, а која што има значително различен состав или карактеристики, освен ако таа разлика не е оправдана со прописни и објективни фактори.

**Измамничко пропуштање**

Член 75

(1) Одредена трговска практика се смета како измамничка доколку во дадената фактичка состојба, имајќи ги предвид сите нејзини белези и околности и ограничувањата на медиумот за соопштување, изоставува битни информации што на просечниот потрошувач му се потребни за во дадените околности да донесе информирана пазарна одлука и на овој начин просечниот потрошувач го наведува или е веројатно дека ќе го наведе да донесе пазарна одлука што инаку не би ја донел.

(2) Се смета дека станува збор за измамничко пропуштање и кога, имајќи ги предвид барањата од ставот (1) на овој член, трговецот ги прикрива или на нејасен, неразбирлив, двосмислен или ненавремен начин ги дава битните информации од ставот (1) на овој член, како и кога ќе пропушти да ја идентификува трговската намера за дадената трговска практика, а истата очигледно не произлегува од околностите на случајот, при што во двата случаи просечниот потрошувач го наведува или е веројатно дека ќе го наведе да донесе пазарна одлука што инаку не би ја донел.

(3) Кога користениот медиум за соопштување на трговска практика подразбира просторни или временски ограничувања, при оценувањето дали информацијата била изоставена ќе се земат предвид овие ограничувања и било кои мерки преземени од страна на трговецот за правење на информацијата достапна на потрошувачите со помош на други средства.

(4) Во случај на повик за купување, како битни ќе се сметаат следниве информации, под услов истите очигледно да не произлегуваат од околностите на случајот:

1) главните белези на стоката, во обем соодветен на медиумот и на стоката;

2) географската адреса и идентитетот на трговецот, како што е неговото трговско име или назив и кога е соодветно, географската адреса и идентитетот на трговецот во чие што име дејствува;

3) цената со вклучени даноци или кога природата на стоката е таква што цената не може да се пресмета однапред, начинот на кој што цената се пресметува, како и кога е соодветно, сите дополнителни трошоци за превоз, испорака или поштарина или кога овие трошоци не можат разумно да се пресметаат однапред, фактот дека ваквите дополнителни трошоци ќе треба да се платат;

4) начините на плаќање, испорака и работа на стоката, ако истите отстапуваат од барањата во поглед на професионалното внимание;

5) за стоките и правните работи каде постои право на повлекување или откажување, постоењето на вакво право и

6) за стоки кои се нудат на онлајн продажен простор, дали третото лице кое ја нуди стоката е трговец или не е, врз основа на изјавата којашто третото лице ја дава на организаторот на онлајн продажниот простор.

(5) Кога на потрошувачите им се обезбедува можност за пребарување производи понудени од различни трговци или од потрошувачи врз основа на барање во форма на клучен збор, фраза или друг внес, без оглед каде конечно се склучува договор, за битни се сметаат општите информации, кои се достапни во специфичниот дел на онлајн интерфејсот, а кој е директно и лесно достапен од страницата каде што се презентирани резултатите од пребарувањето, за главните параметри кои го одредуваат рангирањето на стоките презентирани на потрошувачот како резултат на пребарувањето и релативната важност на тие параметри, за разлика од другите параметри.

(6) Одредбите од ставот (5) на овој член нема да се применуваат на давателите на алатки за интернет пребарувања.

(7) Давател на алатки за интернет пребарување во смисла на ставот (6) на овој член значи физичко или правно лице кое што овозможува или се обврзува да овозможи алатки за интернет пребарување на потрошувачите.

(8) При утврдувањето на постоење на измамничко пропуштање се земаат предвид:

1) барањата за информирање утврдени во членовите 120 и 121 од овој закон во поглед на преддоговорно информирање, членот 122 од овој закон во поглед на обврзност на преддоговорните информации, членот 123 од овој закон во поглед на јазик на преддоговорните информации, членот 124 од овој закон во поглед на товар на докажување, членот 125 од овој закон во поглед на формални барања за договорите вон деловните простории на трговецот и членот 126 од овој закон во поглед на формални барања за договорите на далечина;

2) одредбите од Законот за туристичката дејност за пакет-аранжманите и поврзаните патнички аранжмани;

3) одредбите од Законот за облигационите односи за договорите за временски поделена употреба на недвижност, за долгорочен производ за одмор, за препродажба и за размена;

4) одредбите за означувањето на цените на стоките што им се нудат на потрошувачите, од Законот за лековите и медицинските помагала и Законот за електронска трговија;

5) одредбите од Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити и прописите донесени врз основа на овој закон и

6) прописите за тргувањето на далечина со финансиски услуги наменети за потрошувачите, со прописите за заедничките вложувања во преносливи хартии од вредност, со прописите за медијација во осигурувањето, со прописите за осигурувањето и реосигурувањето, со прописите за пазарите на финансиски инструменти и со прописите за проспектите што се објавуваат при јавната понуда на хартии од вредност или при нивниот прием во тргување.

(9) Кога трговецот обезбедува пристап до оценки на стоки дадени од потрошувачите на социјалните мрежи, битна се смета информацијата дадена од страна на трговецот дека осигурува дека објавените оценки потекнуваат од потрошувачи кои навистина ја купиле стоката.

## Поглавје 3
## АГРЕСИВНА ТРГОВСКА ПРАКТИКА

### **Кога трговска практика се смета за агресивна**

Член 76

Определена трговска практика се смета дека е агресивна доколку во дадената фактичка состојба, имајќи ги предвид сите нејзини белези и околности, по пат на вознемирување, принуда, вклучувајќи и употреба на физичка сила или прекумерно влијание, значително ги нарушува или е веројатно дека ќе ги наруши слободата на избор на просечниот потрошувач или неговото постапување во врска со стоката и на овој начин просечниот потрошувач го наведува или е веројатно дека ќе го наведе да донесе пазарна одлука што инаку не би ја донел.

**Кога постои вознемирување, принуда или прекумерно влијание**

Член 77

При одредувањето дали при трговска практика се користи вознемирување, принуда, вклучувајќи ја и употребата на физичка сила или прекумерно влијание, ќе се земат предвид:

1) неговото време на одвивање, локација, природа или истрајност;

2) употребата на заканувачки или погрден јазик или однесување;

3) искористувањето од страна на трговецот на посебната несреќа или на околностите чија што тежина ја нарушува моќта на расудување на потрошувачот, а трговецот за ова знаел, како би влијаел на одлуката на потрошувачот поврзана со стоката;

4) било кои тешки или несразмерни вондоговорни пречки воведени од страна на трговецот во случај кога потрошувачот сака да ги остварува своите договорни права, вклучувајќи ги правата на раскинување на договорот или на префрлување на друга стока или кај друг трговец и

5) секоја закана за преземање на дејствие спротивно на закон.

Поглавје 4

ПРАВА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕЧЕСНИ ТРГОВСКИ ПРАКТИКИ

**Право на надоместок на штетата, намалување на цената и раскинување на договорот**

Член 78

(1) Потрошувачите чии права се повредени со користење на нечесни трговски практики од страна на трговецот имаат право на надоместок на штетата која ја претрпеле.

(2) Потрошувачите чии права се повредени со користење на нечесни трговски практики од страна на трговецот имаат право и на сразмерно намалување на цената и раскинување на договорот.

(3) При одлучување за правата од ставовите (1) и (2) на овој член, органите за надзор на пазарот ќе ги земаат предвид тежината и природата на нечесната трговска практика, обемот на штетата што ја претрпел потрошувачот и другите релевантни околности на случајот.

(4) Правата на потрошувачот во случај на нечесни трговски практики од ставовите (1) и (2) на овој член не задираат во другите права на потрошувачите утврдени со овој закон или со друг пропис.

Дел трети
ПОТРОШУВАЧКИ ДОГОВОРИ

Глава 1
ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ ЗА ПОТРОШУВАЧКИТЕ ДОГОВОРИ

Поглавје 1
НЕЧЕСНИ ДОГОВОРНИ ОДРЕДБИ

Оддел 1
ОПШТИ ОДРЕДБИ ЗА НЕЧЕСНИ ДОГОВОРНИ ОДРЕДБИ

**Забрана за користење на нечесни договорни одредби**

Член 79

Забрането е трговците да се користат со нечесни договорни одредби во потрошувачките односи.

**Нечесна договорна одредба**

Член 80

(1) За нечесна договорна одредба се смета договорната одредба со која, спротивно на начелото на совесност и чесност, се создава очигледен несразмер помеѓу договорните права и обврски на страните, а на штета на потрошувачот.

(2) Одредбите за нечесни договорни одредби од овој закон се применуваат без оглед дали за одделната договорна одредба поединечно се преговарало или пак не, како и независно од тоа дали станува збор за општи услови на договорот донесени или одобрени од надлежен орган или тело.

(3) Се смета дека за одделна договорена одредба поединечно не се преговарало ако таа одредба била однапред составена и потрошувачот немал влијание на нејзината содржина, а особено ако станува збор за одредби што се содржани во формуларен или типски (стандарден) договор на трговецот или во неговите општи услови на договорот.

(4) Доколку целокупната оцена на договорот укажува дека истиот е формуларен или типски (стандарден) договор или дека станува збор за општи услови на договорот, фактот дека за определени прашања поврзани со одделна договорна одредба или за одделна договорна одредба поединечно се преговарало не ја исклучува можноста дека некоја од останатите договорни одредби е нечесна.

(5) Доколку трговецот тврди дека за определени прашања поврзани со одделна договорна одредба или за одделна договорна одредба содржана во формуларен или типски (стандарден) договор или во општи услови на договорот поединечно се преговарало, тој е должен ова да го докаже.

**Обем на примена**

Член 81

(1) Одредбите од овој закон кои што се однесуваат на нечесните договорни одредби не се применуваат на договорните одредби што во договорот се вклучени како последица на содржината на присилни прописи, односно на соодветни меѓународни договори и спогодби ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, особено во областа на транспортното право.

(2) Во потрошувачките односи со меѓународен елемент, одредбите од овој закон кои што се однесуваат на нечесните договорни одредби се применуваат без оглед на прописите за одредување на меродавното право, како одредби со непосредна примена, а кога договорот е склучен на територијата на Република Северна Македонија.

**Оцена дали договорната одредба е нечесна**

Член 82

(1) При оценувањето дали договорната одредба е нечесна се земаат во предвид природата на стоките или услугите на кои што се однесува договорот како и според времето на склучување на договорот, сите околности при склучувањето на договорот и сите други одредби на договорот или на друг договор во однос на којшто овој е спореден.

(2) Оценувањето дали договорната одредба е нечесна се однесува и на битните елементи на договорот, како и на соодветноста на цената и другите надоместоци во однос на стоките и услугите што се снабдуваат како против надоместок, дури и кога овие договорни одредби се јасно, разбирливо и недвосмислено изразени.

## Транспарентност на договорните одредби

Член 83

Кога сите или само некои од договорните одредби што му се ставаат на располагање на потрошувачот се пишани, истите мора да бидат јасно, разбирливо и недвосмислено изразени.

## Толкување на договорните одредби

Член 84

(1) Во случај на сомнеж за значењето на договорната одредба, истата се толкува во корист на потрошувачот.

(2) При толкувањето особено се има предвид положбата на потрошувачот како економски послаба страна во потрошувачкиот однос, а посебно кога станува збор за ранливи потрошувачи.

(3) Одредбата од ставот (1) на овој член не се применува во случај кога органите за надзор на пазарот или здруженијата кои имаат оправдан правен интерес за заштита на правата на потрошувачите преземаат дејствија пред судовите или другите надлежни органи или тела за оцена на тоа дали одредбите кои се содржани во формуларен или типски (стандарден) договор или во општите услови на договорот се нечесни, односно за забрана на нивното користење.

## Правни последици во случај на нечесна договорна одредба

Член 85

(1) Нечесната договорна одредба е ништовна.

(2) Органите за надзор на пазарот се должни по службена должност да забранат користење на нечесна договорна одредба од страна на трговците при вршење на работите во нивна надлежност согласно со закон.

(3) Ништовноста на одделна нечесна договорна одредба не повлекува ништовност и на самиот договор, ако тој може да опстане без ништовната одредба и ако таа не била ниту услов на договорот ниту решавачка побуда поради којашто е склучен договорот.

(4) Договорот ќе остане во сила дури и ако нечесната договорна одредба што е ништовна била услов или решавачка побуда на договорот, а во случај кога ништовноста е установена токму за договорот да биде ослободен од таа одредба и да важи без неа.

## Договорни одредби што по правило се сметаат за нечесни

Член 86

(1) Како нечесни, било во однос на нивниот предмет било во однос на нивното дејство, се сметаат особено следниве договорни одредби:

1) договорната одредба со којашто се исклучува или ограничува одговорноста на трговецот за штета причинета со смрт или повреда на телото на потрошувачот, а како последица на сторување или несторување на трговецот;

2) договорната одредба со којашто несоодветно се исклучуваат или ограничуваат правата на потрошувачот во случај на целосно или делумно неисполнување, односно манливо или задоцнето исполнување на договорните обврски на трговецот, како во однос на трговецот така и во однос на трето лице, вклучувајќи го и правото на пребивање на побарување на потрошувачот кон трговецот со она што трговецот го има спрема него;

3) договорната одредба со којашто обврските на трговецот во поглед на снабдувањето стоки или услуги е врзано со услов чие што исполнување зависи само од неговата волја, додека потрошувачот е безусловно обврзан со договорот, односно неговите одредби;

4) договорната одредба со којашто за трговецот се предвидува право да ги задржи износите што потрошувачот му ги платил во случај кога потрошувачот ќе одлучи да не го склучи или исполни договорот, без истовремено да биде предвидено право за потрошувачот да бара исплата на еквивалентен износ од трговецот во случај трговецот да го раскине договорот;

5) договорната одредба со којашто се предвидува обврска за потрошувачот да му исплати на трговецот надоместок што е во очигледен несразмер со обврските на трговецот, а кога потрошувачот нема да ги исполни своите обврски;

6) договорната одредба со којашто за трговецот се предвидува право да го раскине договорот по свое слободно наоѓање кога истото право не е предвидено за потрошувачот, како и договорната одредба со којашто за трговецот се предвидува право да ги задржи износите што потрошувачот му ги платил иако трговецот не ги извршил своите обврски кон потрошувачот во случај трговецот да го раскине договорот;

7) договорната одредба со којашто се предвидува право за трговецот да го раскине договорот склучен на неопределено време без оставање соодветен отказен рок на потрошувачот, освен во случаите кога потрошувачот битно го повредил договорот при што трговецот е обврзан да му даде на потрошувачот известување за отказ;

8) договорната одредба со којашто се предвидува премолчено продолжување на неопределено време на рокот на важење на договорот склучен на определено време во случај потрошувачот да не даде соодветно изречно известување, а во случај кога рокот предвиден за потрошувачот да го даде соодветното известување за непродолжување на рокот на важење на договорот е предвиден неразумно рано пред истекот на рокот на важење на договорот;

9) договорната одредба со којашто потрошувачот безусловно се обврзува на услови со коишто немал вистинска можност да се запознае пред склучувањето на договорот;

10) договорната одредба со којашто се предвидува право за трговецот еднострано да ги менува одредбите и условите на договорот, без притоа во договорот да биде предвидена оправдана причина за ова менување;

11) договорната одредба со којашто се предвидува право за трговецот еднострано да врши измена на кој било од белезите и својствата на стоката или услугата, без притоа во договорот да биде предвидена оправдана причина за оваа измена;

12) договорната одредба со којашто за трговецот се предвидува право да ја определи цената за стоките или услугите во времето на нивната испорака или извршување, како и договорната одредба со којашто за трговецот се предвидува право да ја зголеми цената за стоките или услугите, без притоа во двата случаи да се предвиди право за потрошувачот да го раскине договорот доколку конечната цена е премногу висока во однос на цената определена при склучувањето на договорот;

13) договорната одредба со којашто за трговецот се предвидува право да определи дали стоките или услугите се сообразни со договорот, како и договорната одредба со којашто за трговецот се предвидува исклучиво право да врши толкување на која било договорна одредба;

14) договорната одредба со којашто се ограничува обврската на трговецот да ги почитува обврските преземени од страна на неговите застапници или агенти, како и договорната одредба со којашто обврската на трговецот да ги почитува обврските преземени од страна на неговите застапници или агенти се условува со исполнување на некоја посебна формалност;

15) договорната одредба со којашто се предвидува потрошувачот да ги исполни сите свои обврски без трговецот да ги исполни своите;

16) договорната одредба со којашто за трговецот се предвидува право да ги пренесе своите обврски и/или да ги отстапи своите права од договорот, без изречна согласност од потрошувачот, а кога ова би довело до намалување на обврските кон потрошувачот по основ на исполнување или трговска гаранција и

17) договорната одредба со којашто се исклучува и/или отежнува правото на потрошувачот да преземе одредено правно дејствие или да се користи со кое било правно средство, а особено договорната одредба со којашто потрошувачот се обврзува евентуалниот спор да се решава во арбитражна постапка што не е уредена со посебни прописи, договорната одредба со којашто неосновано се ограничуваат доказните средства што му се достапни на потрошувачот, како и договорната одредба со која што се предвидува дека товарот на докажување што според важечките прописи паѓа на другата страна се префрла на потрошувачот.

(2) Договорните одредби од ставот (1) на овој член се сметаат за нечесни без потреба во секој поединечен случај да се цени дали за истите поединечно се преговарало и дали со истите, спротивно на начелото на совесност и чесност, се создава очигледен несразмер помеѓу договорните права и обврски на страните, а на штета на потрошувачот.

(3) Со одредбите од ставот (1) точка 7) на овој член не се исклучува постоењето договорна одредба со којашто се предвидува право за трговецот на финансиски услуги еднострано да го раскине договорот склучен на неопределено време без оставање соодветен отказен рок на потрошувачот, во случаите кога за ова постои оправдана причина, при што трговецот е обврзан да му даде на потрошувачот известување за отказ.

(4) Со одредбите од ставот (1) точка 10) на овој член не се исклучува постоењето договорна одредба со којашто се предвидува право за трговецот на финансиски услуги да ги менува стапките на камати што ги должи или му се должат на потрошувачот, како и износите на другите давања за финансиски услуги, без соодветно известување на потрошувачот, а кога за ова постои оправдана причина при што трговецот е обврзан да му даде на потрошувачот известување за ова најрано што може, но само доколку за потрошувачот е предвидено право да го раскине договорот без оставање отказен рок.

(5) Со одредбите од ставот (1) точка 10) на овој член не се исклучува постоењето договорна одредба со којашто се предвидува право за трговецот еднострано да ги менува одредбите и условите на договорот склучен на неопределено време, при што трговецот е обврзан да му даде на потрошувачот разумно известување за ова, но само доколку за потрошувачот е предвидено право да го раскине договорот.

(6) Со одредбите од ставот (1) точка 12) на овој член не се исклучува постоењето договорна одредба со којашто се предвидува клаузула за клизна скала, кога истата е дозволена и доколку методот на промени на цената е изрично опишан.

(7) Одредбите од ставот (1) точки 7), 10) и 12) на овој член не се применуваат на потрошувачките договори со кои се врши промет на преносливи хартии од вредност, финансиски инструменти и други производи или услуги каде што цената е поврзана со движење на берзата или индекси или стапки на финансиски пазар врз коишто трговецот нема влијание, како и на договорите за продажба или купување на странска валута, на патничките чекови или меѓународните платежни дознаки изразени во странска валута.

Поглавје 2
ДОГОВОРИ ЗА ПРОДАЖБА И ДОГОВОРИ ЗА УСЛУГИ

Оддел 1
ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ ЗА ДОГОВОРИТЕ ЗА ПРОДАЖБА И ДОГОВОРИТЕ ЗА УСЛУГИ

**Обем на примена**

Член 87

(1) Одредбите на овој член и членовите 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95 и 96 од овој закон се применуваат како општи на договорите за продажба и на договорите за услуги склучени помеѓу потрошувач и трговец каде потрошувачот плаќа или се обврзува да плати цена.

(2) Одредбите на овој член и членовите 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95 и 96 од овој закон се применуваат и на договорите за снабдување со вода, гас, електрична енергија или подрачно греење, вклучувајќи ги и случаите кога ги снабдуваат давачи на јавни услуги, а кога истите се снабдуваат на договорна основа.

(3) Одредбите на овој член и членовите 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95 и 96 од овој закон се применуваат и на договорите каде трговецот снабдува или се обврзува да снабди дигитална содржина којашто не е траен носач или дигитална услуга на потрошувачот, а потрошувачот обезбедува или се обврзува да обезбеди лични податоци на трговецот, освен кога личните податоци обезбедени од страна на потрошувачот се исклучиво обработувани од страна на трговецот заради снабдување дигитална содржина којашто не е траен носач или дигитална услуга во согласност со овој закон или за да му овозможат на трговецот да ги исполни своите обврски и трговецот не ги обработува тие лични податоци за која било друга цел.

(4) Во случај на несогласување на одредбите на овој член и членовите 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95 и 96 од овој закон со други посебни прописи со коишто се уредуваат посебни сектори, предност во примената имаат посебните прописи што ги уредуваат посебните сектори.

(5) Со одредбите на овој член и членовите 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95 и 96 од овој закон не се засега во примената на општите одредби на договорното право, а особено одредбите за полноважноста, склучувањето и дејството на договорите, во обемот во којшто овие одредби не се пропишани со овој закон.

(6) Со одредбите на овој член и членовите 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95 и 96 од овој закон не се засега во можноста трговците да им нудат на потрошувачите стапување во договорни односи што подразбираат повисоко ниво на заштита отколку она што произлегува од овие одредби.

(7) Одредбите од ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член соодветно се применуваат и во поглед на обемот на примена на одредбите од овој закон што се однесуваат на договорите на далечина и договорите вон деловните простории на трговецот.

**Исклучоци**

Член 88

(1) Одредбите на овој член и членовите 87, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95 и 96 од овој закон за договорите за продажба и за договорите за услуги не се применуваат на договорите:

1) за социјални услуги, вклучувајќи ги и оние на социјално домување, на грижа за деца и на поддршка на семејства и лица кои имаат трајна или привремена потреба за грижа, вклучувајќи ја и долгорочната грижа;

2) за услуги на здравствена заштита, во смисла на Законот за заштита на правата на пациентите, без оглед дали истите ги даваат здравствените установи или пак не;

3) обложување на влог со парична вредност при игрите на среќа, вклучувајќи ги и лотаријата, игрите во казино и работите на обложување;

4) за финансиски услуги;

5) за создавање, стекнување или пренос на недвижности или на права врз недвижности;

6) за градење нов градеж, за значителна пренамена на градеж или за закуп на сместување за потребите на домување;

7) за туристички пакет-аранжмани и за поврзани патнички аранжмани согласно со Законот за туристичката дејност, освен ако поинаку не е определено со одредбите на овој член и членовите 87, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95 и 96 од овој закон;

8) за временски поделена употреба на недвижност, за долгорочен производ за одмор, за препродажба и за размена;

9) коишто, во согласност со одредбите од посебните прописи, се составени од органите на државна управа или јавни тела кои имаат обврска согласно со прописите да бидат независни и непристрасни и кои се должни да обезбедат, давајќи притоа сеопфатни правни информации, дека потрошувачот ќе склучи договор само откако внимателно ќе ги промисли неговите правни аспекти и обем на примена;

10) за набавка на храна, пијалоци и други стоки наменети за тековна потрошувачка во домаќинството, што трговецот често и редовно физички му ги испорачува на потрошувачот во неговиот дом, стан или на работното место;

11) за услуги на превоз на патници согласно со прописите од областа на превозот на патници, освен ако поинаку не е определено со одредбите на овој член и членовите 87, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95 и 96 од овој закон;

12) склучени преку продажни автомати или автоматизирани трговски објекти;

13) склучени со оператори на јавни електронски комуникациски мрежи преку јавни говорници за нивна употреба или склучени со употреба на само една единствена врска што потрошувачот ја воспоставува преку телефон, интернет или факс-уред и

14) за стоки коишто се продаваат во постапка за извршување или поинаку согласно со овластување утврдено со закон.

(2) Исклучоците од ставот (1) на овој член соодветно се применуваат на договорите на далечина и договорите вон деловните простории на трговецот.

## Оддел 2
## ОБВРСКА ЗА ПРЕДДОГОВОРНО ИНФОРМИРАЊЕ

### Член 89

(1) Пред потрошувачот да стане обврзан со кој било договор за продажба или договор за услуги, односно со која било соодветна понуда, освен ако овие информации очигледно не произлегуваат од околностите на случајот, трговецот е должен на јасен и разбирлив начин да му ги даде на потрошувачот следниве информации:

1) главните белези на стоките или услугите, во обемот соодветен на медиумот и на самите стоки или услуги;

2) идентитетот на трговецот, како што се неговото трговско име или назив, географската адреса каде што е деловно основан и телефонскиот број;

3) вкупната цена на стоките или услугите, вклучувајќи ги сите даноци, а кога природата на стоките или услугите е таква што цената разумно не може да се утврди однапред, начинот на пресметување на цената, како и онаму каде што е применливо, сите дополнителни надоместоци за превоз, испорака или поштарина или кога овие надоместоци разумно не можат да се утврдат однапред, фактот дека овие надоместоци би можеле да бидат наплатени;

4) каде што е применливо, начините на плаќање, испорака и исполнување, времето до коешто трговецот се обврзува да ги испорача стоките или да ги даде услугите, како и политиката за постапување по приговори или поплаки;

5) каде што е применливо покрај потврдувањето на постоењето одговорност за несообразноста на стоките или услугите, дигиталните содржини или дигиталните услуги во смисла на применливите прописи, постоењето и условите на вршење на послепродажни услуги и трговски гаранции,

6) каде што е применливо, рокот на важење на договорот, а доколку договорот е на неопределено време или пак подлежи на автоматско продолжување, тогаш условите за раскинување на договорот;

7) каде што е применливо, функционалноста на стоките со дигитални елементи, дигиталните содржини и дигиталните услуги, вклучувајќи ги и применливите мерки за нејзина техничка заштита и

8) каде што е применливо, која било релевантна интероперабилност на стоките со дигиталните елементи, дигиталните содржини и дигиталните услуги, а кога трговецот за ова знаел или разумно се очекува дека за ова требало да знае.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член се применуваат и на договорите за снабдување со вода, гас или електрична енергија и кога овие не се нудат за продажба во точно определен волумен или количество, како и на договорите за снабдување подрачно греење или дигитална содржина што не се снабдува на траен носач.

(3) Одредбите од ставот (1) на овој член се применуваат на договорите за продажба и на договорите за услуги што не се склучуваат како договори на далечина или како договори вон деловните простории на трговецот.

## Оддел 3
## ДРУГИ ПРАВА НА ПОТРОШУВАЧОТ

### Надоместоци за користење на средства за плаќање

Член 90

(1) На трговците им е забрането да им наплаќаат на потрошувачите надоместоци за користење на одредени средства за плаќање што го надминуваат трошокот што трговецот е должен да го поднесе за користењето на овие средства.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член соодветно се применува и на договорите за туристички пакет-аранжмани и за поврзани патнички аранжмани.

### Тарифа на телефонска комуникација

Член 91

(1) Кога трговецот се користи со телефонска линија за целите на комуникација со потрошувачот по однос на склучениот договор, потрошувачот кој го контактирал трговецот не е обврзан да плати повеќе од основната тарифа на повикот.

(2) Со одредбата од став (1) на овој член не се засега во правото на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи да наплаќаат за таквите повици.

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член соодветно се применуваат и на договорите за туристички пакет-аранжмани и за поврзани патнички аранжмани.

**Согласност за дополнителни плаќања**

Член 92

(1) Пред потрошувачот да стане обврзан со кој било договор или со која било понуда, трговецот е должен да побара од потрошувачот изрична согласност за кое било плаќање што е дополнително во однос на надоместокот договорен за главната договорна обврска на трговецот.

(2) Доколку трговецот не обезбедил изрична согласност од потрошувачот туку за истата извел заклучок врз основа на стандардните опции што потрошувачот е должен да ги одбие како би избегнал дополнително плаќање, потрошувачот има право на враќање на ова плаќање.

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член соодветно се применуваат и на договорите за туристички пакет-аранжмани и за поврзани патнички аранжмани.

**Инертна продажба**

Член 93

(1) Секоја инертна продажба од страна на трговецот, како нечесна трговска практика согласно со членот 72 точка 6) од овој закон, е забранета и потрошувачот не е обврзан на каков било надоместок во случаите на непобарани испораки на стоки, вода, гас, електрична енергија, подрачно греење или дигитална содржина, како и во случаите на непобарани вршења на услуги.

(2) Изостанокот на одговор од страна на потрошувачот не може да се смета како негова согласност на непобараните испораки или вршења на услуги.

(3) Секоја продажба спротивна на ставовите (1) и (2) на овој член се смета за ништовна.

Поглавје 3

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ДОГОВОРОТ ЗА ПРОДАЖБА

Оддел 1
ОБЕМ НА ПРИМЕНА

**Општи одредби**

Член 94

(1) Одредбите на овој член и членовите 95 и 96 од овој закон се применуваат само на договорите за продажба.

(2) Одредбите на овој член и членовите 95 и 96 од овој закон не се применуваат на договорите за снабдување со вода, гас или електрична енергија, кога овие не се нудат за продажба во точно определен волумен или количество, како и на договорите за снабдување подрачно греење или дигитална содржина што не се снабдува на траен носач.

**Испорака**

Член 95

(1) Освен ако страните поинаку не се договориле во поглед на времето на испорака, трговецот е обврзан да ги испорача стоките по пат на пренос на физичкото владение или контрола врз стоките на потрошувачот, без одлагање, а во секој случај не подоцна од 30 дена од склучувањето на договорот.

(2) Кога трговецот не ја испочитувал обврската за испорака на стоките во времето договорено со потрошувачот или во рокот од ставот (1) на овој член, потрошувачот е овластен да го повика трговецот да ја изврши испораката и за ова да му остави дополнителен примерен рок што е соодветен на околностите на случајот при што, ако трговецот не ја изврши испораката во овој рок, потрошувачот има право да го раскине договорот.

(3) Потрошувачот не мора да му остави на трговецот дополнителен примерен рок за испорака што е соодветен на околностите на случајот во случаите кога трговецот одбил да ја изврши испораката, кога испораката во договореното време е од суштинско значење земајќи ги предвид сите околности при склучувањето на договорот, како и кога потрошувачот пред склучувањето на договорот го известил трговецот дека испораката до или на одреден датум е од суштинско значење.

(4) Во случаите од ставот (3) на овој член, кога трговецот не ја испочитувал обврската за испорака на стоките во времето договорено со потрошувачот или во рокот од ставот (1) на овој член, потрошувачот има право да го раскине договорот веднаш.

(5) По раскинувањето на договорот, трговецот е должен да му ги врати на потрошувачот сите износи што овој му ги платил по основ на договорот.

**Пренос на ризикот**

Член 96

(1) Кога согласно со договорот трговецот е обврзан да му ги испрати стоките на потрошувачот, ризикот за случајно пропаѓање или оштетување на стоките преминува на потрошувачот кога тој или некој трет субјект определен од негова страна, со исклучок на превозникот, ќе се стекне со физичко владение врз стоките.

(2) Во случаите кога потрошувачот му го доверил превозот на стоките на одреден превозник, а трговецот не го понудил изборот на превозникот, ризикот за случајно пропаѓање или оштетување на стоките преминува на потрошувачот кога стоките се испорачани на превозникот.

(3) Со одредбите од ставот (2) на овој член не се исклучува правото на потрошувачот во однос на превозникот.

Оддел 2
СООБРАЗНОСТ НА СТОКИТЕ

**Општи одредби**

Член 97

(1) Трговецот е должен на потрошувачот да му предаде потрошувачка стока што ги исполнува субјективните и објективните барањата за сообразност со договорот определени во членовите 99 и 100 од овој закон, доколку е применливо, така што нема да биде во спротивност со барањата за правата на трети лица на потрошувачките стоки определени во членот 101 од овој закон.

(2) Трговецот му одговара на потрошувачот за секоја несообразност на стоката што постоела во моментот на нејзиното предавање на потрошувачот, без оглед дали трговецот за тоа знаел, односно има законска одговорност за сообразност на стоката.

(3) Трговецот му одговара на потрошувачот и за секоја несообразност на потрошувачката стока со договорот за продажба што ќе се појави по нејзиното предавање на потрошувачот, ако истата е последица од причина што постоела пред предавањето.

(4) Без да се засега во обврските кои произлегуваат од членот 100 став (2) од овој закон, одредбите од ставови (2) и (3) на овој член се применуваат и на стоки со дигитални елементи.

**Обем на примена на одредбите за сообразност на потрошувачките стоки**

Член 98

(1) Како потрошувачка стока, во смисла на одредбите на овој член и членовите 97, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108 и 109 од овој закон, се смета:

а) секој опиплив подвижен предмет, со исклучок на стоките што се продаваат во постапка за извршување или поинаку според овластување утврдено со закон, на водата и гасот што не се пакувани за продажба во точно определен волумен или количество, како и на електричната енергија и

б) секој опиплив подвижен предмет во кој што е вграден или со кој е меѓусебно поврзана дигитална содржина или дигитална услуга на таков начин што доколку нема дигитална содржина или дигитална услуга стоката нема да ги извршува своите функции, при што исклучок се трајни носачи кои служат исклучиво како носачи на дигитална содржина.

(2) Договорите за снабдување на потрошувачка стока што треба да се изработи или произведе се сметаат како договори за продажба во смисла на одредбите на овој член и членовите 97, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108 и 109 од овој закон.

(3) Ако поинаку не е договорено, одредбите на овој член и членовите 97, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108 и 109 од овој закон не се применуваат на половните (веќе употребувани) стоки што се продаваат на јавни аукции каде потрошувачите ја имаат можноста од лично присуство и на продажбата на живи животни.

(4) Во случај на примена на исклучокот од ставот (3) на овој член при продажба на половните (веќе употребувани) стоки што се продаваат на јавни аукции и на продажбата на живи животни, потрошувачите за тоа треба да бидат информирани на јасен, сеопфатен и лесно достапен начин.

(5) Одредбите на овој член и членовите 97, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108 и 109 од овој закон не се применуваат на договори за снабдување на дигитални содржини или дигитални услуги, освен ако дигиталните содржини или дигиталните услуги што се вградени или меѓусебно поврзани со потрошувачката стока во смисла на ставот (1) на овој член се снабдени со потрошувачката стока согласно со договор за продажба, без оглед на тоа дали таквата дигитална содржина или дигиталната услуга е снабдена од трговецот или од трето лице.

(6) Во случај на сомневање дали снабдувањето со дигитална содржина или дигитална услуга што е вградена или меѓусебно поврзана со потрошувачка стока претставува дел од договорот за продажба, се претпоставува дека дигиталната содржина или дигиталната услуга е дел од договорот за продажба.

(7) Одредбите на овој член и членовите 97, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108 и 109 од овој закон за сообразност на стоките не се применуваат на одговорноста за небезбедност на производите уредена со прописите за безбедност на производите, како ни на одговорноста за штета предизвикана од неисправен производ уредена со одредбите од овој закон.

**Субјективни барања за сообразност на потрошувачките стоки со договорот**

Член 99

Се претпоставува дека потрошувачките стоки се во сообразност со договорот, каде што е применливо, кога:

1) се со опис, квантитет, квалитет и поседуваат функционалност, компатибилност, интероперабилност и други карактеристики, како што се предвидени со договорот;

2) се погодни за посебната намена за којашто потрошувачот ги набавува, за што трговецот знаел во моментот на склучување на договорот и истото го прифатил;

3) се испорачани со сите додатоци, упатства, вклучително и за инсталација и корисничка поддршка, како што е предвидено со договорот и

4) се ажурираат и дополнуваат како што е предвидено со договорот.

**Објективни барања за сообразност на потрошувачките стоки со договорот**

Член 100

(1) Покрај исполнувањето на сите субјективни барања за сообразност од членот 99 од овој закон, за да се смета дека се сообразни со договорот потрошувачките стоки мора:

1) каде што е применливо, да се погодни за намената за којашто стоките од истиот вид вообичаено се користат, согласно со прописите на Република Северна Македонија и на Европската Унија, техничките стандарди или во отсуство на такви технички стандарди, кодексите на однесување во соодветниот сектор;

2) каде што е применливо, да го имаат квалитетот и да одговараат на описот на примерокот или моделот што трговецот му го ставил на располагање на потрошувачот пред склучување на договорот;

3) каде што е применливо, да се доставаат заедно со додатоци, вклучително и пакување, упатства за инсталација или други упатства, како што потрошувачот може разумно да очекува да добие и

4) да бидат со количина и да го покажуваат квалитетот и другите карактеристики, вклучително и во однос на трајноста, функционалноста компатибилноста и безбедноста што се вообичаени за стоките од ист вид и коишто потрошувачот може разумно да ги очекува, со оглед на природата на стоките и имајќи ги предвид кои било јавни изјави за посебните својства на стоките дадени од страна на трговецот или во негово име или од други лица во претходни фази на ист ланец на договори, вклучувајќи го и производителот, особено при огласувањето или при означувањето.

(2) Во случаите на продажба на стока со дигитални елементи, продавачот е обврзан да го информира потрошувачот за ажурирања и да го снабди со ажурирања, вклучително и безбедносни ажурирања, кои што се потребни таа стока да ја задржи сообразноста, за временскиот период:

1) кога потрошувачот може разумно да очекува со оглед на видот и намената на стоката и дигиталните елементи и земајќи ги предвид околностите и природата на договорот, каде што договорот за продажба предвидува еднократно снабдување со дигитална содржина или дигитална услуга или

2) како што е определено во членот 107 став (3) од овој закон и доколку е применливо, кога договорот за продажба предвидува континуирано снабдување со дигитална содржина или дигитална услуга за одреден временски период.

(3) Доколку потрошувачот, во разумен рок, не ги инсталира ажурирањата обезбедени од трговецот во согласност со ставот (2) на овој член, трговецот нема да биде одговорен за несообразноста што произлегува исклучиво од пропуштање на инсталација на соодветното ажурирање, под услов:

1) трговецот да го информирал потрошувачот за достапноста на ажурирањето и за последиците на пропуштањето на инсталација на ажурирањето и

2) потрошувачот да не го инсталирал ажурирањето или несоодветната инсталација на ажурирањето од страна на потрошувачот да не е резултат на недостатоци во упатствата за инсталација дадени од трговецот.

(4) Како несообразност ќе се смета и која било несообразност што е последица на неправилното монтирање на потрошувачките стоки, доколку монтирањето е дел од договорот за продажба на стоките и ако стоките се монтирани од страна на трговецот или под негов надзор, како и кога стоките ги монтирал самиот потрошувач, а неправилното монтирање е последица на недостатоците во упатствата за монтирање дадени од страна на трговецот.

(5) Нема да се смета дека потрошувачките стоки не се во сообразност со договорот, во смисла на ставовите (1) и (2) на овој член ако, во времето на склучувањето на договорот, потрошувачот бил посебно информиран дека одредени карактеристики на стоката отстапуваат од објективните барања за сообразност и потрошувачот изрично се согласил со тоа отстапување при склучување на договорот.

(6) Трговецот не е обврзан со јавните изјави од ставот (1) точка 4) на овој член ако докаже дека не знаел и не можел разумно да знае за соодветните изјави или доколку докаже дека до времето на склучување на договорот, јавната изјава била коригирана на ист начин или на начин кој е споредлив со оној на кој е дадена; или доколку докаже дека јавната изјавата не можела да влијае на одлуката на потрошувачот да ја купи стоката.

**Права на трети лица на потрошувачките стоки**

Член 101

Ако користењето на потрошувачката стока во согласност со членовите 98, 99 и 100 од овој закон е оневозможено или ограничено поради повреда на кое било право на трето лице, особено правата на интелектуална сопственост, потрошувачот има права во случај на несообразност на потрошувачката стока предвидени во членовите 102, 103, 104 и 105 од овој закон.

**Права на потрошувачот во случај на несообразност на потрошувачките стоки**

Член 102

(1) Во случај на несообразност на потрошувачките стоки со договорот, потрошувачот има право:

1) да бара бесплатно отстранување на несообразноста по пат на поправка или на замена на стоките;

2) да бара сразмерно намалување на цената или

3) да го раскине договорот.

(2) Во секој случај, потрошувачот може да бара надоместок на штетата што ја претрпел поради несообразноста на потрошувачките стоки, вклучувајќи ја и штетата што поради несообразноста на потрошувачките стоки ја претрпел на другите свои предмети согласно со Законот за облигационите односи.

(3) Под бесплатно отстранување на несообразноста на потрошувачките стоки согласно со ставот (1) на овој член се подразбира, неплаќање надоместок за трошоците кои се неопходни за доведување на стоката во сообразност со договорот, а особено трошоците за поштарина, превоз, работна рака и материјали.

(4) Потрошувачот има право да не плати дел од цената се додека трговецот не ги исполни своите обврски во случај на несообразност на потрошувачката стока, вклучително и обврската за надоместок на штета.

**Право на поправка или замена**

Член 103

(1) Потрошувачот е овластен да бара трговецот или лицето овластено од него бесплатно да ја поправи потрошувачката стока или да бара од трговецот бесплатна замена на потрошувачката стока, освен ако поправката или замената е невозможна или несоодветна.

(2) Барањето на потрошувачот за поправка или замена на потрошувачката стока се смета за несоодветно ако за трговецот повлекува трошоци што се неразумни во однос на другите евентуални барања на потрошувачот, а имајќи ги предвид вредноста на стоката доколку не постоела несообразноста, значењето на несообразноста за потрошувачот, како и тоа дали другото евентуално барање на потрошувачот би можело да биде исполнето без значителни непријатности за потрошувачот.

(3) Трговецот има право да го одбие барањето на потрошувачот за поправка или замена доколку поправката или замената е невозможна или барањето е несоодветно.

(4) Трговецот или лицето овластено од него се должни поправката или замената на потрошувачките стоки, соодветно, да ја извршат во разумен рок од моментот кога потрошувачот го информирал трговецот за несообразноста што не може да биде подолг од 30 дена од кога стоката е преземена и без значителни непријатности за потрошувачот, имајќи ги предвид природата на стоката и намената за која што потрошувачот ја набавил, како и природата, тежината на несообразноста и сложеноста на отстранувањето на несообразноста.

(5) Потрошувачот кој барал поправка на потрошувачката стока, во секој случај, е овластен да бара нејзина замена ако трговецот или лицето определено од негова страна не ја извршиле бараната поправка во разумен рок што не може да биде подолг од 30 дена од кога стоката е преземена.

(6) Под поправка се подразбира доведување на потрошувачката стока во сообразност со договорот.

(7) Кога несообразноста треба да се отстрани со поправка или замена потрошувачот е обврзан стоката да му ја стави на располагање на трговецот, а трговецот е обврзан да ја преземе и да ги поднесе трошоците на преземање.

(8) Ако е потребно да се поправи или замени стока која е инсталирана или монтирана на начин соодветен со нејзината природа или намена пред појавата на несообразноста, обврската за отстранување на несообразноста ја вклучува обврската за отстранување на стоката и инсталација, односно монтажа на поправена или заменета стока или обврска да се поднесат трошоците на тоа отстранување и инсталација, односно монтажа.

(9) Во случај на замена на стоката потрошувачот не е должен да плати за вообичаената употреба на заменетата стока пред нејзината замена.

## Право на сразмерно намалување на цената

Член 104

(1) Потрошувачот има право да бара од трговецот сразмерно намалување на цената, доколку:

1) трговецот или лицето овластено од него не извршиле поправка или замена на стоката, соодветно, во разумен рок што не може да биде подолг од 30 дена од кога стоката е преземена;

2) трговецот или лицето овластено од него не извршиле поправка или замена на стоката, соодветно, без значителни непријатности за потрошувачот;

3) кога несообразноста се појавува и покрај обидот на трговецот или лицето овластено од него, соодветно, да ја отстрани несообразноста на стоката;

4) кога несообразноста е од толку сериозна природа што може да оправда намалување на цената или

5) трговецот или лицето овластено од него изјавил или е јасно од околностите, дека нема да ја отстрани несообразноста на стоката во разумен рок или без значителни непријатности за потрошувачот.

(2) Сразмерното намалување на цената се врши според сразмерот помеѓу вредноста на сообразната стока и вредноста на несообразната стока во времето на склучувањето на договорот.

## Право на раскинување на договорот

Член 105

(1) Потрошувачот има право да го раскине договорот, доколку:

1) трговецот или лицето овластено од него не извршиле поправка или замена на стоката, соодветно, во разумен рок што не може да биде подолг од 30 дена од кога стоката е преземена;

2) трговецот или лицето овластено од него не извршиле поправка или замена на стоката, соодветно, без значителни непријатности за потрошувачот;

3) кога несообразноста се појавува и покрај обидот на трговецот или лицето овластено од него соодветно да ја отстрани несообразноста на стоката;

4) кога несообразноста е од толку сериозна природа што може да оправда раскинување на договорот или

5) трговецот или лицето овластено од него изјавил или е јасно од околностите, дека нема да ја отстрани несообразноста на стоката во разумен рок или без значителни непријатности за потрошувачот.

(2) Без оглед на одредбите од ставот (1) на овој член, потрошувачот има право да го раскине договорот и доколку трговецот не извршил или исплатил соодветно намалување на цената во разумен рок што не може да биде подолг од осум дена од кога го примил барањето на потрошувачот за сразмерно намалување на цената.

(3) Кога несообразноста се однесува само на дел од стоките што му биле предадени на потрошувачот согласно со договорот и се исполнети условите за раскинување на договорот согласно со овој закон, потрошувачот може да го раскине договорот само за делот што има недостатоци.

(4) По исклучок на ставот (3) на овој член потрошувачот може да го раскине договорот и во поглед на која било стока што ја примил заедно со несообразната стока доколку не може од потрошувачот разумно да се очекува да прифати да ги задржи само сообразните стоки.

(5) Во секој случај, потрошувачот нема право да го раскине договорот доколку несообразноста на потрошувачките стоки е од помало значење, при што не се засегаат неговите други права согласно со одредбите на овој член и членовите 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 106, 107, 108 и 109 од овој закон.

(6) Потрошувачот го раскинува договорот со изјава до трговецот со која ќе ја изрази одлуката за раскинување на договорот.

(7) Ако потрошувачот го раскине договорот е должен да ја врати стоката на трговецот на трошок на трговецот, а трговецот има обврска на потрошувачот да му ја врати цената платена за стоката по приемот на стоката или по приемот на доказ од страна на потрошувачот дека стоката е испратена на трговецот.

(8) Во поглед на другите права и обврски кои произлегуваат од дејството на раскинувањето на договорот соодветно се применуваат одредбите на Законот за облигационите односи за раскинување на договорите поради неисполнување.

(9) Без оглед на одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6), (7) и (8) на овој член потрошувачот има право да го раскине договорот поради битна повреда, согласно со одредбите на Законот за облигационите односи за раскинување на договорите поради неисполнување и за раскинување поради материјални недостатоци на исполнувањето.

**Обврска за остварување на правата на потрошувачот во случај на несообразност на потрошувачките стоки**

Член 106

(1) Поради остварување на неговите права, согласно со членовите 102, 103, 104 и 105 од овој закон не е неопходно потрошувачот да ја прегледал потрошувачката стока при нејзиното предавање, ниту да ја дал на преглед на трет субјект.

(2) Во секој случај, заради остварување на неговите права, согласно со членовите 102, 103, 104 и 105 од овој закон, потребно е потрошувачот да го извести трговецот или лицето определено од негова страна за постоење на несообразност на стоката, без оглед дали несообразноста е видлива или скриена, во рок од 60 дена сметано од денот кога ја открил несообразноста.

**Рокови за остварување на правата на потрошувачот во случај на несообразност на потрошувачките стоки**

Член 107

(1) Ако спогодбено не е утврден подолг рок, трговецот му одговара на потрошувачот за несообразноста на потрошувачката стока, односно стоката со дигитален елемент, доколку истата се покаже во рок од две години од нејзиното предавање.

(2) Трговецот му одговара на потрошувачот за несообразноста на потрошувачката стока со дигитален елемент испорачана согласно со договор за продажба којшто предвидува континуирано снабдување со дигитална содржина или дигитална услуга, којашто постои или се покаже во рок од две години од времето кога стоката со дигитален елемент е предадена.

(3) Кога договорот од ставот (2) на овој член предвидува континуирано снабдување за период подолг од две години трговецот му одговара на потрошувачот за несообразноста на дигиталната содржина или дигиталната услуга којашто постои или се покаже во периодот кога дигиталната содржина или дигиталната услуга треба да се снабдува согласно со договорот за продажба.

(4) Потрошувачот може да се користи со своите права во случај на несообразност на потрошувачката стока во рок од две години од кога го известил трговецот или лицето овластено од него за постоење на несообразност на потрошувачката стока.

(5) Во случаите на продажба на половни (веќе употребувани) стоки, потрошувачот и трговецот можат да договорат и пократок рок од рокот од две години утврден во ставот (1) на овој член, со тоа што договорениот рок не може да биде пократок од една година.

(6) Товарот на докажување во врска со тоа дали потрошувачката стока, односно стоката со дигитален елемент е сообразна во роковите определени во ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член е на трговецот.

**Каскадна одговорност**

Член 108

(1) Кога непосредниот трговец му е одговорен на потрошувачот поради несообразност на потрошувачките стоки што е последица на сторување или несторување на производителот, на претходниот трговец во истиот ланец на договори или на некој друг посредник, непосредниот трговец има право да поднесува барања во однос на одговорниот субјект или одговорните субјекти во договорниот ланец.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член соодветно се применуваат и одредбите од Законот за облигационите односи за регрес.

**Обем на примена на одредбите во случај на несообразност на потрошувачката стока**

Член 109

(1) Примената на одредбите од овој закон со кои што се уредуваат правата на потрошувачот во случај на несообразност на потрошувачките стоки не може да биде исклучена или ограничена со која било договорна одредба или спогодба помеѓу потрошувачот и трговецот, настаната или склучена пред потрошувачот да го извести трговецот за несообразноста на потрошувачката стока, со којашто непосредно или посредно се исклучуваат или ограничуваат правата на потрошувачот.

(2) Во потрошувачките односи со меѓународен елемент, одредбите од овој закон со кои што се уредуваат правата на потрошувачот во случај на несообразност на потрошувачката стока се применуваат без оглед на прописите за одредување на меродавното право, како одредби со непосредна примена, а кога договорот е склучен на територијата на Република Северна Македонија.

(3) Секоја спогодба спротивна на ставовите (1) и (2) на овој член е ништовна.

(4) Со одредбите од членовите 94, 95, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107 и 108 од овој закон не се засега во можноста трговците да им нудат на потрошувачите стапување во договорни односи што подразбираат повисоко ниво на заштита отколку она што произлегува од овие одредби.

Оддел 3
ТРГОВСКА ГАРАНЦИЈА ЗА СТОКИТЕ

**Општи одредби**

Член 110

(1) Кога трговецот му дал на потрошувачот трговска гаранција со гарантен лист во кој што е содржана обврската на трговецот или на производителот да гарантира за исправното функционирање на потрошувачките стоки во текот на определено време, сметајќи од

нивното предавање на потрошувачот, трговецот и производителот се обврзани со одредбите и условите предвидени во гарантниот лист и во поврзаното огласување на потрошувачките стоки достапно пред или во моментот на склучување на договорот.

(2) Кога производителот му дал на потрошувачот трговска гаранција со гарантен лист во којшто е содржана обврската производителот да гарантира за трајноста на потрошувачките стоки во текот на определено време, сметајќи од нивното предавање на потрошувачот, производителот е обврзан кон потрошувачот во поглед на поправка или замена на потрошувачката стока согласно со одредбите од овој закон и условите предвидени во гарантниот лист и во поврзаното огласување на потрошувачките стоки достапно пред или во моментот на склучување на договорот.

(3) Производителот на потрошувачот со трговска гаранција за трајност на потрошувачката стока со гарантен лист, може да му понуди и поповолни услови.

(4) Доколку одредбите и условите утврдени во гарантниот лист се помалку поволни за потрошувачот од оние утврдени во поврзаното огласување на потрошувачките стоки, се применуваат оние утврдени во поврзаното огласување, освен ако пред склучувањето на договорот, поврзаното огласување на потрошувачките стоки било коригирано на ист или споредлив начин, како и кога е направено поврзаното огласување.

(5) Како потрошувачка стока во смисла на ставовите (1) и (2) на овој член, се смета:

а) секој опиплив подвижен предмет, со исклучок на стоките што се продаваат во постапка за извршување или поинаку според овластување утврдено со закон, на водата и гасот што не се пакувани за продажба во точно определен волумен или количество, како и на електричната енергија и

б) секој опиплив подвижен предмет во кој што е вграден или со кој е меѓусебно поврзана дигитална содржина или дигитална услуга на таков начин што доколку нема дигитална содржина или дигитална услуга стоката нема да ги извршува своите функции, при што исклучок се трајни носачи кои служат исклучиво како носители на дигитална содржина.

(6) Одредбите за трговска гаранција за стоките од овој закон соодветно се применуваат и во случаите кога трговецот или производителот не му издале на потрошувачот гарантен лист, но нивната обврска за трговска гаранција произлегува од поврзаното огласување.

(7) Со одредбите од членовите 111, 112, 113, 114, 115, 116, 117 и 118 од овој закон не се засега во примената на одредбите за одговорноста на трговецот за несообразноста на стоките.

**Содржина, форма и јазик на гарантниот лист**

Член 111

(1) Во гарантниот лист мора да биде наведено дека потрошувачот има соодветни права согласно со одредбите од овој закон и Законот на облигационите односи кои се однесуваат на договори за продажба на стоки и да биде јасно посочено дека самата трговската гаранција не влијае на правата на потрошувачот, а особено не на неговите права по основ на несообразност на стоките.

(2) Во гарантниот лист на јасен и разбирлив начин мора да бидат наведени описот на потрошувачката стока, датумот на нејзината продажба, бројот на издадената сметка, содржината на трговската гаранција и битните услови што се потребни за поставување барања согласно со трговската гаранција, а особено рокот на важење на трговската гаранција, територијалната примена на трговската гаранција, името (називот) и адресата (седиштето) на нејзиниот издавач, како и името (називот), адресата (седиштето) и податоците за контакт со субјектот на кој што потрошувачот треба да му се обрати во случај кога потрошувачката стока не функционира исправно или не функционира во периодот за кој е издадена трговската гаранција за трајност.

(3) Гарантниот лист во којшто е содржана трговската гаранција му се става на располагање на потрошувачот во пишана форма или на друг траен носач што за него е достапен и пристапен најдоцна при испорака на стоките.

(4) Гарантниот лист во којшто е содржана трговската гаранција се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на територијата на Република Северна Македонија и неговото писмо, што не ја исклучува можноста од истовремена употреба и на други јазици.

(5) Кога гарантниот лист во којшто е содржана трговската гаранција издадена од страна на трговецот или од страна на производителот е на странски јазик, важат единствено условите и одредбите од трговската гаранција на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на територијата на Република Северна Македонија и неговото писмо, што не ја исклучува можноста од истовремена употреба и на други јазици, освен доколку со трговската гаранција издадена на странски јазик не се предвидени поголеми права на потрошувачот.

(6) Кога гарантниот лист во којшто е содржана трговската гаранција не е во согласност со одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член, ова не влијае на важноста на трговската гаранција, а потрошувачот има право на исполнување на трговската гаранција.

(7) Одредбите и условите наведени во гарантниот лист се задолжителни за потрошувачот само ако се јасни, разбирливи и лесно воочливи.

**Гарантен рок**

Член 112

(1) Траењето на гарантиот рок потрошувачот и трговецот го определуваат спогодбено.

(2) Кога во гарантниот лист се наведени повеќе гарантни рокови со различно траење, а не се индивидуално определени потрошувачките стоки и/или нивните припадоци на коишто овие рокови се однесуваат, како општо применлив се зема подолгиот гарантен рок.

(3) Кога во гарантниот лист издаден од страна на трговецот и во гарантниот лист издаден од страна на производителот се наведени гарантни рокови со различно траење, како општо применлив се зема подолгиот гарантен рок.

**Права на потрошувачот по однос на гарантниот рок**

Член 113

(1) Потрошувачот може поради неисправното функционирање или поради нефункционирање во периодот за кој е дадена трговска гаранција за трајност да бара од трговецот, односно од производителот или лицето определено од нивна страна поправка на потрошувачката стока или пак од трговецот, односно од производителот да бара замена на потрошувачката стока во текот на гарантниот рок, без оглед на тоа кога се појавило неисправното функционирање, односно нефункционирање.

(2) Потрошувачот може да бара замена на потрошувачката стока во случај кога потрошувачката стока е веќе поправана три пати во текот на гарантниот рок, независно од причината за поправање, како и во случај кога потрошувачката стока е веќе поправана два пати во текот на гарантниот рок од иста причина за поправање.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, трговецот, односно производителот е должен, иако е утврдена натамошна можност за поправка во текот на гарантниот рок, на барање на потрошувачот, да ја замени потрошувачката стока.

(4) Ако во моментот на поднесувањето на барањето од потрошувачот трговецот, односно производителот нема соодветна потрошувачка стока, односно потрошувачка стока што ќе одговара на потребите на потрошувачот, а во секој случај по изминувањето на 30 дена од направеното барање, потрошувачот има право, по свој избор:

1) да го раскине договорот и да бара враќање на платената цена;

2) да бара сразмерно намалување на цената или

3) да бара замена со друга соодветна потрошувачка стока, а кога трговецот, односно производителот располага со таква потрошувачка стока.

(5) Трговецот, односно производителот е должен да го извести потрошувачот кој барал замена на потрошувачката стока дека располага со таква потрошувачка стока во рок кој не може да биде подолг од 30 дена од денот на приемот на барањето.

(6) Потрошувачот, во секој случај, има право на надоместок на штетата што ја претрпел поради тоа што бил лишен од употребата на потрошувачката стока од моментот на барањето поправка или замена до нивното извршување.

**Продолжување на гарантниот рок**

Член 114

(1) Во случај на помала поправка, гарантниот рок се продолжува онолку колку што потрошувачот бил лишен од употребата на потрошувачката стока.

(2) Кога поради неисправното функционирање е извршена замена на потрошувачката стока или нејзина суштествена поправка, гарантниот рок започнува повторно да тече од замената, односно од враќањето на поправената потрошувачка стока на потрошувачот.

(3) Ако е заменет или суштествено поправен само некој дел од потрошувачката стока, гарантниот рок започнува повторно да тече само за тој дел.

(4) Трговецот, односно производителот е должен да ги забележи правата на потрошувачот од одредбите на ставовите (1), (2) и (3) на овој член во гарантниот лист.

**Трошоци и ризик**

Член 115

(1) Трговецот, односно производителот е должен на своја сметка да ја пренесе потрошувачката стока до местото каде што истата треба да се поправи, односно да се замени, како и поправената, односно заменетата потрошувачка стока да му ја врати назад на потрошувачот.

(2) Во времето на поправка ризикот за пропаѓање или оштетување на потрошувачката стока е на товар на трговецот, односно производителот.

**Губење на правата**

Член 116

Правата на потрошувачот спрема трговецот, односно производителот врз основа на трговската гаранција содржана во гарантниот лист се губат по истекот на една година, сметајќи од денот кога барал од него поправка или замена на потрошувачката стока.

**Забрана на злоупотреба на изразите „трговска гаранција“ или „гарантен лист“**

Член 117

Забрането им е на трговците при склучувањето на договорите за продажба, како и при огласувањето на потрошувачките стоки да ги користат изразите „трговска гаранција“, „гарантен лист“ или други слични изрази со исто значење, доколку врз основа на договорот за продажба потрошувачот не се стекнува со права поголеми или дополнителни во однос на оние што произлегуваат од одговорноста на трговецот за несообразноста на стоката или од другите права што потрошувачот ги има согласно со овој закон или друг пропис.

**Обем на примена на одредбите за трговска гаранција за стоките**

Член 118

(1) Примената на одредбите за трговска гаранција и за гарантен лист од овој закон не може да биде исклучена или ограничена, на непосреден или на посреден начин, со која било договорна одредба или спогодба помеѓу потрошувачот и трговецот.

(2) Кога во гарантниот лист се содржани услови и/или одредби спротивни на одредбите од овој закон со кои се уредува трговската гаранција за стоките или од посебните прописи, се применуваат одредбите од овој закон или од посебните прописи.

(3) Товарот на докажување дека трговецот ги исполнил неговите обврски согласно со одредбите за трговската гаранција за исправното функционирање на потрошувачката стока од овој закон е на трговецот.

(4) Во потрошувачките односи со меѓународен елемент, одредбите од овој закон за трговска гаранција на стоките се применуваат без оглед на прописите за одредување на меродавното право, како одредби со непосредна примена, а кога договорот за продажба е склучен на територијата на Република Северна Македонија.

(5) Секоја спогодба за трговска гаранција дадена со гарантен лист, што не е во согласност со одредбите од овој закон е ништовна.

(6) Со одредбите од членовите 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113, 114, 115, 116 и 117 од овој закон не се засега во можноста трговците да им нудат на потрошувачите стапување во договорни односи што подразбираат повисоко ниво на заштита отколку она што произлегува од овие одредби.

Поглавје 4
ПОСЕБНИ ПОТРОШУВАЧКИ ДОГОВОРИ

Оддел 1
ДОГОВОРИ НА ДАЛЕЧИНА И ДОГОВОРИ ВОН ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ НА ТРГОВЕЦОТ

Пододдел 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Обем на примена на одредбите за договори на далечина и договори вон деловните простории на трговецот**

Член 119

(1) Одредбите со кои се уредуваат договорите на далечина и договорите вон деловните простории на трговецот се применуваат на договори за продажба или вон договори за услуги склучени помеѓу потрошувач и трговец на далечина и/или вон деловните простории на трговецот.

(2) Примената на одредбите од овој закон за договорите на далечина и за договорите вон деловните простории на трговецот со коишто се одредуваат права на потрошувачот не може да биде исклучена или ограничена со која било договорна одредба или спогодба помеѓу потрошувачот и трговецот, а кога на соодветниот договор е применливо домашното право.

(3) Секоја спогодба или договор спротивни од ставот (2) на овој член, се ништовни.

Пододдел 2
ОБВРСКА ЗА ПРЕДДОГОВОРНО ИНФОРМИРАЊЕ

**Содржина на обврската за преддоговорно информирање**

Член 120

(1) Пред потрошувачот да стане обврзан со кој било договор на далечина или договор вон деловните простории на трговецот, односно со која било соодветна понуда, трговецот е должен на јасен и разбирлив начин да му ги даде на потрошувачот следниве информации:

1) главните белези на стоките или услугите, во обемот соодветен на медиумот и на самите стоки или услуги;

2) идентитетот на трговецот, како што се неговото трговско име или назив;

3) географската адреса каде што трговецот е деловно основан и каде што е применливо, неговиот телефонски број и адреса на електронска пошта, како и дополнителни информации кога трговецот обезбедува други средства за онлајн продажен простор или електронска комуникација кои што гранатираат дека потрошувачот може да зачува писмена преписка, вклучително и датумот и времето на таква преписка со трговецот на траен носач, при што сите средства за комуникација коишто се обезбедени од трговецот се за овозможување на брз и ефикасен контакт на потрошувачот со трговецот, како и каде што е применливо, географската адреса и идентитетот на трговецот во чиешто име и/или сметка трговецот  дејствува;

4) кога е различна од адресата наведена во точката 3) на овој став, географската адреса на деловното седиште на трговецот и каде што е применливо, географската адреса на трговецот во чие што име и/или сметка трговецот дејствува, а на кои што потрошувачот може да упатува каква било поплака;

5) вкупната цена на стоките или услугите, вклучувајќи ги сите даноци, а да се утврди однапред, начинот на пресметување на цената, како и онаму каде што е применливо, сите дополнителни надоместоци за превоз, испорака, поштарина или кои било други трошоци или кога овие надоместоци разумно не можат да се утврдат однапред, фактот дека овие надоместоци би можеле да бидат наплатени;

6) кај договорите на неопределено време или договорите со претплата, вкупната цена во која што се вклучени вкупните трошоци за пресметковниот период при што, кога кај овие договори се врши плаќање во фиксен износ, вкупната цена ги опфаќа и вкупните месечни трошоци со тоа што, во случаите кога вкупните трошоци разумно не можат да се утврдат однапред, се наведува начинот на пресметување на цената;

7) каде што е применливо, дека цената е определена лично за потрошувачот врз основа на автоматизирано одлучување;

8) трошоците за користење на средствата за комуникација на далечина за склучување на договорот, кога овие трошоци се пресметуваат на некој друг начин, а не по основната тарифа;

9) начините на плаќање, испорака и исполнување, времето до коешто трговецот се обврзува да ги испорача стоките или да ги даде услугите и каде што е применливо, политиката на трговецот за постапување по приговори или поплаки;

10) кога на потрошувачот му е на располагање правото на повлекување, неговото траење и условите и постапката за негово вршење во согласност со одредбите од овој закон со кои се уредуваат договорите на далечина и договорите вон деловните простории на трговецот, како и образецот за повлекување од договор пропишан во прописот од ставот (6) на овој член;

11) каде што е применливо, наведување дека потрошувачот е должен да ги поднесе трошоците за враќање на стоките во случај на негово повлекување од договорот и кога кај договорите на далечина стоките не можат, поради нивната природа, нормално да бидат вратени по пошта, наведување на трошоците за враќање;

12) наведување дека, доколку потрошувачот го врши правото на повлекување откако поставил барање за извршување на услугите или испорака на соодветните стоки согласно со одредбите од овој закон, тој е должен да му ги плати на трговецот разумните трошоци согласно со членот 125 став (4), членот 126 став (15) и членот 131 став (5) од овој закон;

13) кога на потрошувачот во согласност со одредбите од овој закон со кои се уредуваат договорите на далечина и договорите вон деловните простории на трговецот не му е на располагање правото на повлекување, наведување дека потрошувачот не може да се користи со правото на повлекување или пак, каде што е применливо, наведување на околностите кога потрошувачот го губи правото на повлекување;

14) наведување во смисла на потврдување на постоењето на законска гаранција за сообразноста на стоките или услугите, дигиталните содржини или дигиталните услуги согласно со овој закон;

15) каде што е применливо, постоењето и условите на вршење на после продажна помош на потрошувачот, после продажни услуги и трговски гаранции;

16) каде што е применливо, наведување на постоењето на соодветни кодекси на однесување и на начините за пристап до примероци од истите;

17) каде што е применливо, рокот на важење на договорот, а доколку договорот е на неопределено време или пак подлежи на автоматско продолжување, тогаш условите за раскинување на договорот;

18) каде што е применливо, минималното траење на обврските на потрошувачот според договорот;

19) каде што е применливо, постоењето и применливите услови за депозитите или другите финансиски гаранции што потрошувачот е должен да ги плати или да ги издаде на барање од трговецот;

20) каде што е применливо, за функционалноста, вклучувајќи ги и применливите мерки за техничка заштита на стоките со дигитални елементи, дигиталната содржина и дигиталната услуга;

21) каде што е применливо, која било релевантна компатибилност и интероперабилност на стоките со дигитални елементи, дигиталната содржина и дигиталната услуга, а кога трговецот за ова знаел или разумно се очекува дека за ова требало да знае и

22) каде што е применливо, постоењето можност за пристап кон начини на вонсудско решавање на споровите со потрошувачот, применливи на трговецот, како и за начините за пристап кон истите.

(2) Одредбите од став (1) на овој член се применуваат и на договорите за снабдување со вода, гас или електрична енергија и кога овие не се нудат за продажба во точно определен волумен или количество, како и на договорите за снабдување подрачно греење или дигитална содржина што не се снабдува на траен носач.

(3) Во случаите на јавна аукција, информациите утврдени во одредбите од ставот (1) точки 2), 3) и 4) на овој член можат да бидат заменети со еднаквите детали што ги дава аукционерот.

(4) Се смета дека трговецот ја исполнил обврската за преддоговорно информирање во поглед на информациите утврдени во ставот (1) точки 10), 11) и 12) на овој член доколку на потрошувачот му доставил примерок на точно пополнет образец за повлекување од договор пропишан во прописот од ставот (6) на овој член.

(5) Доколку трговецот не ја извршил обврската за преддоговорно информирање за дополнителните надоместоци или други трошоци согласно со ставот (1) точки 5) и 6) на овој член, како и обврската за преддоговорно информирање за трошоците за враќање на стоките согласно со ставот (1) точка 11) на овој член, потрошувачот не е обврзан да ги поднесе овие надоместоци или трошоци.

(6) Формата и содржината на образецот за повлекување од договор на далечина или договор вон деловните простории на трговецот ги пропишува министерот за економија.

**Содржина на обврската за преддоговорно информирање за договори склучени на онлајн продажен простор**

Член 121

Пред потрошувачот да стане обврзан со кој било договор на далечина или за било која соодветна понуда на онлајн продажен простор давателот на онлјан продажен простор, без да се засега во одредбите за нечесни трговски практики, е должен на јасен и разбирлив начин соодветен за средството за комуникација на далечина да му ги даде на потрошувачот следниве информации:

1) општи информации, достапни во специфичен дел од онлајн интерфејсот, кој што е директно и лесно достапен од страницата каде што се презентирани понудите, за главните параметри кои го одредуваат рангирањето, за понудите кои му се даваат на потрошувачот како резултат на пребарувањето и релативната важност на тие параметри во споредба со другите параметри;

2) дали третото лице кое што нуди стоки, услуги или дигитална содржина е трговец или не, врз основа на изјавата на третото лице доставена до давателот на онлајн продажен простор;

3) кога третото лице кое што нуди стоки, услуги или дигитална содржина не е трговец, информација дека правата на потрошувачите кои произлегуваат од прописите за заштита на потрошувачите не се применуваат на договорот и

4) каде што е применливо, кои се обврските од договорот на третото лице кое нуди стоки, услуги или дигитална содржина и кои се обврските на давателот на онлајн продажен простор, при што таквата информација не засега во обврските за третото лице коешто е трговец или за давателот на онлјан продажниот простор кои произлегуваат од прописите за заштита на потрошувачите.

**Обврзност на преддоговорните информации**

Член 122

Информациите од членовите 120 и 121 од овој закон што се однесуваат на преддоговорното информирање претставуваат составен дел од договорот на далечина, односно од договорот вон деловните простории на трговецот  и не можат да се менуваат освен ако страните изречно не се спогодат поинаку.

**Јазик на преддоговорните информации**

Член 123

(1) Трговецот е должен информациите од членовите 120 и 121 од овој закон што се однесуваат на преддоговорното информирање на потрошувачот да му ги даде напишани на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на територијата на Република Северна Македонија и неговото писмо, што не ја исклучува можноста од истовремена употреба и на други јазици.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член соодветно се применува и на договорите за туристички пакет-аранжмани и за поврзани патнички аранжмани.

**Товар на докажување**

Член 124

Во случај на спор за тоа дали, кога или како на потрошувачот му се дадени информациите од членовите 120 и 121 од овој закон што се однесуваат на преддоговорното информирање, товарот на докажување е на трговецот.

**Формални барања за договорите вон деловните простории на трговецот**

Член 125

(1) Во поглед на договорите вон деловните простории на трговецот, истиот е должен да му ги даде на потрошувачот информациите од членовите 120 и 121 од овој закон што се однесуваат на преддоговорното информирање на хартија или ако потрошувачот се согласи, на друг траен носач.

(2) Информациите од членовите 120 и 121 од овој закон што се однесуваат на преддоговорното информирање мора да бидат читливи и составени на јасен и разбирлив начин.

(3) Трговецот е должен на потрошувачот да му врачи примерок од потпишаниот договор или потврда за склучениот договор на хартија или ако потрошувачот се согласи, на друг траен носач, вклучувајќи ја и потврдата за претходната изречна согласност и прифаќањето на потрошувачот за извршување на договорот за снабдување со дигитална содржина, кога истата не се снабдува на траен носач, при што потрошувачот, во согласност со одредбите од овој закон со кои се уредуваат договорите на далечина и договорите вон деловните простории на трговецот, го губи правото на повлекување.

(4) Во случаите кога потрошувачот има намера извршувањето на услуги или снабдувањето со вода, гас или електрична енергија, кога овие не се нудат за продажба во точно определен волумен или количество, како и снабдувањето со подрачно греење да започне пред истекот на рокот за повлекување од договорот и од договорот за потрошувачот произлегува обврска за плаќање, трговецот е должен од потрошувачот да бара да постави изрично вакво барање и тоа на траен носач и да бара потрошувачот да потврди дека кога договорот е целосно исполнет од страна на трговецот, потрошувачот повеќе нема да има право на повлекување.

(5) За договорите вон деловните простории на трговецот, не може да се воведат дополнителни формални барања покрај оние од одредбите од овој закон.

**Формални барања за договорите на далечина**

Член 126

(1) Во поглед на договорите на далечина, трговецот е должен да му ги даде или да му ги направи достапни на потрошувачот информациите од членовите 120 и 121 од овој закон што се однесуваат на преддоговорното информирање на начин што е соодветен на средството за комуникација на далечина, како и на јасен и разбирлив начин.

(2) Кога информациите од членовите 120 и 121 од овој закон што се однесуваат на преддоговорното информирање, што трговецот е должен да ги даде на потрошувачот се на траен носач, истите мораат да бидат читливи.

(3) Кога со договорот на далечина што треба да се склучи по пат на електронски средства потрошувачот презема обврска да изврши плаќање, трговецот е должен на јасен и очигледен начин, а непосредно пред потрошувачот да ја направи нарачката, да му ги даде на потрошувачот информациите од членот 120 став (1) точки 1), 5), 6), 17) и 18) од овој закон.

(4) Кога со договорот на далечина што треба да се склучи по пат на електронски средства потрошувачот презема обврска да изврши плаќање, трговецот е должен да обезбеди дека потрошувачот, при правењето на нарачката, изречно ќе потврди дека нарачката подразбира негова обврска за плаќање.

(5) Кога со договорот на далечина што треба да се склучи по пат на електронски средства потрошувачот презема обврска да изврши плаќање, а правењето на нарачката подразбира активација на копче или слична функција, трговецот е должен да обезбеди означување, на видливо читлив начин, на копчето или сличната функција само со зборовите: „нарачка со обврска за плаќање“ или со соодветен недвосмислен исказ што означува дека правењето на нарачката подразбира обврска за плаќање кон трговецот.

(6) Доколку трговецот не ги испочитува обврските од ставовите (4) и (5) на овој член, потрошувачот не е обврзан со договорот или нарачката.

(7) Одредбите од ставовите (3), (4), (5) и (6) на овој член соодветно се применуваат и на договорите за туристички пакет-аранжмани и за поврзани патнички аранжмани.

(8) Трговецот е должен да обезбеди јасно и читливо означување на својата веб-страница, најдоцна до почетокот на процесот за нарачка, дали постојат ограничувања во поглед на испораката, како и кои средства за плаќање се прифаќаат.

(9) Кога договорот се склучува по пат на средства за комуникација на далечина што подразбираат ограничен простор или време за прикажување на информациите, трговецот е должен, по пат на ова средство и пред склучувањето на овој договор, на потрошувачот да му ги направи достапни најмалку информациите од членот 120 став (1) точки 1), 2), 5), 6), 10) и 17) од овој закон освен образецот за повлекување од договор пропишан во прописот од членот 120 став (6) од овој закон.

(10) Кога договорот се склучува по пат на средства за комуникација на далечина што подразбираат ограничен простор или време за прикажување на информациите, трговецот е должен на потрошувачот да му ги даде останатите информации од овој закон што се однесуваат на преддоговорното информирање, покрај информациите од ставот (9) на овој член, на соодветен начин и согласно со ставовите (1) и (2) на овој член.

(11) Без оглед на ставовите (9) и (10) на овој член, доколку трговецот му телефонира на потрошувачот за целите на склучување договор за далечина, тој е должен, на почетокот од разговорот со потрошувачот, да му ги соопшти на потрошувачот својот идентитет и каде што е применливо, идентитетот на субјектот во чиешто име и/или сметка го прави повикот, како и трговската цел на повикот.

(12) Кога договорот на далечина треба да се склучи телефонски, трговецот е должен на потрошувачот да му издаде потврда за понудата на траен носач, при што потрошувачот е обврзан дури откако ќе ја потпише понудата или ќе ја прати својата пишана согласност, на траен носач.

(13) Одредбата од ставот (12) на овој член соодветно се применува и на договорите за туристичките пакет-аранжмани и за поврзани патнички аранжмани.

(14) Трговецот е должен на потрошувачот да му обезбеди потврда за склучениот договор, на траен носач, во разумно време по склучувањето на договорот на далечина, а најдоцна во времето на испорака на стоките или пред почетокот на извршувањето на услугите, при што потврдата мора да ги содржи:

1) сите информации од членовите 120 и 121 од овој закон што се однесуваат на преддоговорното информирање, освен кога веќе му ги дал овие информации на траен носач пред склучувањето на договорот на далечина и

2) каде што е применливо, потврдата за претходната изречна согласност и прифаќањето на потрошувачот за извршување на договорот за снабдување со дигитална содржина, кога истата не е наведена на траен носач, при што потрошувачот, согласно со одредбите од овој закон, го губи правото на повлекување.

(15) Во случаите кога потрошувачот има намера извршувањето на услуги или снабдувањето со вода, гас или електрична енергија, кога овие не се нудат за продажба во точно определен волумен или количество, како и снабдувањето со подрачно греење да започне пред истекот на рокот за повлекување од договорот, трговецот е должен од потрошувачот да бара да постави изрично вакво барање за снабдувањето и тоа на траен носач и да бара потрошувачот да потврди дека кога договорот е целосно исполнет од страна на трговецот, потрошувачот повеќе нема да има право на повлекување.

(16) Со одредбите од овој член не се засега во примената на одредбите од Законот за електронска трговија што се однесуваат на склучувањето на електронските договори и на правењето електронски нарачки.

(17) За договорите на далечина, не може да се воведат дополнителни формални барања покрај оние од одредбите од овој закон.

## Пододдел 3
## ПРАВО НА ПОВЛЕКУВАЊЕ

### Општи одредби за правото на повлекување

Член 127

(1) Потрошувачот има право на повлекување од договорот на далечина или од договорот вон деловните простории, во рок од 14 дена, без притоа да даде причина или образложение за повлекувањето од договорот и без негова обврска да плати какви било трошоци освен трошоците предвидени во членот 131 од овој закон и освен во случаите утврдени во членот 133 од овој закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај на договори склучени при непобарани посети на домот на потрошувачот од страна на трговецот или при екскурзии организирани од трговецот со намера или цел за промоција или продажба на стоки на потрошувачите, потрошувачот има право на повлекување од договорот, во рок од 30 дена, без притоа да даде причина или образложение за повлекувањето од договорот и без негова обврска да плати какви било трошоци освен трошоците предвидени во членот 131 од овој закон и освен во случаите утврдени во членот 133 од овој закон.

(3) Рокот за повлекување истекува по изминувањето на 14 дена во случаите од ставот (1) на овој член, односно 30 дена во случаите од ставот (2) на овој член и тоа:

1) кај договорите за услуги, од денот на склучување на договорот;

2) кај договорите за продажба, од денот кога потрошувачот или некој трет субјект определен од страна на потрошувачот, со исклучок на превозникот, ќе се стекне со физичко владение врз стоките или:

а) во случај кога потрошувачот нарачал повеќе стоки што се опфатени со иста нарачка, но се испорачани одвоено, од денот кога потрошувачот или некој трет субјект определен од страна на потрошувачот, со исклучок на превозникот, ќе се стекне со физичко владение врз последната пратка;

б) во случај на испорака на стока што се состои од повеќе пратки или парчиња, од денот кога потрошувачот или некој трет субјект определен од страна на потрошувачот, со исклучок на превозникот, ќе се стекне со физичко владение врз првата стока или последното парче;

в) во случај на договор за постојана испорака на стоки во определен временски период, од денот кога потрошувачот или некој трет субјект определен од страна на потрошувачот, со исклучок на превозникот, ќе се стекне со физичко владение врз првата стока или

3) кај договорите за снабдување со вода, гас или електрична енергија, кога овие не се нудат за продажба во точно определен волумен или количество, како и на договорите за снабдување подрачно греење или дигитална содржина што не се снабдува на траен носач, од денот на склучување на договорот.

(4) Дозволено е извршувањето на договорните обврски, од двете страни, за времетраење на рокот за повлекување.

(5) Без оглед на одредбите од ставот (4) на овој член, на трговецот му е забрането да прима плаќање од потрошувачот по основ на договор вон деловните простории на трговецот пред истекот на 14 дена во случаите од ставот (1) на овој член, односно 30 дена во случаите од ставот (2) на овој член од денот на склучувањето на договорот.

(6) Кога трговецот не му ги дал на потрошувачот преддоговорните информации што се однесуваат на траењето и на условите и постапката за остварување на правото на повлекување, во согласност со одредбите од овој закон, како и прописот од членот 120 став (6) од овој закон, рокот за повлекување истекува по изминувањето на 12 месеци и 14 дена во случаите од ставот (1) на овој член, односно 12 месеци и 30 дена во случаите од ставот (2) на овој член од рокот утврден во ставот (3) на овој член.

(7) Кога трговецот му ги дал на потрошувачот преддоговорните информации што се однесуваат на траењето и на условите и постапката за остварување на правото на повлекување, во согласност со одредбите од овој закон, како и прописот од членот 120 став (6) од овој закон, во рок од 12 месеци од рокот од ставот (3) на овој член, рокот за повлекување истекува по изминувањето на 14 дена во случаите од ставот (1) на овој член, односно 30 дена во случаите од ставот (2) на овој член од денот кога потрошувачот ги добил овие информации.

**Начини на остварување на правото на повлекување**

Член 128

(1) Потрошувачот кој има намера да го оствари правото на повлекување од договор мора за ова да го извести трговецот пред истекот на рокот за повлекување.

(2) Правото на повлекување од договорот потрошувачот го остварува со праќање на образецот за повлекување од договор пропишан во прописот од членот 120 став (6) од овој закон или по пат на која било друга недвосмислена изјава за неговата одлука за повлекување од договорот.

(3) Рокот за известување на трговецот за повлекувањето од договорот е испочитуван ако известувањето е испратено од страна на потрошувачот пред истекот на рокот за повлекување од членот 127 од овој закон.

(4) Покрај начините на остварување на право за повлекување од договорот утврдени во ставовите (1) и (2) на овој член, трговецот може преку својата веб-страница да му ја стави на располагање на потрошувачот и опцијата за електронско пополнување и поднесување образец за повлекување од договор пропишан во прописот од членот 120 став (6) од овој закон, како и која било друга недвосмислена изјава за неговата одлука за повлекување од договорот.

(5) Во случаите од ставот (4) на овој член, трговецот е должен на потрошувачот да му достави потврда за прием на соодветното известување за повлекување од договорот, без одлагање и на траен носач.

(6) Во однос на начинот на остварување на правото на повлекување од договорот во согласност со одредбите од овој член, товарот на докажување е на потрошувачот.

**Општо дејство на остварување на правото на повлекување**

Член 129

(1) Остварувањето на правото на повлекување од соодветниот договор од страна на потрошувачот има дејство на раскинување на договорот.

(2) Раскинувањето на договорот, согласно со ставот (1) на овој член, подразбира престанување на обврските на страните за исполнување на договорот на далечина или договорот вон деловните простории на трговецот или престанување на обврските на страните за склучување на договорот на далечина или договорот вон деловните простории на трговецот, а кога понудата за нивно склучување ја дал потрошувачот.

**Обврски на трговецот во случај на повлекување**

Член 130

(1) Трговецот е должен да му ги врати на потрошувачот сите плаќања извршени од негова страна како и каде што е применливо, трошоците за испорака, без одлагање, но не подоцна од 14 дена во случаите од членот 127 став (1) од овој закон односно 30 дена во случаите од членот 127 став (2) од овој закон, од денот кога е известен за одлуката на потрошувачот за повлекување од договорот согласно со членот 128 од овој закон.

(2) Трговецот е должен да го изврши враќањето од ставот (1) на овој член користејќи ги истите средства за плаќање што ги користел потрошувачот при неговото првично плаќање, освен ако потрошувачот изречно не се согласил поинаку и под услов потрошувачот да не е обврзан да поднесе какви било трошоци или надоместоци што произлегуваат од ваквото враќање.

(3) Без оглед на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, трговецот не е обврзан да изврши враќање на дополнителните трошоци, а кога потрошувачот изречно избрал начин на испорака што е различен од најевтиниот вид стандардна испорака што го нуди трговецот.

(4) Освен кога во случај на договор за продажба трговецот се понудил самиот да ги преземе стоките, трговецот може да го задржи враќањето на плаќањата сè додека не ги добие стоките назад или сè додека потрошувачот не му обезбеди доказ дека стоките му ги пратил назад на трговецот, во зависност од тоа кое дејствие прво ќе се случи.

(5) Трговецот е обврзан да ги заштити личните податоци на потрошувачот согласно со прописите за заштита на лични податоци.

(6) Трговецот не смее да користи која било друга содржина освен лични податоци, а која што потрошувачот ја обезбедил или создал при користење на дигитална содржина или дигитална услуга снабдена од трговецот, освен кога таа содржина:

1) е неупотреблива надвор од контекстот на дигиталната содржина или дигиталната услуга снабдена од трговецот;

2) се однесува исклучиво на активноста на потрошувачот кога се користи дигиталната содржина или дигиталната услуга снабдена од трговецот;

3) трговецот ја споил со други податоци и не може да се раздвои или за таквото раздвојување би биле потребни несразмерни напори или

4) е создадена заеднички од потрошувачот и други лица, а другите потрошувачи се во можност да продолжат да ја користат содржината.

(7) По исклучок на ставот (6) точки 1), 2) и 3) на овој член, трговецот е должен, на барање на потрошувачот, да му ја стави на располагање секоја содржина којашто не опфаќа лични податоци, а којашто потрошувачот ја обезбедил или ја создал при користење на дигитална содржина или дигитална услуга снабдена од трговецот.

(8) Потрошувачот има право дигиталната содржина од ставот (7) на овој член да ја добие бесплатно, без ограничувања од страна на трговецот, во разумен рок и во вообичаен формат и читлив од информатичка опрема којашто вообичаено се употребува.

(9) Во случај на повлекување од договорот, трговецот може да спречи какво било понатамошно користење на дигиталната содржина или дигиталната услуга од страна на потрошувачот, особено така што на потрошувачот ќе му оневозможи пристап на дигиталната содржина или дигиталната услуга или ќе ја оневозможи корисничката сметка на потрошувачот.

**Обврски на потрошувачот во случај на повлекување**

Член 131

(1) Освен кога трговецот се понудил самиот да ги преземе стоките, потрошувачот е должен стоките да му ги прати назад на трговецот или пак истите да му ги предаде нему или на субјектот овластен од страна на трговецот за прием на стоките, без одлагање, но не подоцна од 14 дена во случаите од членот 127 став (1) од овој закон односно 30 дена во случаите од членот 127 став (2) од овој закон, од денот кога го известил трговецот за одлуката за повлекување од договорот, согласно со одредбите од членот 128 од овој закон, при што се смета дека потрошувачот го испочитувал рокот доколку стоките ги пратил назад на трговецот пред истекот на рокот од 14, односно 30 дена.

(2) Потрошувачот е обврзан да ги поднесе само непосредните трошоци за враќање на стоките, освен ако трговецот не се согласил да ги поднесе овие трошоци или доколку трговецот пропуштил да го информира потрошувачот дека тој е оној кој е должен истите да ги поднесе.

(3) Во случај на договор вон деловните простории на трговецот каде што стоките биле испорачани во домот на потрошувачот при самото негово склучување, трговецот е должен стоката да ја преземе на сопствен трошок, доколку стоките се по својата природа такви што не можат нормално да се вратат по пошта.

(4) Потрошувачот е одговорен само за намалената вредност на стоките што е последица од ракувањето со истите што не е потребно за утврдување на нивната природа, белези и функционирање со тоа што потрошувачот, во секој случај, не е одговорен за намалената

вредност на стоките кога трговецот не му ги дал на потрошувачот преддоговорните информации што се однесуваат на траењето и на условите и постапката за вршење на правото на повлекување, во согласност со одредбите од овој закон, како и прописот од членот 120 став (6) од овој закон.

(5) Кога потрошувачот го остварува правото на повлекување од договорот, кај договорите за услуги, кај договорите за снабдување со вода, гас или електрична енергија, кога овие не се нудат за продажба во точно определен волумен или количество, како и кај договорите за снабдување подрачно греење, откако доставил изречно барање нивното извршување да започне пред истекот на рокот за повлекување од договорот, тој е должен на трговецот да му го плати износот што е сразмерен на извршеното до времето кога потрошувачот го известил трговецот за остварување на правото на повлекување во однос на целокупната вредност на договорот.

(6) Во случај на повлекување од договорот потрошувачот не смее да ја користи дигиталната содржина или дигиталната услуга и да ја прави достапна на трети лица.

(7) Согласно со ставот (5) на овој член сразмерниот износ што потрошувачот е должен да му го плати на трговецот се пресметува врз основа на вкупната договорена цена со тоа што, кога вкупната цена е претерано висока, сразмерниот износ се пресметува врз основа на пазарната вредност на услугата што е извршена.

(8) Потрошувачот не е обврзан да ги поднесе трошоците за:

1) извршувањето на услуги или снабдувањето со вода, гас или електрична енергија, кога овие не се нудат за продажба во точно определен волумен или количество, како и снабдувањето со подрачно греење, во целост или делумно, а за време на траење на рокот за повлекување од договорот, доколку:

а) трговецот не му ги дал на потрошувачот преддоговорните информации што се однесуваат на траењето и на условите и постапката за остварување на правото на повлекување од договорот, согласно со одредбите од овој закон, како и прописот од членот 120 став (6) од овој закон, односно не му ги дал на потрошувачот преддоговорните информации што се однесуваат на наведувањето дека, доколку потрошувачот го оствари правото на повлекување откако поставил барање за извршување на услугите или испорака на соодветните стоки согласно со овој закон, тој е должен да му ги плати на трговецот разумните трошоци согласно со овој закон или

б) во случаите кога потрошувачот постапува согласно со одредбите од овој закон, извршувањето на услуги или снабдувањето со вода, гас или електрична енергија, кога овие не се нудат за продажба во точно определен волумен или количество, како и снабдувањето со подрачно греење да започне пред истекот на рокот за повлекување од договорот, потрошувачот не поставил изречно барање нивното извршување да започне пред истекот на рокот за повлекување од договорот или

2) испорака на целосна или делумна дигитална содржина која не се испорачува, а на траен носач, доколку:

а) потрошувачот не дал претходна изрична согласност за започнување на извршувањето на договорот пред истекот на рокот од 14 дена, односно 30 дена согласно со членот 127 од овој закон;

б) потрошувачот не се согласил дека го губи правото на повлекување од договор кога ја дал својата изречна согласност за започнување на извршувањето на договорот или

в) трговецот не му дал на потрошувачот потврда за претходната изрична согласност и прифаќањето на потрошувачот за извршување на договорот.

(9) Согласно со одредбите од членот 128 од овој закон и одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6) и (8) на овој член потрошувачот нема никаква одговорност како последица од вршењето на неговото право на повлекување.

**Престанок на важење на споредните договори**

Член 132

(1) Без оглед на одредбите од членот 15 од Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити, доколку потрошувачот сака да го оствари своето право за повлекување од договорот на далечина или од договорот вон деловните простории на трговецот, согласно со членовите 127, 128, 129, 130 и 131 од овој закон, сите споредни договори веднаш престануваат да важат освен оние утврдени во членот 130 став (3) и членот 131 став (8) од овој закон.

(2) Во однос на дејството на престанок на важењето на споредните договори, соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, но без обврска на потрошувачот да одговара за какви било трошоци или штета поврзани со самиот престанок на важење на споредните договори, освен оние изречно предвидени со одредбите од овој закон.

**Случаи кога правото на повлекување е исклучено**

Член 133

(1) Правото на повлекување од договорите на далечина или од договорите вон деловните простории на трговецот согласно со членовите 127, 128, 129, 130 и 131 од овој закон, е исклучено во случаи на:

1) договори за услуги кога услугата е целосно извршена, но доколку од договорот за потрошувачот произлегува обврска за плаќање само доколку извршувањето започнало со претходна изрична согласност на потрошувачот и со негово изрично прифаќање дека го губи правото на повлекување од договорот, откако договорот е целосно извршен од страна на трговецот;

2) набавката на стоки или услуги чијашто цена зависи од колебањата на финансиските пазари врз кои што трговецот нема влијание, а што можат да настанат за време на рокот за повлекување од договорот;

3) набавката на стоки изработени по спецификација на потрошувачот или на стоки што се очигледно прилагодени на потрошувачот;

4) набавката на лесно расипливи стоки или на стоки со краток рок на траење;

5) набавката на оригинално затворени стоки што не се погодни за враќање поради хигиенски причини или заштитата на здравјето, а се отворени по испораката;

6) набавката на стоки што според нивната природа по испораката нераздвојно се мешаат со други артикли;

7) набавката на алкохолни пијалоци чијашто цена е договорена во моментот на склучување на договорот за продажба, а чија што испорака може да се изврши дури по 30 дена и чијашто вистинска вредност зависи од колебањата на пазарот врз кои што трговецот нема влијание;

8) договорите каде потрошувачот посебно побарал посета од страна на трговецот за целите на извршување итни поправки или одржување со тоа што, кога при таквата посета трговецот извршува услуги што се дополнителни во однос на оние што потрошувачот посебно ги побарал или му биле испорачани со дополнителни стоки што не се заменски делови нужни за поправката или одржувањето, правото на повлекување на договорот се применува на овие дополнителни услуги или стоки;

9) набавката на затворени аудио и видео снимки, како и на компјутерски програми што се отворени по испораката;

10) набавката на весници, периодични изданија или ревии, со исклучок на договорите со претплата за набавка на ваквите изданија;

11) договорите склучени на јавна аукција;

12) обезбедувањето на услуги на сместување, кога не е за потребите на домување, на превоз на стоки, на услуги на закуп на автомобил, на угостителски услуги или услуги во врска со активностите во слободно време, ако со договорот се предвидува одреден датум или рок за извршување и

13) договорите за снабдување на дигитални содржини и дигитални услуги, кога истите не се снабдуваат на траен носач и тоа кога извршувањето на договорот е започнато, а од договорот за потрошувачот произлегува обврска за плаќање, само доколку:

а) потрошувачот дал претходна изрична согласност да се започне со исполнување на договорот во текот на периодот за повлекување;

б) потрошувачот изрично прифатил дека со ова го губи правото на повлекување од договорот и

в) трговецот ги обезбедил потврдите согласно со членот 125 став (3) од овој закон и членот 126 став (14) од овој закон.

(2) Исклучоците од ставот (1) точки 1), 2), 3) и 5) на овој член нема да се применуваат на договорите склучени при непобарани посети на домот на потрошувачот од страна на трговецот или при екскурзии организирани од трговецот со намера или цел за промоција или продажба на стоки на потрошувачите.

(3) Во случај на договор за услуга од кој за потрошувачот произлегува обврска за плаќање, а потрошувачот изрично побарал посета од трговецот со цел извршување поправки, потрошувачот го губи правото на повлекување откако услугата е целосно извршена под услов исполнувањето на договорот да започнало со претходна изрична согласност на потрошувачот.

## Поглавје 5
## ДОГОВОРИ ЗА ВРЕМЕНСКИ ПОДЕЛЕНА УПОТРЕБА НА НЕДВИЖНОСТ, ЗА ДОЛГОРОЧЕН ПРОИЗВОД ЗА ОДМОР, ЗА ПРЕПРОДАЖБА И ЗА РАЗМЕНА

### Оддел 1
### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Обем на примена**

Член 134

(1) Заштитата на потрошувачите за договори за временски поделена употреба на недвижност, договори за долгорочен производ за одмор, договори за препродажба и договори за размена, склучени помеѓу потрошувачот и трговецот е уредена во членовите 135, 136, 137, 138, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145, 146, 147 и 148 од овој закон.

(2) При пресметувањето на времето на важење на договорот за временски поделена употреба на недвижност или на договорот за долгорочен производ за одмор, во предвид ќе сеземе која било одредба од соодветниот договор што овозможува негово премолчено обновување или продолжување.

**Обем на примена на други прописи**

Член 135

Со одредбите со кои се уредуваат договорите од членот 134 од овој закон не се засега во примената на:

1) општите одредби на Законот за облигационите односи во однос на правните лекови;

2) прописите за запишување или регистрација на недвижности или движни ствари, како и прописите за пренос на недвижности;

3) прописите со кои се уредуваат услови за основање на трговски друштва, издавање на овластување или лиценци за вршење на дејности кои се уредени со посебни прописи и

4) прописите што се однесуваат на утврдување на правата што се содржина на договорите од одредбите на овој член и членовите 134, 136, 137, 138, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145, 146, 147 и 148 од овој закон.

**Примена на одредбите за договор за временски поделена употреба на недвижност, за долгорочен производ за одмор, за препродажба и за размена**

Член 136

(1) Примената на одредбите на овој член и членовите 134, 135, 137, 138, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145, 146, 147 и 148 од овој закон со кои се утврдуваат правата на потрошувачот не може да биде исклучена или ограничена со која било договорна одредба или спогодба помеѓу потрошувачот и трговецот, во случај кога на соодветниот договор се применети важечките прописи на Република Северна Македонија.

(2) Секој договор или спогодба кои се спротивни на ставот (1) на овој член се ништовни.

(3) Кога на договор со меѓународен елемент не е применливо правото на Република Северна Македонија, одредбите на овој член и членовите 134, 135, 137, 138, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145, 146, 147 и 148 од овој закон со кои што се утврдуваат правата на потрошувачот се применуваат независно од прописите за одредување на меродавното право, како одредби со непосредна примена, во случај кога предметната недвижност се наоѓа на територијата на Република Северна Македонија.

(4) Кога на договор со меѓународен елемент не е применливо правото на Република Северна Македонија, одредбите на овој член и членовите 134, 135, 137, 138, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145, 146, 147 и 148 од овој закон со коишто се утврдуваат правата за потрошувачот се применуваат независно од прописите за одредување на меродавното право, како одредби со непосредна примена и во случај кога соодветниот договор не се однесува непосредно на недвижноста, а трговецот врши трговска или професионална дејност на територијата на Република Северна Македонија или пак на кој било начин ги насочува овие дејности на територијата на Република Северна Македонија, при што самиот соодветен договор спаѓа во рамките на овие дејности.

Оддел 2

ОБВРСКИ ПРЕД СКЛУЧУВАЊЕТО НА ДОГОВОРИТЕ

**Огласување**

Член 137

(1) Трговецот е должен во рамките на кое било огласување да упати на можноста потрошувачот да ги добие информациите согласно со членот 138 од овој закон за преддоговорното информирање, како и да укаже каде и како потрошувачот може да ги добие.

(2) Кога склучувањето на договорот за временски поделена употреба на недвижност, на договорите за долгорочен производ за одмор, на договорите за препродажба или на договорите за размена треба да му се понуди лично на потрошувачот за време на некој промотивен или продажен настан, трговецот е должен во поканата јасно да ги нагласи трговската цел и природата на настанот.

(3) Информациите согласно со членот 138 од овој закон што се однесуваат на преддоговорното информирање мора да му бидат достапни на потрошувачот во секој момент во текот на целото времетраење на настанот од ставот (2) на овој член.

(4) Забрането е трговецот да ги промовира, огласува или продава временски поделената употреба на надвижноста и долгорочниот производ за одмор како инвестиција.

**Обврска за преддоговорно информирање**

Член 138

(1) Пред потрошувачот да стане обврзан со кој било договор или со која било понуда, трговецот е должен на јасен и разбирлив начин да му ги даде на потрошувачот следниве точни и соодветни информации:

1) во случај на договор за временски поделена употреба на недвижност, по пат на стандардниот образец со информации согласно со прописот од ставот (6) на овој член;

2) во случај на договор за долгорочен производ за одмор, по пат на стандардниот образец со информации согласно со прописот од ставот (6) на овој член;

3) во случај на договор за препродажба, по пат на стандардниот образец со информации согласно со прописот од ставот (6) на овој член;

4) во случај на договор за размена, по пат на стандардниот образец со информации согласно со прописот од ставот (6) на овој член.

(2) Трговецот е должен информациите од ставот (1) на овој член да му ги даде на потрошувачот без надоместок и тоа во пишана форма или на друг траен носач што е лесно достапен и пристапен за потрошувачот.

(3) Трговецот е должен информациите од ставот (1) на овој член на потрошувачот да му ги даде напишани на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на територијата на Република Северна Македонија и неговото писмо, што не ја исклучува можноста од истовремена употреба и на други јазици.

(4) Во случај на спор за тоа дали, кога или како на потрошувачот му се дадени информациите од ставот (1) на овој член, товарот на докажување е на трговецот.

(5) Како нечесна, ништовна е договорна одредба или услов со коишто се предвидува дека товарот на докажување што, според одредбите на овој член и членовите 134, 135, 136, 137, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145 146, 147 и 148 од овој закон, е на трговецот, се префрла на потрошувачот.

(6) Формата и содржината на стандардните обрасци со информации за договорот за временски поделена употреба на недвижност, за договорот за долгорочен производ за одмор, за договорот за препродажба и за договорот за размена, како и посебниот стандарден образец за олеснување на правото на повлекување од овие договори ги пропишува министерот за економија.

Оддел 3
ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

**Форма и јазик на договорите**

Член 139

(1) Договорите од членот 134 од овој закон мора да бидат склучени во пишана форма, на хартија или на друг траен носач.

(2) Договорите од членот 134 од овој закон мора да бидат составени на македонски јазик  и неговото кирилско писмо, како и на  јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на територијата на Република Северна Македонија и неговото писмо, што не ја исклучува можноста од истовремена употреба и на други јазици.

(3) Трговецот е должен на потрошувачот да му врачи примерок или примероци од договорот во моментот на неговото склучување.

**Обврзаност на преддоговорните информации**

Член 140

(1) Информациите кои се однесуваат на преддоговорното информирање од членот 138 од овој закон претставуваат составен дел од соодветниот договор од членот 134 од овој закон.

(2) Информациите од членот 138 од овој закон што се однесуваат на преддоговорното информирање не можат да се менуваат освен ако страните изречно не се спогодат поинаку или пак ако измените произлегуваат од невообичаени и непредвидливи околности што се надвор од контрола на трговецот и чиишто последици не можел да ги избегне дури и ако постапувал со цело должно внимание.

(3) Во секој случај, трговецот е должен измените на информациите од ставот (2) на овој член да му ги соопшти на потрошувачот, пред склучувањето на договорот, на хартија или друг траен носач што е лесно достапен и пристапен за потрошувачот.

(4) Измените на информациите од ставот (2) на овој член мораат да бидат изрично наведени во договорот.

(5) Трговецот е должен, пред склучувањето на договорот, изречно да му укаже на потрошувачот на неговото право на повлекување од договорот, на должината на рокот за повлекување од договорот и на забраната за плаќање однапред за време на траењето на рокот за повлекување од договорот, согласно со членот 142 од овој закон.

(6) Договорните одредби од ставот (5) на овој член потрошувачот мора поединечно да ги потпише.

**Содржина на договорите**

Член 141

(1) Покрај информациите од членот 138 од овој закон што се однесуваат на преддоговорното информирање, во договорот мораат да бидат содржани и:

1) информации за идентитетот и седиштето, живеалиштето или престојувалиштето на секоја од страните, како и потпис на секоја од страните и

2) датумот и местото на склучување на договорот.

(2) За да се олесни користењето на правото на повлекување од договорот, договорот мора да го содржи и посебниот стандарден образец за олеснување на правото на повлекување пропишан во прописот од членот 138 став (6) од овој закон.

Оддел 4
ПРАВО НА ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ ЗА ВРЕМЕНСКИ ПОДЕЛЕНА УПОТРЕБА НА НЕДВИЖНОСТ, ЗА ДОЛГОРОЧЕН ПРОИЗВОД ЗА ОДМОР, ЗА ПРЕПРОДАЖБА И ЗА РАЗМЕНА

**Општи одредби**

Член 142

(1) Покрај правните лекови што му се на располагање на потрошувачот во случај на повреда на одредбите на овој член и членовите 134, 135, 136, 137, 138, 139, 140, 141, 143, 144, 145, 146, 147 и 148 од овој закон или на договорните обврски на трговецот, потрошувачот има право на повлекување од договорот за временски поделена употреба на недвижност, од договорот за долгорочен производ за одмор, од договорот за препродажба или од договорот за размена, во рок од 14 дена од денот на склучување на договорот, без притоа да даде причина или образложение за повлекувањето од соодветниот договор.

(2) Рокот за повлекување од ставот (1) на овој член се пресметува:

1) од денот на склучувањето на договорот, односно од денот на склучувањето на кој било соодветен обврзен преддоговор или

2) од денот кога потрошувачот ќе го добие договорот, односно од денот кога потрошувачот ќе го добие соодветниот обврзен преддоговор, ако овој датум е подоцнежен во однос на датумот од точката 1) на овој став.

(3) Во секој случај, рокот за повлекување на договорот истекува:

1) по една година и 14 дена од рокот од ставот (2) на овој член, а кога трговецот не го пополнил посебниот стандарден образец за олеснување на правото на повлекување пропишан во прописот од членот 138 став (6) од овој закон и истиот не му го дал на потрошувачот во пишана форма, на хартија или на друг траен носач или

2) по три месеци и 14 дена од рокот од ставот (2) на овој член, а кога трговецот не му ги дал на потрошувачот информациите согласно со членот 138 од овој закон што се однесуваат на преддоговорното информирање, вклучувајќи го и посебниот стандарден образец за олеснување на правото на повлекување пропишан во прописот од членот 138 став (6) од овој закон во пишана форма, на хартија или на друг траен носач.

(4) Кога посебниот стандарден образец за олеснување на правото на повлекување пропишан во прописот од членот 138 став (6) од овој закон трговецот го пополнил и му го дал на потрошувачот во пишана форма, на хартија или на друг траен носач, а во рок од една година од рокот од ставот (2) на овој член, рокот за повлекување почнува да тече од денот кога потрошувачот го добил соодветниот стандарден образец.

(5) Кога трговецот му ги дал на потрошувачот информациите од членот 138 од овој закон што се однесуваат на преддоговорното информирање, вклучувајќи го и посебниот стандарден образец за олеснување на правото на повлекување пропишан во прописот од членот 138 став (6) од овој закон во пишана форма, на хартија или на друг траен носач, а во рок од три месеци од рокот утврден во ставот (2) на овој член, рокот за повлекување почнува да тече од денот кога потрошувачот ги добил информациите согласно со членот 138 од овој закон што се однесуваат на преддоговорното информирање, вклучувајќи го и посебниот стандарден образец за олеснување на правото на повлекување пропишан во прописот од членот 138 став (6) од овој закон.

(6) Во случај кога на потрошувачот му е понуден договор за размена заедно и истовремено со договорот за временски поделена употреба на недвижност, тогаш на двата договори се применува единствен рок за повлекување, а во согласност со ставот (1) на овој член, додека пресметувањето на рокот за повлекување за двата договори ќе се оствари според одредбата од ставот (2) на овој член што се однесува на договорот за временски поделена употреба на недвижност.

**Начини на остварување на правото на повлекување**

Член 143

(1) Потрошувачот кој има намера да се користи со правото на повлекување од договорот мора за ова да го извести трговецот, пред истекот на рокот за повлекување од договорот согласно со членот 142 од овој закон, на хартија или на друг траен носач.

(2) Потрошувачот може, но не е обврзан, да го користи посебниот стандарден образец за олеснување на правото на повлекување пропишан во прописот од членот 138 став (6) од овој закон што трговецот му до доставил.

(3) Рокот за известување на трговецот за повлекувањето од соодветниот договор е испочитуван ако известувањето е направено пред истекот на рокот за повлекување.

**Дејство на остварување на правото на повлекување**

Член 144

(1) Остварување на правото на повлекување од склучениот договор од страна на потрошувачот има дејство на раскинување на договорот.

(2) Кога потрошувачот го остварува правото на повлекување од договор, тој не е одговорен за кој било трошок или која било вредност за услугите што биле извршени пред неговото повлекување од соодветниот договор.

**Забрана на плаќање однапред**

Член 145

(1) Кај договорите за временски поделена употреба на недвижност, договорите за долгорочен производ за одмор и договорите за размена е забрането кое било плаќање однапред, давање трговска гаранција, резервирање пари од сметка, изрично признавање долг или давање кој било друг надоместок од страна на потрошувачот на трговецот или на трет субјект, а пред истекот на рокот за повлекување од договорот согласно со членот 142 од овој закон.

(2) Кај договорите за препродажба е забрането кое било плаќање однапред, давање трговска гаранција, резервирање пари од сметка, изречно признавање долг или давање кој било друг надоместок од страна на потрошувачот на трговецот или на трет субјект, а пред вистинската продажба или раскинувањето на договорот за препродажба.

Оддел 5
ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ДОГОВОРИТЕ ЗА ВРЕМЕНСКИ ПОДЕЛЕНА УПОТРЕБА НА НЕДВИЖНОСТ

Член 146

(1) Потрошувачот кој се стекнал со право на временски поделена употреба на недвижност што се наоѓа на територијата на Република Северна Македонија има право да бара прибележување на ова право во Катастарот на недвижности.

(2) Во однос на прибележувањето од ставот (1) на овој член се применуваат одредбите од Законот за катастар на недвижности.

Оддел 6
ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ДОГОВОРИТЕ ЗА ДОЛГОРОЧЕН ПРОИЗВОД ЗА ОДМОР

Член 147

(1) Секое плаќање кај договорите за долгорочен производ за одмор се врши согласно со планот за отплата на рати.

(2) Забрането е секое плаќање на цената предвидено со договорот за долгорочен производ за одмор што не е во согласност со планот за отплата на рати.

(3) Секое плаќање по основ на договорот за долгорочен производ за одмор, вклучувајќи ги и надоместоците за членство (членарините), мора да биде поделено во годишни рати со еднаква висина.

(4) Трговецот е должен да му прати на потрошувачот барање за исплата по основ на договорот за долгорочен производ за одмор во пишана форма на хартија или на друг траен носач, најмалку 14 дена пред денот на стасувањето на секоја поединечна рата.

(5) Почнувајќи од втората рата и понатаму, потрошувачот може да го раскине договорот за долгорочен производ за одмор без негова обврска да плати која било договорна казна, а по пат на известување на трговецот направено во рок од 14 дена од приемот на барањето за исплата на секоја рата.

(6) Правото на потрошувачот за раскинување на договорот од ставот (5) на овој член не влијае на неговите права на раскинување согласно со Законот за облигационите односи.

Оддел 7
РАСКИНУВАЊЕ НА СПОРЕДНИТЕ ДОГОВОРИ

Член 148

(1) Со остварувањето на правото на повлекување од договорот на временски поделена употреба на недвижност или од договорот за долгорочен производ за одмор, по сила на закон се раскинува и кој било спореден договор за размена или кој било друг спореден договор, без потрошувачот за ова да поднесе каков било трошок.

(2) Без оглед на одредбите од членот 15 од Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити, доколку потрошувачот сака да го оствари своето правото за повлекување од договорот за временски поделена употреба на недвижност, од договорот за долгорочен производ за одмор, од договорот за препродажба или од договорот за размена, согласно со членовите 142, 143 и 147 став (5) од овој закон, сите споредни договори веднаш престануваат да важат.

(3) Во однос на дејството на раскинување на споредните договори, соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, но без обврска на потрошувачот да одговара за какви било трошоци или штета поврзани со самото раскинување на споредните договори, освен оние изрично предвидени со одредбите од овој член.

ПОГЛАВЈЕ 6
ДОГОВОРИ ЗА СНАБДУВАЊЕ НА ДИГИТАЛНИ СОДРЖИНИ И ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ

Оддел 1
ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Обем на примена на одредбите за договори за снабдување на дигитални содржини и дигитални услуги**

Член 149

(1) Одредбите од овој закон со кои се уредуваат договорите за снабдување на дигитални содржини и дигитални услуги се применуваат на кој било договор кога трговецот снабдува или се обврзува да снабди дигитална содржина или дигитална услуга на потрошувачот, а потрошувачот плаќа или се обврзува да плати цена.

(2) Одредбите од овој закон со кои се уредуваат договорите за снабдување на дигитални содржини и дигитални услуги се применуваат и кога трговецот снабдува или се обврзува да снабди дигитална содржина или дигитална услуга на потрошувачот, а потрошувачот обезбедува или се обврзува да обезбеди лични податоци на трговецот, освен кога личните податоци обезбедени од потрошувачот се исклучиво обработени од трговецот за набавка на дигитална содржина или дигитална услуга во согласност со овој закон или за да му овозможи на трговецот да ги почитува законските барања со кои е обврзан, а трговецот не ги обработува тие податоци за која било друга цел.

(3) Одредбите од овој закон со кои се уредуваат договорите за снабдување на дигитални содржини и дигитални услуги се применуваат и кога дигиталната содржина или дигиталната услуга е обезбедена во согласност со барањата на потрошувачот.

(4) Одредбите од овој закон со кои се уредуваат договорите за снабдување на дигитални содржини и дигитални услуги се применуваат и на траен носач кој служи исклучиво како носител на дигитална содржина, освен ако со овој закон не е поинаку определено.

(5) Со одредбите од овој член и членовите 150, 151, 152, 153, 154, 155, 156, 157, 158, 159, 160, 161, 162, 163, 164, 165, 166, 167, 168 и 169 од овој закон не се засега во можноста трговците да им нудат на потрошувачите стапување во договорни односи што подразбираат повисоко ниво на заштита отколку она што произлегува од овие одредби.

**Исклучоци од примена на одредбите за договори за снабдување на дигитални содржини и дигитални услуги**

Член 150

(1) Одредбите од овој закон со кои се уредуваат договорите за снабдување на дигитални содржини и дигитални услуги не се применуваат на дигитални содржини или дигитални услуги што се вметнати или меѓусебно поврзани со стоки со дигитален елемент и кои се снабдени со стоки врз основа на договор за продажба на тие стоки, без оглед на тоа дали таквата дигитална содржина или дигитална услуга е снабдена од продавачот или од трето лице.

(2) Во случај на сомневање дали снабдувањето со вклучена или меѓусебно поврзана дигитална содржина или вградена или меѓусебно поврзана дигитална услуга претставува дел од договорот за продажба, се смета дека дигиталната содржина или дигиталната услуга е опфатена со договорот за продажба.

(3) Одредбите од овој закон со кои се уредуваат договорите за снабдување на дигитални содржини и дигитални услуги не се применуваат на договори во врска со:

1) обезбедување на услуги кои не се дигитални услуги, без оглед на тоа дали дигиталните форми или средства трговецот ги користи за производство на производот на услугата или за испорака или пренесување на истиот до потрошувачот;

2) електронски комуникациски услуги, со исклучок на бројни независни меѓучовечки електронски комуникациски услуги согласно со закон;

3) услуги на здравствена заштита согласно со закон;

4) услуги на игри на среќа, имено, услуги кои вклучуваат вложување на удел со парична вредност во игри на среќа, вклучувајќи ги и оние со елемент на вештина, како што се лотарии, казино игри, покер игри и обложувалници, преку електронски средства или која било друга технологија за олеснување на комуникацијата и на индивидуално барање на примател на такви услуги согласно со закон;

5) финансиски услуги согласно со закон;

6) софтвер што го нуди трговецот под лиценца за слободен софтвер со отворен извор, каде потрошувачот не плаќа цена и личните податоци обезбедени од потрошувачот се исклучиво обработени од трговецот заради подобрување на безбедноста, компатибилноста или интероперабилноста на таа специфичност на софтверот;

7) снабдување со дигитална содржина каде што дигиталната содржина е достапна на пошироката јавност, освен со пренос на сигнал како дел од изведба или настан, како што се дигитални кинематографски проекции и

8) дигитална содржина обезбедена од органите во јавниот сектор.

(4) Кога во договорот помеѓу ист трговец и ист потрошувач се опфатени и снабдување на дигитална содржина или дигитална услуга и снабдување на други стоки и услуги, на правата и обврските од договорот што се однесуваат на дигиталната содржина или дигиталната услуга се применуваат одредбите со кои се уредуваат договорите за снабдување на дигитални содржини и дигитални услуги.

## Оддел 2
## СНАБДУВАЊЕ НА ДИГИТАЛНА СОДРЖИНА ИЛИ ДИГИТАЛНА УСЛУГА

**Обврски на трговецот за снабдување на дигитална содржина или дигитална услуга**

Член 151

(1) Трговецот е обврзан да го снабди потрошувачот со дигитална содржина или дигитална услуга на начин и услови определени со овој закон.

(2) Освен ако страните не се договорат поинаку, трговецот треба да ја снабди дигитална содржина или дигитална услуга без непотребно одлагање по склучувањето на договорот.

**Кога ќе се смета дека трговецот ја исполнил обврската за снабдување на дигитална содржина или дигитална услуга**

Член 152

Трговецот ќе се смета дека ја исполнил обврската за снабдување на дигитална содржина или дигитална услуга од членот 151 од овој закон кога:

1) дигиталната содржина или какво било средство погодно за пристап до дигиталната содржина или преземање на дигиталната содржина е ставено на располагање на потрошувачот или му е направено достапно или на физички објект или на виртуелен објект избран од потрошувачот за таа намена и

2) дигиталната услуга е направена достапна на потрошувачот или на физички објект или на виртуелен објект избран од потрошувачот за таа намена.

## Оддел 3
## СООБРАЗНОСТ НА ДИГИТАЛНА СОДРЖИНА ИЛИ ДИГИТАЛНА УСЛУГА

**Обврска за сообразност**

Член 153

Трговецот е должен да го снабди потрошувачот со дигитална содржина или дигитална услуга што ги исполнува субјективните и објективните барањата за сообразност со договорот за снабдување на дигитална содржина и дигитална услуга определени во членовите 154 и 155 од овој закон, доколку е применливо, така што нема да биде во спротивност со барањата за правата на трети лица определени во членот 157 од овој закон.

**Субјективни барања за сообразност на дигитална содржина и дигитална услуга со договорот**

Член 154

Дигиталната содржина или дигиталната услуга, се сообразни со договорот, каде што е применливо, особено кога:

1) се со опис, квантитет, квалитет и функционалност, компатибилност, интероперабилност и други карактеристики, како што е предвидено со договорот;

2) се погодни за посебната намена за којашто потрошувачот ги набавува, за што трговецот знаел во моментот на склучување на договорот и истото го прифатил;

3) се испорачани со сите додатоци, упатства, вклучително и за инсталација и корисничка поддршка, како што е предвидено со договорот и

4) се ажурираат како што е предвидено со договорот.

**Објективни барања за сообразност на дигитална содржина и дигитална услуга со договорот**

Член 155

(1) Покрај исполнувањето на сите субјективни барања за сообразност од членот 154 од овој закон, за да се смета дека се сообразни со договорот дигиталната содржина или дигиталната услуга, мора да:

1) се погодни за намената за којашто дигиталните содржини или дигиталните услуги од истиот вид вообичаено се користат, каде што е применливо, согласно со прописите на Република Северна Македонија и на Европската Унија, техничките стандарди или во отсуство на такви технички стандарди, кодексите на однесување во соодветниот сектор;

2) се во соодветна количина и да имаат својства и карактеристики на изведба, вклучително и во однос на функционалноста, компатибилноста, пристапноста, континуитетот и безбедноста, коишто се вообичаени за дигитална содржина или дигитални услуги од ист вид и коишто потрошувачот може разумно да ги очекува, со оглед на природата на дигитална содржина или дигитална услуга и имајќи ги предвид сите јавни изјави дадени од страна на трговецот или во негово име или од страна на други лица во претходните фази на ист ланец на договори, особено во рекламирање или означување, освен ако трговецот не докаже дека:

а) не знаел и не можел разумно да знае за соодветните изјави;

б) до времето на склучување на договорот, јавната изјава била поправена на ист начин или на начин кој е споредлив со оној на кој е дадена или

в) таа јавна изјава не можела да влијае на одлуката на потрошувачот за набавка на дигитална содржина или дигитална услуга;

3) каде што е применливо, се испорачува заедно со сите додатоци и упатства што потрошувачот може разумно да очекува да ги добие и

4) се во согласност со која било пробна верзија или предпреглед на дигиталната содржина или дигиталната услуга, достапна од трговецот пред склучувањето на договорот.

(2) Трговецот гарантира дека потрошувачот е информиран и му се обезбедуваат ажурирања, вклучително и безбедносни ажурирања, коишто се потребни за да се задржи сообразноста на дигиталната содржина или дигиталната услуга, во одреден временскиот период:

1) кога дигиталната содржина или дигиталната услуга се испорачува согласно со договорот, за договори каде е договорено континуирано снабдување за одреден временски период или

2) што потрошувачот може разумно да го очекува, со оглед на видот и целта на дигиталната содржина или дигиталната услуга и земајќи ги предвид околностите и природата на договорот, кога договорот предвидува еднократно снабдување или низа поединечни снабдувања.

(3) Доколку потрошувачот, во разумен рок, не ги инсталира ажурирањата обезбедени од трговецот во согласност со ставот (2) на овој член, трговецот нема да биде одговорен за несообразноста што произлегува исклучиво од пропуштање на инсталација на соодветното ажурирање, под услов:

1) трговецот да го информирал потрошувачот за достапноста на ажурирањето и за последиците на пропуштањето на инсталација на ажурурањето и

2) потрошувачот да не го инсталирал ажурирањето или несоодветната инсталација на ажурирањето од страна на потрошувачот да не е резултат на недостатоци во упатствата за инсталација дадени од трговецот.

(4) Кога договорот предвидува континуирано снабдување со дигитална содржина или дигитална услуга за одреден временски период, дигиталната содржина или дигиталната услуга ќе бидат сообразни со договорот во целото времетраење на тој период.

(5) Нема да се смета дека постои несообразноста во смисла на ставовите (1) и (2) на овој член, доколку во времето на склучување на договорот, потрошувачот бил посебно информиран дека одредена карактеристика на дигиталната содржина или дигиталната услуга отстапува објективните барања за сообразност и потрошувачот изрично и посебно го прифатил тоа отстапување при склучување на договорот.

(6) Освен ако страните не се договорат поинаку, дигиталната содржина или дигиталната услуга ќе се испорачуваат во најновата верзија достапна за време на склучувањето на договорот.

**Неправилна интеграција на дигиталната содржина или дигиталната услуга**

Член 156

Како несообразност ќе се смета и која било несообразност што е последица на неправилна интеграција на дигиталната содржина или дигиталната услуга во дигиталното опкружување на потрошувачот, доколку дигиталната содржина или дигиталната услуга е интегрирана од страна на трговецот или под негов надзор, како и кога дигиталната содржина или дигиталната услуга требало да ги интегрира потрошувачот и тоа го сторил, а неправилната интеграција е последица на недостатоци во упатствата за интеграција дадени од страна на трговецот.

**Права на трети лица во случај на снабдување на дигиталната содржина или дигиталната услуга**

Член 157

Ако користењето на дигитална содржина или дигитална услуга во согласност со членовите 154 и 155 од овој закон е оневозможено или ограничено поради повреда на кое било право на трето лице, особено правата на интелектуална сопственост, потрошувачот има права во случај на несообразност на дигитална содржина или дигитална услуга предвидени во членовите 161, 162, 163 и 164 од овој закон.

Оддел 4
ОДГОВОРНОСТ НА ТРГОВЕЦОТ

**Кога одговара трговецот за дигиталната содржина или дигиталната услуга**

Член 158

(1) Трговецот одговара кога нема да го снабди потрошувачот со дигитална содржина или дигитална услуга согласно со членовите 151 и 152 од овој закон.

(2) Кога договорот предвидува еднократно снабдување или низа поединечни снабдувања, трговецот е одговорен за секоја несообразност што постоела во времето на снабдувањето, без оглед дали трговецот за тоа знаел, односно има законска одговорност за сообразност на дигиталната содржина или дигиталната услуга.

(3) Трговецот одговара за несообразноста две години од денот на снабдувањето на потрошувачот со дигитална содржина или дигатална услуга, без да се засега во правата од членот 155 став (2) точка 2) од овој закон.

(4) Кога договорот предвидува континуирано снабдување за одреден временски период, трговецот согласно со членовите 154, 155 и 156 од овој закон е одговорен за несообразноста што ќе се појави или ќе стане очигледна во периодот за кој дигиталната содржина или дигиталната услуга мора да се снабдува според договорот.

**Товар на докажување на снабдување на дигиталната содржина или дигиталната услуга**

Член 159

(1) Товарот на докажување во врска со тоа дали дигиталната содржина или дигиталната услуга е снабдена согласно со членовите 151 и 152 од овој закон, е на трговецот.

(2) Во случаите кога договорот предвидува еднократно снабдување или низа поединечни снабдувања, товарот на докажување во врска со тоа дали снабдената дигитална содржина или дигиталната услуга била сообразна во време на снабдувањето, е на трговецот за онаа несообразност која станува очигледна во рок од една година од времето кога е снабдена дигиталната содржина или дигиталната услуга.

(3) Во случаите кога договорот предвидува континуирано снабдување, товарот на докажување во врска со тоа дали дигиталната содржина или дигиталната услуга била сообразна во рамките на периодот за кој дигиталната содржина или дигиталната услуга морало да се снабдуваат според договорот, е на трговецот за недостаток на сообразност, кој станува очигледен во тој период.

(4) Одредбите на ставовите (2) и (3) на овој член не се применуваат ако трговецот докаже дека дигиталното опкружување на потрошувачот не е компатибилно со техничките барања на дигиталната содржина или дигиталната услуга и ако трговецот на јасен и разбирлив начин го известил потрошувачот за таквите барања пред склучување на договорот.

(5) Потрошувачот треба да соработува со трговецот, колку што е тоа разумно можно и потребно, за да утврди дали причината за несообразност на дигиталната содржина или дигиталната услуга во времето определено за еднократно снабдување или низа поединечни снабдувања, односно за континуирано снабдување, каде што е применливо, е во дигиталното опкружување на потрошувачот.

(6) Обврската на потрошувачот за соработка од ставот (5) на овој член ќе биде ограничена на технички достапни средства што најмалку го оптоваруваат потрошувачот.

(7) Кога потрошувачот не соработува и кога трговецот го известил потрошувачот за техничките барања на јасен и разбирлив начин пред склучувањето на договорот, товарот на докажување во врска со тоа дали несообразноста постоела во времето определено во членот 158 став (2) или став (4) од овој закон, како што е применливо, е на потрошувачот.

## Оддел 5
## ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕСНАБДУВАЊЕ И ОД НЕСООБРАЗНОСТ НА ДИГИТАЛНАТА СОДРЖИНА ИЛИ ДИГИТАЛНАТА УСЛУГА

**Права на потрошувачот во случај на неснабдување  на дигиталната содржина или дигиталната услуга**

### Член 160

(1) Ако трговецот не го снабдил потрошувачот со дигитална содржина или дигитална услуга во согласност со членовите 151 и 152 од овој закон, потрошувачот има право да бара од трговецот да го снабди со дигиталната содржина или дигиталната услуга.

(2) Ако трговецот и по барањето од ставот (1) на овој член не го снабди потрошувачот со дигитална содржина или дигитална услуга без непотребно одлагање или во дополнителен рок којшто страните изрично ќе го договорат, потрошувачот има право да го раскине договорот.

(3) По исклучок на ставот (1) на овој член, потрошувачот има право веднаш да го раскине договорот, кога:

1) трговецот изјавил или од околностите е подеднакво јасно, дека трговецот нема да го снабди со дигитална содржина или дигитална услуга и

2) потрошувачот и трговецот се согласиле или од околностите при склучување на договорот е очигледно, дека определеното време за снабдување е суштинско за потрошувачот, а трговецот не го снабди со дигитална содржина или дигитална услуга до тоа време или во тоа време.

(4) Ако потрошувачот го раскине договорот согласно со ставовите (2) или (3) на овој член, се применуваат членовите 164, 165 и 166 од овој закон.

**Права на потрошувачот во случај на несообразност на дигиталната содржина или дигиталната услуга**

### Член 161

Во случај на несообразност на дигиталната содржина или дигиталната услуга со договорот, потрошувачот има право:

1) да бара отстранување на несообразноста на дигиталната содржина или дигиталната услуга;

2) да бара сразмерно намалување на цената на дигиталната содржина или дигиталната услуга или

3) да го раскине договорот за снабдување на дигитална содржина и дигитална услуга, под условите утврдени со овој закон.

**Право на отстранување на несообразноста на дигиталната содржина или дигиталната услуга**

Член 162

(1) Потрошувачот има право да бара бесплатно отстранување на несообразноста на дигиталната содржина или дигиталната услуга, освен ако тоа е невозможно или несоодветно.

(2) Барањето на потрошувачот за отстранување на несообразноста се смета за несоодветно ако за трговецот повлекува трошоци што се неразумни во однос на другите евентуални барања на потрошувачот, а имајќи ги предвид вредноста на стоката доколку не постоела несообразноста, значењето на несообразноста за потрошувачот, како и тоа дали другото евентуално барање на потрошувачот би можело да биде исполнето без значителни непријатности за потрошувачот.

(3) Трговецот или лицето определено од негова страна е должен да ја отстрани несообразноста на дигиталната содржини или дигиталната услуга, согласно со ставот (2) на овој член, во разумен рок од времето кога потрошувачот го информирал трговецот за несообразноста, бесплатно и без значителни непријатности за потрошувачот, земајќи ја предвид природата на дигиталната содржина или дигиталната услуга и целта за која потрошувачот ја набавува дигитална содржина или дигитална услуга.

**Право на сразмерно намалување на цената на дигиталната содржина или дигиталната услуга**

Член 163

(1) Потрошувачот има право на сразмерно намалување на цената кога дигиталната содржина или дигиталната услуга се снабдува во замена за плаќање на цена, во следниве случаи:

1) кога отстранувањето на несообразноста на дигиталната содржина или дигиталната услуга е невозможно или несразмерно;

2) кога трговецот или лицето определено од негова страна не ја отстранил несообразноста на дигиталната содржина или дигиталната услуга;

3) кога несообразност се појавува и покрај обидот на трговецот или лицето определено од негова страна да ја отстрани несообразноста на дигиталната содржина или дигиталната услуга;

4) кога несообразноста е од толку сериозна природа што може да оправда непосредно намалување на цената или

5) трговецот или лицето определено од негова страна изјавил или е јасно од околностите, дека нема да ја отстрани несообразноста на дигиталната содржина или дигиталната услуга во разумен рок или без значителни непријатности за потрошувачот.

(2) Сразмерното намалување на цената се врши според сразмерот помеѓу вредноста на сообразната дигитална содржина или дигитална услуга и вредноста на несообразната дигитална содржина или дигитална услуга во времето на склучувањето на договорот.

(3) Кога договорот предвидува дигиталната содржина или дигиталната услуга да се снабдуваат за одреден временски период во замена за плаќање на цена, сразмерното намалување на цената се однесува на периодот во кој дигиталната содржина или дигиталната услуга била несообразна.

**Право на раскинување на договорот за снабдување на дигитална содржина и дигитална услуга**

Член 164

(1) Потрошувачот има право на раскинување на договорот за снабдување на дигиталната содржина и дигиталната услуга, кога дигиталната содржина или дигиталната услуга се снабдува во замена за плаќање на цена, во следниве случаи:

1) кога отстранувањето на несообразноста на дигиталната содржина или дигиталната услуга е невозможно или несразмерно;

2) кога трговецот или лицето определено од негова страна не ја отстранил несообразноста на дигиталната содржина или дигиталната услуга;

3) кога несообразност се појавува и покрај обидот на трговецот или лицето определено од негова страна да ја отстрани несообразноста на дигиталната содржина или дигиталната услуга;

4) кога несообразноста е од толку сериозна природа што може да оправда раскинување на договорот или

5) трговецот или лицето определено од негова страна изјавил или е јасно од околностите, дека нема да ја отстрани несообразноста на дигиталната содржина или дигиталната услуга во разумен рок или без значителни непријатности за потрошувачот.

(2) Кога дигиталната содржина или дигиталната услуга се снабдува во замена за плаќање на цена, потрошувачот има право да го раскине договорот само ако несообразноста не е од помало значење.

(3) Товарот на докажување во врска со тоа дали несообразноста е од помало значење е на трговецот.

(4) Потрошувачот го остварува правото на раскинување на договорот за снабдување на дигитална содржина и дигитална услуга со изјава до трговецот со која ќе ја изрази одлуката за раскинување на договорот.

**Обврски на трговецот во случај на раскинување на договорот за снабдување на дигитална содржина и дигитална услуга**

Член 165

(1) Во случај на раскинување на договорот за снабдување на дигитална содржина и дигитална услуга, трговецот е должен на потрошувачот да му ги надомести сите износи кои што потрошувачот ги платил според договорот.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случаи кога договорот предвидува снабдување на дигитална содржина или дигитална услуга во замена за плаќање на цена и за одреден временски период, а дигиталната содржина или дигиталната услуга биле сообразни за одреден временски период пред раскинување на договорот, трговецот е должен на потрошувачот да му надомести само сразмерен дел од платената цена што одговара на периодот во кој дигиталната содржина или дигиталната услуга биле несообразни, како и кој било дел од цената платена од потрошувачот однапред за кој било период од договорот што би преостанал доколку договорот не бил раскинат.

(3) Во однос на личните податоци на потрошувачот, трговецот е должен да ги почитува обврските што произлегуваат од прописите за заштита на личните податоци.

(4) Трговецот не смее да користи која било друга содржина освен лични податоци, а која што потрошувачот ја обезбедил или создал при користење на дигитална содржина или дигитална услуга снабдена од трговецот, освен кога таа содржина:

1) е неупотреблива надвор од контекстот на дигиталната содржина или дигиталната услуга обезбедена од трговецот;

2) се однесува исклучиво на активноста на потрошувачот кога се користи дигиталната содржина или дигиталната услуга дадена од трговецот;

3) трговецот ја споил со други податоци и не може да се раздвои или за таквото раздвојување би биле потребни несразмерни напори или

4) е создадена заеднички од потрошувачот и други лица, а другите потрошувачи се во можност да продолжат да ја користат содржината.

(5) По исклучок од ставот (4) точки 1), 2) и 3) на овој член, трговецот е должен, на барање на потрошувачот, да му ја стави на располагање секоја содржина којашто не опфаќа лични податоци, а којашто потрошувачот ја обезбедил или ја создал при користење на дигитална содржина или дигитална услуга снабдена од трговецот.

(6) Потрошувачот има право дигиталната содржина од ставот (5) на овој член да ја добие бесплатно, без ограничувања од страна на трговецот, во разумен рок и во вообичаен формат и читлив од информатичка опрема којашто вообичаено се употребува.

(7) Без да се засега во примената на ставот (6) на овој член, трговецот може да спречи какво било понатамошно користење на дигиталната содржина или дигиталната услуга од страна на потрошувачот, особено така што на потрошувачот ќе му оневозможи пристап на дигиталната содржина или дигиталната услуга или ќе ја оневозможи корисничката сметка на потрошувачот.

**Обврски на потрошувачот во случај на раскинување на договорот за снабдување на дигитална содржина и дигитална услуга**

Член 166

(1) По раскинувањето на договорот за снабдување на дигитална содржина и дигитална услуга, потрошувачот не смее да ја користи дигиталната содржина или дигиталната услуга, како и да ги стави на располагање на трети лица.

(2) Ако дигиталната содржина е снабдена на траен носач, потрошувачот има обврска, на барање и на трошок на трговецот, да го врати на трговецот трајниот носач без непотребно одлагање.

(3) Барањето за враќање на трајниот носач од ставот (2) на овој член трговецот го поднесува во рок од 14 дена од денот на кој трговецот е известен за одлуката на потрошувачот дека сака да го раскине договорот.

(4) Потрошувачот не е должен да плати надоместок за каква било употреба на дигитална содржина или дигитална услуга за времето пред раскинувањето на договорот, а во кое време дигиталната содржина или дигиталната услуга биле несообразни.

**Рокови и начин на враќање на платеното**

Член 167

(1) Трговецот е обврзан секој износ кој му го должи на потрошувачот, поради сразмерно намалување на цената согласно со членот 163 од овој закон или раскинување на договорот согласно со членот 164 од овој закон, да го исплати без непотребно одлагање, а најдоцна во рок од 14 дена од денот кога трговецот е известен за одлуката на потрошувачот дека бара намалување на цената или дека сака да го раскине договорот.

(2) Трговецот е обврзан враќањето на износите платени од потрошувачот да го изврши со користење на истите средства за плаќање кои што ги користел потрошувачот при плаќање за дигиталната содржина или дигиталната услуга, освен ако потрошувачот изрично не се согласи поинаку и под услов потрошувачот да не треба да плати никакви дополнителни трошоци за таквото враќање.

(3) Трговецот не смее да наплаќа никакви дополнителни трошоци при враќање на износите платени од потрошувачот согласно со ставот (1) на овој член.

**Измена на дигиталната содржина или дигиталната услуга**

Член 168

(1) Ако со договорот е предвидено дигиталната содржина или дигиталната услуга да се снабдува или да му биде достапна на потрошувачот за одреден временски период, трговецот може да ја измени дигиталната содржина или дигиталната услуга вон потребното за одржување на дигиталната содржина или дигиталната услуга сообразна согласно со членовите 154 и 155 од овој закон, доколку се исполнети следниве услови:

1) договорот предвидува таква измена и во него се определени оправданите причини за тоа;

2) измената се прави без дополнителни трошоци за потрошувачот;

3) потрошувачот е информиран на јасен и разбирлив начин за измената и

4) во случаите наведени во ставот (2) на овој член, потрошувачот во разумен рок пред измената и на траен носач е информиран за карактеристиките и времето на измената и за правото да го раскине договорот во согласност со ставот (2) на овој член или за можноста за одржување на дигиталната содржина или дигиталната услуга без таква измена во согласност со ставот (4) на овој член.

(2) Потрошувачот има право да го раскине договорот доколку измената во случаите наведени во ставот (1) на овој член негативно влијае на пристапот на потрошувачот или користењето на дигиталната содржина или дигиталната услуга, освен ако тоа негативно влијание е од споредно значење.

(3) Во случајот од ставот (2) на овој член, потрошувачот има право да го раскине договорот бесплатно, во рок од 30 дена од приемот на информацијата или од времето кога дигиталната содржина или дигиталната услуга е изменета од трговецот, кое и да настапило подоцна.

(4) Ако потрошувачот го раскине договорот во согласност со ставовите (2) и (3) на овој член, соодветно се применуваат членот 164 став (4) и членовите 165, 166 и 167 од овој закон.

(5) Одредбите од ставовите (2), (3) и (4) на овој член не се применуваат ако трговецот му овозможил на потрошувачот да ја задржи, без дополнителни трошоци, дигиталната содржина или дигиталната услуга без измена, а дигиталната содржина или дигиталната услуга и натаму се сообразни.

**Каскадна одговорност**

Член 169

(1) Кога непосредниот трговецот му одговара на потрошувачот затоа што не го снабдил со дигиталната содржина или дигиталната услуга или поради несообразност што е последица на сторување или несторување на претходниот трговец во ист ланец на договори, непосредниот трговецот има право да поднесува барања во однос на одговорниот субјект или одговорните субјекти во договорниот ланец.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член соодветно се применуваат и одредбите од Законот за облигационите односи за регрес.

Дел четврти
ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Глава 1
ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Поглавје 1
ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

**Донесување на Програмата**

Член 170

(1) За заштита на потрошувачите, Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за економија донесува Програма за заштита на потрошувачите за период од една година.

(2) Работите во врска со спроведувањето на политиките за заштита на потрошувачите, односно следењето и евиденцијата за извршените работи од Програмата за заштита на потрошувачите ги врши Министерството за економија.

(3) Средствата за реализација на Програмата за заштита на потрошувачите се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

(4) Министерот за економија еднаш годишно доставува извештај за спроведувањето на Програмата за заштита на потрошувачите до Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до февруари наредната година.

**Предмет на Програмата**

Член 171

Во Програмата за заштита на потрошувачите од членот 170 од овој закон се уредуваат:

1) политиката за заштита на потрошувачите;

2) мерките и активностите за остварување на политиката за заштита на потрошувачите;

3) советувањето, едукацијата и информирањето на потрошувачите и

4) средствата за реализирање на Програмата.

**Совет за заштита на потрошувачите**

Член 172

(1) Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за економија формира Совет за заштита на потрошувачите (во натамошниот текст: Совет).

(2) Советот го сочинуваат 13 члена од претставници на органите на државната управа чии надлежности се поврзани со заштита на потрошувачите, здруженијата за заштита на правата на потрошувачите и стопанските комори и тоа:

1) два претставника од Министерството за економија (претседател и секретар на Советот) и

2) по еден претставник од:

- Министерството за финансии,
- Министерството за правда,
- Министерството за труд и социјална политика,
- Секретаријатот за европски прашања,
- Бирото за развој на образованието,

- Агенцијата за храна и ветеринарство,
- Државниот пазарен инспекторат,
- Државниот санитарен и здравствен инспекторат,
- Агенцијата за електронски комуникации,
- здруженијата за заштита на правата на потрошувачите и
- стопанските комори.

(3) Членовите на Советот имаат право на надоместок за учество во работата на Советот.

(4) Висината на надоместокот од ставот (3) на овој член ја определува Владата на Република Северна Македонија во износ од една третина од просечната плата во Република Северна Македонија за учество на седница одржана во месецот.

**Активности на Советот**

Член 173

Советот ги врши следниве активности:

1) се грижи за заштита и остварување на правата на потрошувачите во однос на заштитата на здравјето, безбедноста, економските интереси и за нивното редовно информирање во остварувањето на нивните права;

2) ги проучува важечките правни прописи и предлага соодветни измени во областа на правната заштита на потрошувачите до Министерството за економија;

3) предлага преземање соодветни мерки за заштита на здравјето, безбедноста и економските интереси на потрошувачите до Министерството за економија;

4) ја оценува состојбата на пазарот во поглед на степенот на заштитата на потрошувачите и

5) води посебна грижа за заштита на потрошувачите кои се малолетници, стари и изнемоштени лица, социјално загрозените лица, неписмени, емигранти и лицата чии живеалишта се наоѓаат во тешко пристапни предели.

**Работа на Советот**

Член 174

(1) Со работата на Советот раководи претседател на Советот.

(2) Работата на Советот е јавна.

(3) Советот за својата работа донесува деловник.

(4) Мандатот на членовите на Советот изнесува четири години со право на повторен избор.

**Заштита на потрошувачите на ниво на општина, односно градот Скопје**

Член 175

(1) Заштитата на потрошувачите на ниво на општината, односно на градот Скопје се обезбедува преку совет за заштита за потрошувачите на општината, односно градот Скопје.

(2) Советите за заштита на потрошувачите од ставот (1) на овој член се конституираат како постојани работни тела на советите на општините, односно градот Скопје.

(3) Членовите на советите за заштита на потрошувачите од ставот (1) на овој член се избираат од редовите на советниците, здруженијата за заштита на правата на потрошувачите и од други здруженија на граѓани, стопанските комори, јавните претпријатија со седиште на територијата на општината и органите за надзор на пазарот кои вршат инспекциски надзор во областа на заштита на потрошувачите.

(4) Советите за заштита на потрошувачите од ставот (1) на овој член предлагаат локални едногодишни програми за заштита на потрошувачите, во согласност со Програмата за заштита на потрошувачите од членот 170 од овој закон, кои ги усвојуваат советите на општините, односно Советот на градот Скопје.

(5) Советите за заштита на потрошувачите од ставот (1) на овој член остваруваат редовни контакти и соработка со Советот за заштита на потрошувачите формиран од Владата на Република Северна Македонија согласно со членот 172 од овој закон.

(6) Општините, односно градот Скопје во рамките на своите буџети можат да планираат средства за поддршка на здруженијата за заштита на правата на потрошувачите кои дејствуваат на локално ниво.

## Поглавје 2
## ЗДРУЖЕНИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И СТОПАНСКИ КОМОРИ

### Оддел 1
### Здруженија за заштита на правата на потрошувачите

**Основање на здруженија за заштита на правата на потрошувачите**

Член 176

(1) Здруженијата за заштита на правата на потрошувачите, како носители на заштитата на правата на потрошувачите, ги основаат потрошувачите заради унапредување, остварување и заштита на своите права.

(2) Здруженијата за заштита на правата на потрошувачите се основаат како здруженија, согласно со Законот за здруженија и фондации.

**Активности на здруженијата за заштита на правата на потрошувачите**

Член 177

Здруженијата за заштита на правата на потрошувачите ги спроведуваат следниве активности:

1) иницираат донесување на нови и измени на важечките прописи;

2) даваат мислења по предлози на законите и други подзаконски акти кои се релевантни за заштита на потрошувачите;

3) иницираат расправи пред Советот за заштита на потрошувачите од членот 172 од овој закон и советите за заштита на потрошувачите на општините, односно градот Скопје од членот 175 од овој закон и заинтересираните страни по прашања кои се однесуваат на интересите на потрошувачите;

4) соработуваат и разменуваат информации со органите за надзор на пазарот и други органи на државната управа и локалната самоуправа по прашања кои се однесуваат на заштитата на потрошувачите;

5) ги информираат и советуваат потрошувачите преку бесплатни советувања;

6) работат на превенција и едукација на потрошувачите и подигањето на потрошувачката свест и култура;

7) учествуваат во имплементација на Програмата за заштита на потрошувачите од членот 170 од овој закон;

8) разгледуваат жалби на потрошувачите непосредно или во соработка со органите за надзор на пазарот и други органи на државната управа кои имаат надлежности поврзани со заштитата на потрошувачите и даваат правна помош и совети на потрошувачите по прашањата од прописите за заштита на потрошувачите;

9) посредуваат меѓу потрошувачите и трговците на стоки и давателите на услуги со цел за решавање на спорови;

10) им помагаат на потрошувачите или на одреден круг потрошувачи при поднесувањето тужби до надлежните судови за заштита на нивните права и можат да ги застапуваат интересите на потрошувачите во колективни спорови пред надлежните судови, доколку за тоа имаат соодветно овластување и

11) спроведуваат превентивна заштита на потрошувачите со известување и совети, односно со едукација на потрошувачите.

**Услови што треба да ги исполнат овластени тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите**

Член 178

(1) За определено здружение, фондација, установа или друга организација која е основана согласно со закон и која во рамките на својата регистрирана дејност се занимава со заштита на правата на потрошувачите, да се смета како овластено тело за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите потребно е покрај барањата утврдени во член 180 од овој закон да ги исполнува и следниве услови:

1) областа и целта на делување да му е заштита на правата на потрошувачите;

2) активно да работи на заштитата на правата на потрошувачите најмалку три години согласно со активностите утврдени во членот 177 од овој закон;

3) да има соодветни човечки, материјални и технички капацитети неопходни за вршење активности за заштита на правата на потрошувачите и

4) здружението, фондацијата, установата или другата организација или претставниците на истите, да имаат соодветно искуство, стручност и вештини за вршење активности од областа на заштитата на правата на потрошувачите на национално и на меѓународно ниво.

(2) Забрането е одредено здружение, фондација, установа или друга организација од ставот (1) на овој член да се претставува како овластено тело за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите доколку не ги исполнува условите од ставот (1) на овој член.

**Надлежен орган за давање овластување на тело за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите**

Член 179

(1) Надлежен орган за давање овластување на тело за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите во Република Северна Македонија е Министерството за економија.

(2) Министерот за економија ги овластува телата за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите доколку ги исполнуваат условите од членот 178 од овој закон.

**Барање за овластување на тело за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите**

Член 180

(1) За добивање на овластување за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите, подносителите, односно здруженијата, фондациите, установите или другите организации кои се основани согласно со закон и кои во рамките на својата регистрирана дејност се занимаваат со заштита на правата на потрошувачите согласно со членот 177 од овој закон и ги исполнуваат условите од членот 178 од овој закон, поднесуваат барање до писарницата на Министерството за економија.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член со пропратната документација од ставот (3) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот за административни услуги по електронски пат во Министерството за економија, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член потребно е да се достави:

1) статут на здружението, фондацијата, установата или другата организација;

2) решение за упис во Регистарот на други правни лица и извод на тековна состојба;

3) доказ дека заштита на правата на потрошувачите е главна дејност утврдена во статутот на здружението, фондацијата, установата или другата организација и во неговиот упис во Регистарот на други правни лица;

4) доказ за спроведени активности и способност во областа на заштита на правата на потрошувачите;

5) доказ дека здружението, фондацијата, установата или другата организација е претежно активна во областа на заштита на правата на потрошувачите најмалку три години и

6) доказ дека здружението, фондацијата, установата или другата организација е активна на меѓународно ниво во области кои се дел од заштитата на правата на потрошувачите и

7) доказ дека здружението, фондацијата, установата или другата организација има соодветни човечки, материјални и технички капацитети неопходни за вршење активности за заштита на правата на потрошувачите.

(4) Доказот од ставот (3) точка 2) на овој член по службена должност може да биде прибавен од страна на Министерството за економија во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги во рок од три дена од денот на поднесувањето на барањето од здружението, фондацијата, установата или другата организација.

(5) По исклучок на ставовите (2) и (4) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањето од ставот (1) на овој член со пропратната документација од ставот (3) на овој член и доказот од ставот (3) точка 2) на овој член прибавен по службена должност можат да бидат поднесени и доставени и во форма на електронски документ преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Министерството за економија, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(6) Формата и содржината на барањето за овластување на тело за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за економија.

**Постапка за овластување на тело за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите**

Член 181

(1) Ако се утврди дека со барањето од членот 180 став (1) од овој закон се доставени доказите од членот 180 став (3) од овој закон, како и дека се исполнети условите од членот 178 од овој закон, министерот за економија во рок од 15 дена од денот на доставувањето и прибирањето на доказите од членот 180 став (3) од овој закон донесува решение за овластување на тело за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите.

(2) Доколку барањето од членот 180 став (1) од овој закон не ги содржи доказите од членот 180 став (3) точки 1), 3), 4), 5), 6) и 7) од овој закон, Министерството за економија ќе го извести подносителот, односно здружението, фондацијата, установата или другата организација да го дополни барањето и/или дополнително да го појасни истото во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување. Ако подносителот на барањето ги отстрани недостатоците во определениот рок, ќе се смета дека поднесокот бил од почетокот доволно јасен. Ако подносителот не одговори во определениот рок, барањето ќе биде отфрлено во рок од седум дена со решение за отфрлање донесено од страна на министерот за економија.

(3) Решението од ставот (1) на овој член ги содржи називот и седиштето на овластеното тело за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите и податоците за доказите од членот 180 став (3) од овој закон.

(4) Решенијата од ставовите (1) и (2) на овој член можат да бидат издадени и во форма на електронски документи кои се доставуваат на профилот на здружението, фондацијата, установата или другата организација на Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(5) Против решението од ставот (2) на овој член подносителот на барањето може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до надлежен орган за одлучување во втор степен.

(6) Жалбата од ставот (5) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(7) Жалбата од ставот (5) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот за административни услуги по електронски пат во Министерството за економија, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(8) По исклучок на ставовите (4) и (7) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, решенијата од ставовите (1) и (2) на овој член и жалбата од ставот (5) на овој член можат да бидат доставени и поднесени и во форма на електронски документи преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до здружението, фондацијата, установата или другата организација, односно до надлежниот орган за одлучување во втор степен, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Контрола и Листа на овластени тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите**

Член 182

(1) Министерството за економија води Листа на овластени тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите.

(2) Во Листата на овластени тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите од ставот (1) на овој член се впишуваат овластени тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите кои се овластени согласно со членот 181 од овој закон.

(3) Министерството за економија, Листата на овластени тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите од ставот (1) на овој член ја објавува на својата веб-страница и редовно ја ажурира.

(4) Овластените тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите кои се овластени согласно со членот 181 од овој закон се должни најмалку еднаш годишно во рок од една година од денот на приемот на решението за овластување да ги доставуваат доказите од членот 180 став (3) од овој закон до Министерството за економија за контрола на исполнетост на условите согласно со членот 178 од овој закон.

(5) Ако согласно со ставот (4) на овој член се утврди дека овластеното тело за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите престанало да ги исполнува условите утврдени во членот 178 од овој закон согласно со доставените докази од членот 180 став (3) од овој закон, министерот за економија во рок од 15 дена од денот на доставувањето на доказите согласно со рокот утврден во ставот (4) на овој член со решение ќе го одземе овластувањето дадено со решение за овластување на тело за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите од членот 181 став (1) од овој закон.

(6) Решението од ставот (5) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на здружението, фондацијата, установата или другата организација на Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(7) Против решението од ставот (5) на овој член здружението, фондацијата, установата или другата организација на која ѝ било одземено овластувањето за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до надлежен орган за одлучување во втор степен.

(8) Жалбата од ставот (7) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(9) Жалбата од ставот (7) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот за административни услуги по електронски пат во Министерството за економија, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(10) По исклучок на ставовите (6) и (9) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, решението од ставот (5) на овој член и жалбата од ставот (7) на овој член можат да бидат доставени и поднесени и во форма на електронски документи преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до здружението, фондацијата, установата или другата организација, односно до надлежниот орган за одлучување во втор степен, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Заедничка листа на овластени тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите на Европската Унија**

Член 183

Министерството за економија е должно до Европската комисија да доставува ажурирана Листа на овластени тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите, со цел за нејзино вклучување во Заедничката листа на овластени тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите на Европската Унија.

**Обврска за давање на извештаи на овластените тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите**

Член 184

(1) Овластените тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите запишани во Листата на овластени тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите од членот 182 од овој закон се должни на Министерството за економија да му достават годишен извештај за работа, како и годишен финансиски извештај, најдоцна во рок од три месеци од завршувањето на соодветната календарска година.

(2) Овластените тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите ја имаат обврската од ставот (1) на овој член само доколку во календарската година на којашто се однесуваат годишниот извештај за работа и годишниот финансиски извештај спровеле активности финансирани со буџетски средства на Република Северна Македонија.

**Сојуз на здруженија за заштита на правата на потрошувачите**

Член 185

(1) Најмалку три здруженија за заштита на правата на потрошувачите можат да се здружат во сојуз на здруженија за заштита на правата на потрошувачите, со цел за унапредување на заштитата на правата на потрошувачите и за заедничко спроведување на нивните активности.

(2) Сојузите на здруженија за заштита на правата на потрошувачите ги вршат истите активности што ги вршат и здруженијата за заштита на правата на потрошувачи согласно со членот 177 од овој закон.

Оддел 2
СТОПАНСКИ КОМОРИ

**Општи одредби**

Член 186

(1) Стопанските комори како облик на здружување на трговците и како носители на кодекс на однесување спроведуваат активности за заштита на правата на потрошувачите, при што соработуваат со здруженијата за заштита на правата на потрошувачите и со овластените тела за заштита на колективните интереси и права на потрошувачите, а со цел за унапредување на остварувањето на заштитата на правата на потрошувачите.

(2) Стопанските комори во рамки на своите со закон и статут утврдени надлежности спроведуваат дејствија за информирање и едукација на трговците за заштитата на правата на потрошувачите согласно со овој закон и посебните прописи.

**Кодекси на однесување**

Член 187

(1) Министерството за економија, стопанските комори и здруженијата за заштита на правата на потрошувачите се должни да ги поттикнуваат носителите на кодекси на однесување да вршат надзор и да ја следат примената, почитувањето и/или повредата на соодветните кодекси на однесување кои меѓусебно ги потпишале и пристапиле кон нив, со

тоа што контролата на применување на кодексот на однесување е доуредување на заштитата на правата на потрошувачите, а особено во поглед на нечесните трговски практики, на договорите за продажба и договорите за услуги, на договорите на далечина и договорите вон деловните простории на трговецот, на договорите за временски поделена употреба на недвижност, договорите за долгорочен производ за одмор, договорите за препродажба или договорите за размена, како и договорите за снабдување на дигитални содржини и дигитални услуги, вклучувајќи ја и можноста за обраќање или покренување соодветна постапка или барања за правна заштита од страна на овластените тела за заштита на колективните интереси и права на потрошувачите, согласно со одредбите од овој закон.

(2) Министерството за економија, стопанските комори и здруженијата за заштита на правата на потрошувачите се должни да ги поттикнуваат трговците и носителите на кодекси на однесување да ги информираат потрошувачите за нивното постоење и содржина.

Поглавје 3
ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПОТРОШУВАЧОТ

**Заеднички одредби за постапката за остварување на заштита на правата на потрошувачот**

Член 188

Потрошувачот заштитата на своите права може да ја остварува преку:

1) потрошувачки приговор пред трговците;

2) покренување потрошувачки спор во парнична постапка и

3) вонсудско решавање на потрошувачки спор.

Оддел 1
ПОТРОШУВАЧКИ ПРИГОВОР ПРЕД ТРГОВЦИТЕ

**Потрошувачки приговор**

Член 189

(1) Трговецот, односно трговецот кој дава јавна услуга, е должен да му овозможи на потрошувачот поднесување потрошувачки приговор во случаи на повреда на правата на потрошувачот што истиот ги има врз основа на овој закон или на договор.

(2) Трговецот, односно трговецот кој дава јавна услуга е должен да постапува по потрошувачкиот приговор, согласно со овој закон, без оглед дали потрошувачкиот приговор е именуван како таков.

**Обврска за известување**

Член 190

(1) Трговецот, односно трговецот кој дава јавна услуга е должен во своите деловни простории и кога ова е применливо, на својата веб-страница, на јасен, видлив и читлив начин, да истакне дека потрошувачот е овластен да поднесе потрошувачки приговор, како и да ги истакне расположливите начини за поднесување потрошувачки приговор.

(2) Кога трговецот, односно трговецот кој дава јавна услуга, се согласил да биде обврзан со кодекс на однесување, обврската од ставот (1) на овој член ја има и соодветниот носител на кодексот на однесување.

(3) Трговецот кој дава јавни услуги, освен обврската предвидена во ставот (1) на овој член, е должен на испорачаната сметка, на јасен, видлив и читлив начин, да истакне дека потрошувачот е овластен да поднесе потрошувачки приговор за јавните услуги, како и да ги истакне расположливите начини за поднесување потрошувачки приговор за јавни услуги согласно со овој закон.

**Начини на поднесување потрошувачки приговор**

Член 191

(1) Трговецот е должен да му овозможи на потрошувачот да го поднесе својот потрошувачки приговор усно или на хартија, во деловните простории на трговецот, при што е должен да обезбеди и присуство на лице кое е овластено да прима потрошувачки приговори во текот на целото работно време или да го поднесе својот потрошувачки приговор по пошта, факс-уред или електронска пошта.

(2) Трговецот кој дава јавни услуги е должен да му овозможи на потрошувачот да го поднесе својот потрошувачки приговор за јавни услуги и преку телефонската линија по основната тарифа на повикот што, согласно со овој закон, трговците кои даваат јавни услуги се должни да им ја обезбедат на потрошувачите.

(3) Покрај можностите утврдени во ставовите (1) и (2) на овој член, трговецот може преку својата веб-страница да му ја стави на располагање на потрошувачот и опцијата за електронско пополнување и поднесување потрошувачки приговор.

(4) Во случајот од ставот (1) на овој член кога е доставен потрошувачки приговор усно или на хартија во деловните простории на трговецот, истиот е должен на потрошувачот да му издаде, на хартија, потврда за прием на потрошувачкиот приговор без одлагање, при неговото поднесување.

(5) Во случајот од ставот (3) на овој член, трговецот е должен на потрошувачот да му достави потврда за прием на потрошувачкиот приговор на траен носач.

(6) Забрането е трговецот да врши наплаќање за поднесувањето и постапувањето по потрошувачкиот приговор.

**Обврска за одговор на потрошувачки приговор**

Член 192

(1) Трговецот е должен, најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот, да му одговори на потрошувачот на неговиот потрошувачки приговор.

(2) Во одговорот на потрошувачкиот приговор, трговецот е должен да наведе:

1) дали го уважува потрошувачкиот приговор;

2) кратко образложение на својата одлука по потрошувачкиот приговор и

3) каде што е применливо, конкретен предлог за рок за разрешување на потрошувачкиот приговор.

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член не се применуваат во ситуациите кога потрошувачот и трговецот го разрешиле непосредно поднесениот потрошувачки приговор.

**Постапување по потрошувачкиот приговор**

Член 193

(1) Кога трговецот ќе му направи конкретен предлог на потрошувачот за разрешување на потрошувачкиот приговор, е должен за ова да предвиди рок што не може да биде подолг од еден месец од приемот на потрошувачкиот приговор.

(2) Трговецот е должен да постапи во согласност со предлогот за разрешување на потрошувачкиот приговор согласно со ставот (1) на овој член, ако потрошувачот на ова претходно се согласил.

(3) Доколку трговецот не е во можност, од објективни причини, да ги задоволи барањата на потрошувачот во рокот од ставот (1) на овој член, е должен за ова да го извести потрошувачот и да определи дополнителен рок што не може да биде подолг од осум дена од истекот на рокот од ставот (1) на овој член.

(4) Определувањето на дополнителниот рок од ставот (3) на овој член трговецот е должен да го евидентира во евиденцијата на потрошувачки приговори од членот 195 од овој закон.

(5) Определувањето на дополнителниот рок од ставот (3) на овој член трговецот може да го изврши само еднаш.

(6) Трговецот е должен да постапи во согласност со предлогот за разрешување на потрошувачкиот приговор, согласно со ставот (3) на овој член, ако потрошувачот на ова претходно се согласил.

**Факултативност на потрошувачкиот приговор**

Член 194

Поднесувањето потрошувачки приговори и постапувањето по потрошувачки приговор не може да се смета како откажување од мерките и средствата што му се на располагање на потрошувачот за исполнување на неговите права ниту како нивен предуслов или претпоставка.

**Евиденција на потрошувачки приговори**

Член 195

(1) Трговецот за поднесените потрошувачки приговори води евиденција на потрошувачки приговори и истата редовно ја ажурира.

(2) По барање на органите за надзор на пазарот трговецот е должен да достави извод од евиденцијата на потрошувачки приговори од ставот (1) на овој член.

**Посебни одредби за потрошувачки приговори за јавни услуги**

Член 196

(1) Трговците кои даваат јавни услуги во својот состав мора да формираат одделение за потрошувачки приговори за јавни услуги.

(2) Трговците кои даваат јавни услуги се должни, податоците за постоењето и работата на одделението за потрошувачки приговори за јавни услуги од ставот (1) на овој член да ги објавуваат на своите веб-страници најмалку еднаш во шест месеци.

**Други посебни одредби за потрошувачки приговор**

Член 197

(1) Забрането е трговецот со неговите внатрешни правила, општи услови или на кој било друг начин да предвидува дополнителни барања за поднесување на и/или постапување по потрошувачки приговори, освен ако изрично не е поинаку предвидено со овој закон.

(2) Забрането е трговецот, самостојно или преку други субјекти, да огласува, изјавува или на друг начин да соопштува дека на потрошувачите им овозможува поднесување на и/или постапување по потрошувачки приговори според одредби што се различни од одредбите утврдени со овој закон.

(3) Забрането е кој било трет субјект кој не е страна на потрошувачкиот однос да огласува, изјавува или на друг начин да соопштува дека на потрошувачите им овозможува посредување при поднесување на и/или постапување по потрошувачки приговори, освен ако изрично не е поинаку предвидено со овој закон.

Оддел 2
ПОТРОШУВАЧКИ СПОР ВО ПАРНИЧНА
ПОСТАПКА

**Потрошувачки спор**

Член 198

(1) Потрошувачки спор е секој спор што настанува во потрошувачките односи.

(2) Трговците се должни да се обидат потрошувачкиот спор да го решат со договор со потрошувачите, на мирен начин или на некои од начините за вонсудско решавање на потрошувачките спорови.

**Надлежност во поглед на потрошувачки спор**

Член 199

За решавање на потрошувачките спорови се надлежни стварно надлежните судови.

Оддел 3
ВОНСУДСКО РЕШАВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКИ СПОР

**Обем на примена**

Член 200

Вонсудското решавање на потрошувачките спорови го подразбира решавањето на потрошувачки спор врз основа на поднесен потрошувачки приговор или поднесено барање на потрошувач или на овластените тела за заштита на колективните интереси и права на потрошувачите, пред носител на кодекс на однесување, преку медијација, арбитража и на други начини на вонсудско решавање на потрошувачки спорови согласно со посебни прописи.

## Поглавје 4

## ЗАШТИТА НА КОЛЕКТИВНИ ИНТЕРЕСИ И ПРАВА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

### **Обем на примена**

Член 201

(1) Одредбите на овој член и членовите 202, 203, 204, 205, 206, 207 и 208 од овој закон се применуваат во случај на повреда на одредбите од овој закон или од други прописи, а во поглед на налозите со кои што на трговците им се изрекуваат забрани во потрошувачки спор, како соодветни барања за правна заштита во случај на повреда на колективни интереси и права на потрошувачите.

(2) Како повреда на колективните интереси и права на потрошувачите, во смисла на овој закон, се подразбира кое било дејствие што е спротивно со правата на потрошувачите што произлегуваат од:

1) одредбите од овој закон за договорите на далечина и за договорите склучени вон деловните простории на трговецот;

2) одредбите од овој закон за сообразност на стоките и за трговско гарантирање за стоките;

3) одредбите од овој закон за нечесните договорни одредби;

4) одредбите од овој закон за нечесните трговски практики;

5) одредбите од овој закон за договорите за временски поделена употреба на недвижност, за долгорочен производ за одмор, за препродажба и за размена;

6) одредбите од овој закон за договорите за снабдување на дигитални содржини и дигитални услуги;

7) одредбите од Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити, од прописите донесени врз негова основа и од прописите за хипотекарни потрошувачки кредити;

8) одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

9) одредбите за туристичките пакет-аранжмани и поврзаните патнички аранжмани од Законот за туристичката дејност и Законот за облигационите односи;

10) одредбите од Законот за електронска трговија;

11) одредбите од Законот за лековите и медицинските средства;

12) одредбите од Законот за давање на финансиски услуги на далечина;

13) одредбите од Законот за услуги;

14) прописите за вонсудско решавање на потрошувачките спорови;

15) прописите за решавање на потрошувачките спорови по електронски пат (online);

16) прописите за договорите за превоз на патници и/или на багаж;

17) одредбите од Законот за заштита на правата на пациентите;

18) одредбите од Законот против нелојалната конкуренција, освен во поглед на измамничкото огласување и

19) одредбите од други прописи со коишто се уредени посебни права на потрошувачите.

(3) Со одредбите на овој член и членовите 202, 203, 204, 205, 206, 207 и 208 од овој закон не се исклучува правото на потрошувачите да покренат постапка пред надлежен суд за остварување на правата за надоместок на штета, за ништовност на договор или на нечесна договорна одредба, како и поднесување на барање за заштита на нивните права во потрошувачите односи.

(4) Со одредбите на овој член и членовите 202, 203, 204, 205, 206, 207 и 208 од овој закон не се исклучува правото на потрошувачот да поднесе соодветно барање за правна заштита, во смисла на барање за изрекување соодветна забрана на трговецот, а во случај на повреда на неговите поединечни права и интереси, освен кога веќе е во тек постапка по соодветно барање за правна заштита, во смисла на барање за изрекување соодветна забрана на трговецот.

(5) Со одредбите на овој член и членовите 202, 203, 204, 205, 206, 207 и 208 од овој закон не се исклучува примената на меѓународните прописи кои се однесуваат на определувањето на меродавното право коешто, по правило, се применува или правото на државата каде што настанала повредата или правото на државата во која што настанале последиците од повредата.

**Постапување на овластени тела за заштита на колективните интереси и права на потрошувачите**

Член 202

Доколку е настаната повреда на колективните интереси и права на потрошувачите поведувањето на постапка пред надлежен суд или органите за надзор на пазарот го врши овластено тело за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите согласно со посебните прописи.

**Прекугранични повреди**

Член 203

(1) Кога повредата настанала на територијата на Република Северна Македонија, секое овластено тело за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите од друга земја - членка на Европската Унија може да поведе постапка пред надлежен суд или органите за надзор на пазарот во Република Северна Македонија, доколку со повредата се засегнати колективни интереси и права на потрошувачите што тоа тело е овластено да ги штити.

(2) Телата наведени во Заедничката листа на овластени тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите на Европската Унија, согласно со членот 183 од овој закон се овластени за заштита на колективните интереси и права на потрошувачите, во случаите од ставот (1) на овој член.

**Барања за правна заштита во случај на повреда на колективни интереси и права на потрошувачите**

Член 204

(1) Овластените тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите можат во постапка пред надлежен суд или пред органите за надзор на пазарот, покрај барањата утврдени согласно со посебни прописи, да ги постават и следниве барања:

1) за итна забрана или престанување, во итна постапка, на која било повреда;

2) за објавување на соодветен начин и форма на одлуката, во целост или делумно, како и барање за објавување исправка и/или јавно извинување, а за целите на отстранување на понатамошните последици од повредата и

3) за плаќање судски пенали поради евентуално непочитување на одлуката.

(2) Барањата од ставот (1) на овој член можат да бидат поставени во однос на одделен трговец, во однос на повеќе трговци од иста деловна дејност, како и во однос на носител на кодекс на однесување.

(3) Барањата од ставот (1) на овој член можат да бидат поставени само како главни барања, самостојно или покрај други расположливи барања.

(4) Постапката за соодветните барања од ставот (1) на овој член е итна.

**Посебни постапки за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите во однос на нечесните трговски практики**

Член 205

(1) Овластените тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите можат во однос на нечесните трговски практики согласно со одредбите од овој закон да покренат постапка пред надлежен суд или органите за надзор на пазарот и со барање за:

1) забрана на веќе постојна, односно користена нечесна трговска практика;

2) забрана на нечесна трговска практика што сè уште не е користена, но чиешто користење е неизбежно и

3) објавување на соодветен начин и форма на одлуката со којашто се забранува нечесна трговска практика, во целост или делумно, како и барање за објавување исправка и/или јавно извинување.

(2) При оцена на основаноста на соодветните барања од ставот (1) на овој член, во предвид ќе се имаат и интересите на сите засегнати субјекти, како и јавниот интерес.

(3) При оцена на основаноста на соодветните барања од ставот (1) на овој член, не е потребно утврдувањето на постоење на предизвикана штета или на постоење вина, во облик на намера или невнимание, од страна на трговецот.

(4) Расположливоста на соодветните барања од ставот (1) на овој член во однос на постоењето, односно користењето нечесна трговска практика не може да биде условена од живеалиштето или престојувалиштето на потрошувачот, односно од тоа дали живеалиштето или престојувалиштето на потрошувачот се наоѓа во државата на седиштето на трговецот или пак не.

**Посебни постапки за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите во однос за нечесните договорни одредби**

Член 206

(1) Овластените тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите можат во однос на нечесните договорни одредби согласно со одредбите од овој закон да покренат постапка пред надлежен суд или органите за надзор на пазарот и со барање за:

1) утврдување дека одделна договорна одредба што се користи во потрошувачките односи е нечесна и

2) забрана за користење на нечесната договорна одредба.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член, се применува при утврдувањето на нечесноста и забраната за користење нечесни договорни одредби содржани во формуларен или типски (стандарден) договор или во општите услови на договорот.

(3) Барањата за утврдување на нечесноста и за забрана за користење нечесни договорни одредби можат да бидат поставени и во однос на стопанските комори кои на своите членови им наложуваат или препорачуваат користење формуларни или типски (стандардни) договори или општи услови на договорот.

(4) Со одредбите од овој закон не се исклучува можноста овластените тела за заштита на колективните интереси и права на потрошувачите и да поведат соодветна постапка пред одговорните надзорни тела на носителот на кодексот на однесување за примената, почитувањето и/или повредата на колективни интереси и права на потрошувачите, за овие цели.

**Посебни постапки за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите во однос за снабдување со дигитална содржина или дигитална услуга**

Член 207

Овластените тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите можат да покренат постапка пред надлежен суд или органите за надзор на пазарот со барање за остварување на правата на потрошувачите кои произлегуваат од одредбите на членовите 149, 150, 160, 161, 162, 163, 164, 165, 166, 167, 168 и 169 од овој закон.

**Претходни постапки или дејствија**

Член 208

(1) Кои било претходни дејствија или постапки, вклучувајќи ги и оние на медијација, посредување, консултација, преговарање, усогласување, обраќање пред одговорните надзорни тела на носителите на кодексот на однесување и слично, не можат да се сметаат како предуслов или претпоставка за поведувањето постапка за соодветните барања за изрекување соодветни забрани за трговецот.

(2) Секоја спогодба спротивна на одредбата од ставот (1) на овој член е ништовна.

Дел петти
НАДЗОР

Глава 1
НАДЛЕЖНОСТ ЗА НАДЗОР

**Општи одредби**

Член 209

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за економија.

(2) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон кои се однесуваат на постапување на субјектите на надзор при обработка на лични податоци и одредби за движење на личните податоци врши Агенцијата за заштита на личните податоци во согласност со овластувањата од посебните прописи со кои се уредува заштитата на личните податоци.

(3) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за економија - Државниот пазарен инспекторат (во натамошниот текст: Државниот пазарен инспекторат).

(4) Инспекцискиот надзор од Државниот пазарен инспекторат и надзорот на пазарот од органите за надзор на пазарот над спроведувањето на одредбите од овој закон се вршат согласно со Законот за инспекциски надзор и посебните закони.

(5) Инспекторот има право при вршењето на инспекцискиот надзор да побара податок од државен орган или правно лице кое води регистар и тие се должни да соработуваат со инспекторот; да побара присуство на овластено службено лице од органот на државната управа надлежен за внатрешни работи, кое е должно да учествува во спроведувањето на инспекцискиот надзор, како и да побара присуство на службено лице од стручен орган, соодветна организациска единица на општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје, други стручни установи и правни лица, ако за утврдување на битни факти или околности е потребно такво стручно мислење.

Глава 2
ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

**Овластувања на инспекторите**

Член 210

(1) Во вршењето на инспекцискиот надзор инспекторите ги имаат правата, обврските и овластувањата предвидени со овој закон и со посебните прописи каде се утврдени нивните надлежности.

(2) При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторите испитуваат дали трговецот:

1) ги почитува општите обврски во потрошувачките односи согласно со одредбите од членот 6 став (2), членот 7, членот 8 ставови (4), (5) и (7) и членовите 9 и 10 од овој закон;

2) ги означува цените согласно со одредбите од членовите 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 од овој закон;

3) ги почитува обврските при продажни поттикнувања согласно со одредбите од членовите 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28 од овој закон;

4) ги почитува обврските при заеднички понуди на стоки или услуги согласно со одредбите од членовите 29 и 30 од овој закон;

5) ги почитува обврските при плаќањето согласно со одредбите од членовите 31, 32, 33, 34, 35 и 36 од овој закон;

6) ги почитува обврските при предавањето документи и другите поврзани обврски согласно со одредбите од членовите 37, 38 и 39 од овој закон;

7) ги почитува обврските во поглед на одговорност за штета причинета од неисправен производ согласно со одредбите од членовите 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47 и 48 од овој закон;

8) ги почитува општите обврски во поглед на информирање на потрошувачите за услугите согласно со одредбите од членот 50 од овој закон;

9) ги почитува обврските при давање јавни услуги согласно со одредбите од членовите 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64 и 66 од овој закон;

10) ги почитува обврските во поглед на нечесните трговски практики согласно со одредбите од членовите 67, 68, 69, 70, 71, 72, 73, 74, 75, 76, 77 и 78 од овој закон;

11) користи нечесни договорни одредби согласно со одредбите од членовите 79, 80, 81, 82, 83, 84, 85 и 86 од овој закон;

12) ги почитува општите обврски во поглед на договорите за продажба и договорите за услуги согласно со одредбите од членовите 87, 88, 89, 90, 91, 92 и 93 од овој закон;

13) ги почитува обврските во поглед на договорите за продажба согласно со одредбите од членовите 94, 95, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113, 114, 115, 116, 117 и 118 од овој закон;

14) ги почитува обврските во поглед на договорите на далечина и договорите вон деловните простории на трговецот согласно со одредбите од членовите 119, 120, 121, 122, 123, 124, 125, 126, 127, 128, 129, 130, 131, 132 и 133 од овој закон;

15) ги почитува обврските во поглед на договорите за временски поделена употреба на недвижност, за долгорочен производ за одмор, за препродажба и за размена согласно со одредбите од членовите 134, 135, 136, 137, 138, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145, 146, 147 и 148 од овој закон;

16) ги почитува обврските во поглед на договорите за снабдување на дигитални содржини и дигитални услуги согласно со одредбите од членовите 149, 150, 151, 152, 153, 154, 155, 156, 157, 158, 159, 160, 161, 162, 163, 164, 165, 166, 167, 168 и 169 од овој закон и

17) ги почитува обврските во поглед на потрошувачките приговори согласно со одредбите од членовите 189, 190, 191, 192, 193, 194, 195, 196 и 197 од овој закон.

**Опомена и решение**

Член 211

(1) Ако при вршењето на инспекциски надзор инспекторот кај субјектот на инспекцискиот надзор утврди неправилности и недостатоци согласно со членот 210 став (2) точки 1), 2), 3), 4) и 6) од овој закон, за утврдената фактичка состојба, констатираните и утврдените неправилности и недостатоци, забелешки, изјави и други релевантни факти и околности, инспекторот составува писмен записник на местото на вршење на инспекцискиот надзор и со решение изрекува опомена.

(2) Примерокот од записникот од ставот (1) на овој член се доставува на потпишување до субјектот на инспекцискиот надзор над кој е извршен инспекциски надзор. Доколку во рок од осум дена од денот на приемот на записникот, субјектот на инспекцискиот надзор не се произнесе во однос на доставениот записник или не го врати потпишан, се смета дека е согласен со неговата содржина.

(3) Со решението од ставот (1) на овој член, инспекторот определува рок во кој субјектот на инспекцискиот надзор е должен да ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци, при што овој рок не може да биде пократок од 24 часа ниту подолг од 30 дена.

(4) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај кога инспекторот ќе оцени дека утврдените неправилности и недостатоци можат да предизвикаат или предизвикуваат непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето или финансиска штета или штета по имотот од поголема вредност или загрозување на животната средина или загрозување на јавниот интерес, со решение изрекува друга инспекциска мерка, како задолжување, наредба, забрана и друга мерка, доколку е утврдена со посебен закон, со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.

(5) Доколку субјектот на инспекцискиот надзор не постапи по опомената во решението од ставот (1) на овој член во рокот од ставот (3) на овој член, инспекторот со решение изрекува друга инспекциска мерка, како задолжување, наредба, забрана и друга мерка, доколку е утврдена со посебен закон, со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.

(6) Со решението од ставот (5) на овој член, инспекторот определува рок во кој субјектот на инспекцискиот надзор е должен да ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци, при што овој рок не може да биде пократок од 24 часа ниту подолг од осум дена.

(7) За утврдените неправилности од членот 210 став (2) точки 5), 7), 8), 9), 10), 11), 12), 13), 14), 15) и 16) од овој закон, инспекторот со решение ќе му нареди на субјектот на инспекцискиот надзор да изврши враќање на платените износи.

(8) Решенијата од ставовите (1), (4), (5) и (7) на овој член можат да бидат издадени и во форма на електронски документи кои се доставуваат на профилот на субјектот на инспекцискиот надзор на Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(9) Против решенијата од ставовите (1), (4), (5) и (7) на овој член, субјектот на инспекциски надзор може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до надлежен орган за одлучување во втор степен.

(10) Жалбата од ставот (9) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(11) Жалбата од ставот (9) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот за административни услуги по електронски пат во Министерството за економија, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(12) По исклучок на ставовите (8) и (11) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, решенијата од ставовите (1), (4), (5) и (7) на овој член и жалбата од ставот (9) на овој член можат да бидат доставени и поднесени и во форма на електронски документи преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до субјектот на инспекцискиот надзор, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(13) Државниот пазарен инспекторат води евиденција за изречените опомени од ставот (1) на овој член.

(14) Формата и содржината на евиденцијата за изречените опомени од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за економија.

**Обврска за известување**

Член 212

(1) Државниот пазарен инспекторат е должен да подготвува полугодишни извештаи за својата работа и истите да ги објавува на својата веб-страница.

(2) Државниот пазарен инспекторат е должен полугодишните извештаи од ставот (1) на овој член редовно да ги доставува до Советот за заштита на потрошувачите.

## Глава 3
## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Надлежност**

Член 213

(1) За прекршоците предвидени со членот 215 став (1) од овој закон, а во врска со членот 215 ставови (3), (4), (5), (7), (8) и (9) од овој закон прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежниот суд, согласно со Законот за прекршоците.

(2) За прекршоците предвидени со членот 215 став (1) од овој закон, а во врска со членот 215 ставови (2), (6) и (10) од овој закон прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува Министерството за економија, преку Комисија за одлучување по прекршок.

**Критериуми за изрекување глоба за повреда на обврските за начинот на означување на цените, за користење нечесни трговски практики, за користење нечесни договорни одредби и за повреда на обврските кај договорите на далечина и договоритесклучени вон деловните простории на трговецот**

Член 214

При изрекување глоба за повреда на обврските за начинот на означување на цените од членот 21 од овој закон, за користење нечесни трговски практики спротивно на одредбите од членовите 67, 68, 69, 70, 71, 72, 73, 74, 75, 76, 77 и 78 од овој закон, за користење на нечесни договорни одредби спротивно на одредбите од членовите 79, 80, 81, 82, 83, 84, 85 и 86 од овој закон, како и за повреда на обврските кај договорите на далечина и договорите склучени вон деловните простории на трговецот од членовите 119, 120, 121, 122, 123, 124, 125, 126, 127, 128, 129, 130, 131, 132 и 133 од овој закон, надлежниот орган од членот 213 од овој закон ќе води сметка за:

1) природата, тежината, обемот и времетраењето на повредата;

2) активностите што ги преземал трговецот за да ја намали или отстрани штетата што ја претрпеле потрошувачите;

3) претходни повреди на одредбите од членовите 79, 80, 81, 82, 83, 84, 85 и 86 од овој закон што ги направил трговецот;

4) материјалната корист што ја стекнал или загубите што ги избегнал трговецот поради сторената повреда, доколку постојат соодветни податоци за тоа;

5) глобите коишто му се изречени на трговецот за иста повреда во земја-членка на Европската Унија во прекугранични случаи кога за тоа постојат податоци преку механизмот за соработка на надлежни државни органи за спроведување на заштита на потрошувачите и

6) кои било други олеснителни или отежнувачки околности применливи на случајот.

**Прекршоци и глоби**

Член 215

(1) Глоба во соодветен износ утврден во ставовите (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9) и (10) на овој член ќе му се изрече за прекршок на правното лице, доколку:

1) не ги почитува општите обврски во потрошувачките односи согласно со одредбите од членот 6 став (2), членот 7, членот 8 ставови (4), (5) и (7) и членовите 9 и 10 од овој закон;

2) ги означува цените спротивно на одредбите од членовите 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 од овој закон;

3) не ги почитува обврските при продажни поттикнувања согласно со одредбите од членовите 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28 од овој закон;

4) не ги почитува обврските при заеднички понуди на стоки или услуги согласно со одредбите од членовите 29 и 30 од овој закон;

5) не ги почитува обврските при плаќањето согласно со одредбите од членовите 31, 32, 33, 34, 35 и 36 од овој закон;

6) не ги почитува обврските при предавањето документи и другите поврзани обврски согласно со одредбите од членовите 37, 38 и 39 од овој закон;

7) не ги почитува обврските во поглед на одговорност за штета причинета од неисправен производ согласно со одредбите од членовите 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47 и 48 од овој закон;

8) не ги почитува општите обврски во поглед на обврски за информирање на потрошувачите за услугите согласно со одредбите од членот 50 од овој закон;

9) не ги почитува обврските при давање јавни услуги согласно со одредбите од членовите 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64 и 66 од овој закон;

10) врши дејствија на нечесна трговска практика спротивно на одредбите од членовите 67, 68, 69, 70, 71, 72, 73, 74, 75, 76, 77 и 78 од овој закон;

11) користи нечесни договорни одредби согласно со одредбите од членовите 79, 80, 81, 82, 83, 84, 85 и 86 од овој закон;

12) склучува договори за продажба или договори за услуги спротивно на одредбите од членовите 87, 88, 89, 90, 91, 92 и 93 од овој закон;

13) не ги почитува обврските во поглед на договорите за продажба согласно со одредбите од членовите 94, 95, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113, 114, 115, 116, 117 и 118 од овој закон;

14) кај договорите на далечина или договорите вон деловните простории на трговецот постапува спротивно на одредбите од членовите 119, 120, 121, 122, 123, 124, 125, 126, 127, 128, 129, 130, 131, 132 и 133 од овој закон;

15) кај договорите за временски поделена употреба на недвижност, за долгорочен производ за одмор, за препродажба или за размена постапува спротивно на одредбите од членовите 134, 135, 136, 137, 138, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145, 146, 147 и 148 од овој закон;

16) кај договорите за снабдување на дигитални содржини и дигитални услуги постапува спротивно на одредбите од членовите 149, 150, 151, 152, 153, 154, 155, 156, 157, 158, 159, 160, 161, 162, 163, 164, 165, 166, 167, 168 и 169 од овој закон и

17) не ги почитува обврските во поглед на потрошувачките приговори согласно со одредбите од членовите 189, 190, 191, 192, 193, 194, 195, 196 и 197 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое е микротрговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое е мал трговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое е среден трговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(5) Глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое е голем трговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(6) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е микротрговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(7) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е мал трговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(8) Глоба во износ од 350 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е среден трговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(9) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е голем трговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(10) Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице, односно на трговецот-поединец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

**Посебни прекршочни санкции и мерки**

Член 216

(1) На правното лице од членот 215 ставови (3), (4) и (5) од овој закон за прекршоците од членот 215 став (1) од овој закон ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност во траење од три месеци до две години, од страна на надлежен суд.

(2) На правното лице од членот 215 став (2) од овој закон за прекршоците од членот 215 став (1) од овој закон ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност во траење од 15 до 30 дена, од страна на Комисијата за одлучување по прекршок.

(3) На одговорното лице во правното лице од членот 215 ставови (7), (8) и (9) од овој закон за прекршоците од членот 215 став (1) од овој закон ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење на професија, дејност или должност во траење од три месеци до една година, од страна на надлежен суд.

(4) На одговорното лице во правното лице од членот 215 став (6) од овој закон и на физичкото лице, односно на трговецот-поединец од членот 215 став (10) од овој закон за прекршоците од членот 215 став (1) од овој закон ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење на професија, дејност или должност во траење од 15 до 30 дена, од страна на Комисијата за одлучување по прекршок.

(5) За прекршоците од членот 215 став (1) од овој закон, на правното лице, на физичкото лице, односно на трговецот - поединец, ќе му се изрече и посебна мерка одземање на предмети.

**Постапка за издавање прекршочен платен налог**

Член 217

(1) За прекршоците од членот 215 став (1) од овој закон, инспекторот ќе спроведе постапка за издавање прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(2) Државниот пазарен инспекторат води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на постапките за издавање прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(3) Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за економија.

**Соодветна примена на Законот за прекршоците**

Член 218

Во однос на одмерувањето на прекршочните санкции и другите прашања што не се опфатени со одредбите од овој закон, соодветно се применуваат одредбите на Законот за прекршоците.

Дел шестти
ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Рокови за донесување прописи**

Член 219

(1) Подзаконските прописи утврдени со овој закон треба да се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До денот на влегувањето во сила на подзаконските прописи од ставот (1) на овој член ќе се применуваат прописите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Временска примена**

Член 220

(1) Одредбите од овој закон нема да се применуваат врз потрошувачките односи што настанале до денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Одредбите од овој закон за одговорноста за неисправен производ нема да се применуваат на производите ставени во промет до денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Продолжување на работата на Советот за заштита на потрошувачите**

Член 221

Советот за заштита на потрошувачите формиран согласно со Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија" број 38/2004, 77/2007, 103/2008, 24/11, 164/13, 97/15, 152/15 и 140/18) ќе продолжи со работа согласно со одредбите од овој закон до истекот на мандатот на членовите на Советот.

**Одложна примена на одредбите за електронско управување, електронски услуги, електронски документи, електронска индентификација и доверливи услуги**

Член 222

Одредбите од членот 180 ставови (2), (4) и (5) од овој закон, членот 181 ставови (4), (7) и (8) од овој закон, членот 182 ставови (6), (9) и (10) од овој закон и членот 211 ставови (8), (11) и (12) од овој закон ќе започнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Одложна примена на одредбите за дополнителни активности за обезбедување квалитет на услугите, за Заедничка листа на овластени тела за заштита на колективните интереси и права на потрошувачите на Европската Унија и за прекуграничните повреди**

Член 223

Одредбите од членот 51 ставови (3), (4) и (5) од овој закон, членот 183 од овој закон, членот 203 од овој закон и членот 214 точка 5) од овој закон ќе започнат да се применуваат од денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

**Престанок на важењето на одредбите за електронско управување, електронски услуги, електронски документи, електронска индентификација и доверливи услуги**

Член 224

Одредбите од членот 180 ставови (2), (4) и (5) од овој закон, членот 181 ставови (4), (7) и (8) од овој закон, членот 182 ставови (6), (9) и (10) од овој закон и членот 211 ставови (8), (11) и (12) од овој закон престануваат да важат со пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

**Престанок на важењето на Законот**

Член 225

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија“ број 38/2004, 77/2007, 103/2008, 24/11, 164/13, 97/15, 152/15 и 140/18).

**Влегување во сила**

Член 226

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.